РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1302-1630/7
13.10.2014 година

# ФИНАЛЕН ДОКУМЕНТ ЗА ТРЕТА АНАЛИЗА НА ПАЗАР 9 – ТЕРМИНАЛНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ И ПАЗАР 10- ПРЕНОСНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

СКОПЈЕ 03.10.2014

# Содржина:

1. Вовед ..... 7

2. Правна основа за анализа на пазар 9 - Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10 - Преносни сегменти на изнајмени линии ..... 7

3. Цели за спроведување на анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии ..... 8

4. Постапка на анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии ..... 8

5. Нотифицирани оператори ..... 10

6. Информации и финансиски податоци ..... 11

7. Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата ..... 12

8. Дефиниции ..... 13

9. Дефинирање на пазар 9 - Терминални сегменти на изнајмени линии и 10- Преносни сегменти на изнајмени линии ..... 14

10. Дефинирање на релевантни услуги ..... 16

11. Проценка на супституција на страната на побарувачката и на страната на понудата ..... 20

12. Дефинирање на услуги на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии 21

12.1 Супституција на страна на побарувачката за терминални сегменти на изнајмени линии – малопродажба ..... 21

12.1.1 Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво ..... 22

12.1.2 Дали услугата традиционални дигитални изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво ..... 23

12.1.3 Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво ..... 25

12.1.4 Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет е составен дел на истиот релевантен пазар ..... 26

12.2 Супституција на страна на понудата за терминални сегменти на изнајмени линии – малопродажба ..... 27

12.3 Заклучок ..... 29

12.4 Супституција на страна на побарувачката на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии – големопродажба ..... 30

12.4.1 Каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии ..... 30

12.4.2 Дали се смета услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија ... 32

12.4.3 Влегува ли во релевантниот пазар услугата на традиционални дигитални изнајмени линии и услугата на изнајмена линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија која операторите ја пружаат преку сопствената пристапна инфраструктура, односно за сопствени потреби ... 34

12.5 Супституција на страна на понудата на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии – големопродажба ... 36

12.6 Заклучок ... 39

13. Дефинирање на услуги на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии ... 40

13.1 Супституција на страна на побарувачката на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии – малопродажба ... 40

13.1.1 Аналогни изнајмени линии ... 41

Коментар на оператор ВИП: ... 42

Вип оператор се согласува ... 42

13.1.2 Традиционални дигитални изнајмени линии ... 42

Коментар на оператор ВИП: ... 43

13.1.3 Асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) ... 43

13.1.4 Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет е составен дел на истиот релевантен пазар ... 44

13.2 Супституција на страна на понудата за преносни сегменти на изнајмени линии – малопродажба ... 45

13.3 Заклучок ... 47

13.4 Супституција на страна на побарувачката на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии – големопродажба ... 48

13.4.1 Каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии ... 49

13.4.2 Дали се смета услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија ... 51

13.4.3 Влегува ли во релевантниот пазар услугата на традиционални дигитални изнајмени линии и услугата на изнајмена линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија која операторите ја пружаат преку сопствената пристапна инфраструктура, односно за сопствени потреби ... 53

13.5 Супституција од страна на понудата на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии - големопродажба ... 54

13.6 Заклучок ... 55

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. 56

Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.14. Проценка на географскиот пазар за големопродажните пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии 56

14. Проценка на географскиот пазар за големопродажните пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии 57

14.1 Дефиниција на географскиот пазар за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии .. 60

АЕК го дефинира географскиот пазар за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии на територијата на цела Република Македонија, а докази за поддршка на ова тврдење се: 60

15. Три критериум тест – големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии 61

15.1 Прв критериум - Присуство на високи и постојани бариери за влез кои што можат да бидат од структурирана, правна или регулаторна природа 62

15.2 Втор критериум - Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамки на релевантен временски период 65

15.3 Трет критерум - Недоволност на Законот за конкуренција (во услови на непостоење на ex-анте регулација) за регулирање на релевантниот пазар 70

15.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии 72

16. Три критериум тест – големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии 74

16.1 Прв критериум - присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа 75

16.2 Втор критериум - Степенот на конкурентност не земајќи ги во предвид бариерите за влез 79

16.3 Трет критерум - Недоволност на Законот за конкуренција ( во услови на непостоење на ex-анте регулација) за регулирање на релевантниот пазар 83

16.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми 85

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложението е дадено погоре 85

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложението е дадено погоре 86

17. Заклучок од дефинирањето на релевантниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии. 87

17.1 Дефинирање на услугите кои припаѓаат на овој релевантен пазар 87

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложението е дадено погоре 88

АЕК одговор: Коментарот се прифаќа. Станува збор за техничка грешка и текстот ќе биде соодветно корегиран. 89

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Објаснувањето се однесува на дефинираните услуги кои се предмет на овој релевантен пазар. 89

18. Анализа на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии.... 90

18.1 Контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно 91

18.2 Недостатокот на компензациска куповна моќ 91

18.3 Економија на интеграција 92

18.4 Економија на обем 93

18.5 Степенот на вертикална интеграција ... 94
19 Конкурентни проблеми кои влијаат на нарушување на конкуренција на пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии ... 95
19.1 Вовед ... 95
19.2 Пазарна димензија ... 95
19.2.1 Вертикално пренесување на моќ ... 95
19.2.2 Хоризонтално пренесување на моќ ... 96
19.2.3 Поединечна значителна пазарна моќ ... 96
19.2.4 Завршување ... 97
19.3 Конкурентни проблеми во пазарите за терминални сегменти на изнајмени линии ... 97
19.3.1 Одбивање на договор/ одбивање на интерконекција ... 98
19.3.1 Дискриминаторска употреба или задржување на информации ... 99
19.3.2 Тактики на пролонгирање ... 100
19.3.3 Неоправдани барања ... 100
19.3.4 Дискриминација на ценовна основа ... 101
19.3.5 Субвенционирање ... 101
19.4 Заклучоци од постоење на конкуренција на релевантниот пазар ... 102
20. Определување на оператори со значителна пазарна моќ – големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии ... 103
21. Отповикување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ – големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии ... 103
22. Продолжување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ – големопродажен пазар за терминирани сегменти на изнајмени линии ... 105
Обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства ... 105
Обврска за транспарентност при интерконекција или пристап ... 106
Обврска за недискриминација при интерконекција или пристап ... 106
Обврска за посебно сметководство при интерконекција или пристап ... 106
Контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци ... 106
Заклучок ... 107

**Слики:**

Слика 1 Преносен медиум на изнајмена линија ... 16
Слика 2 Преносни технологии за изнајмени линии ... 17
Слика 3 Изнајмени линии во големопродажба ... 18

Слика 4 Граница на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии ........ 19
Слика 5 Граница помеѓу терминални и преносни сегменти на изнајмени линии ........ 31
Слика 6 Приказ на два терминални сегменти и преносен сегмент ........ 33
Слика 7 Опис на услуга дел од изнајмена линија ........ 33
Слика 8 Граница помеѓу терминални и преносни сегменти на изнајмени линии ........ 50
Слика 9 Приказ на два терминални сегменти и преносен сегмент ........ 51
Слика 10 Опис на услуга дел на изнајмена линија ........ 52
Слика 11 Изнајмени линии вкупно (големопродажба) ........ 80

**Табели:**

Табела 1 Листа на нотифицирани субјекти за услугата изнајмени линии ........ 10
Табела 2 Точки на присуство на МКТ за услугата изнајмени линии ........ 20

## 1. Вовед

Донесувањето на Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и 23/2013) (во понатамошниот текст ЗЕК) во февруари 2005 претставува иницијален момент за процесот на либерализација на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. Во месец Февруари 2014 година донесен е Законот за електронските комуникации, објавен во Службен Весник бр.39/2014, кој е усогласен со регулаторната рамка на Европската Комисија од 2009 година.

На 14 Јуни 2013 година Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) на својата веб страна објави дека во согласност со програмата за работа за 2013 година започнува со трета анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии.

АЕК ги повика сите заинтересирани субјекти да доставаат мислења, забелешки и ставови во однос на овој Финалендокумент. Рокот за доставување на коментарите и забелешките е 30 дена од неговото објавување на веб страната на АЕК. Согласно член 13 од Законот за електронските комуникации АЕК ќе ги објави добиените мислења и коментари, како и ставот на АЕК по однос на истите, при што доверливите информации и податоци нема да бидат објавени. Информациите и податоците кои имаат ознака „строго доверливо" ќе имаат таков третман во АЕК со почитување на доверливоста на истите и ќе се користат единствено од страна на вработените на АЕК, за потребите за кои се побарани и нема да бидат објавени или дистрибуирани во други регулаторни тела.

Овој документ ги презентира заклучоците на АЕК од аспект на дефинирање на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии, анализа на истиот врз основа на податоци и финансиски информации низ критериумите согласно член 76 и 77 од ЗЕК при одредување дали наведениот релевантен пазар е конкурентен или има оператор/и кој самостојно или заедно со други оператори има доминантна позиција, односно поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар, определување на оператор со значителна пазарна моќ на горенаведениот релевантен пазар и определување на обврски на оператор/ и со значителна пазарна моќ на анализираниот пазар.

## 2. Правна основа за анализа на пазар 9 - Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10 - Преносни сегменти на изнајмени линии

АЕК согласно ЗЕК во рамките на својот делокруг на работа промовира поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија, обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот на електронски комуникации, унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникации со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи притоа применувајќи регулаторни начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност, и тоа особено преку промовирање на регулаторна предвидливост со обезбедување на доследен регулаторен пристап во соодветни периоди на проверка и обезбедување дека, во слични околности, нема дискриминација во третманот на операторите кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги. АЕК исто така заради

остварување на целите на ЗЕК спроведува наметнување на претходни регулаторни обврски само доколку нема ефикасна и одржлива конкуренција и повлекување на истите доколку се утврди постоење на ефикасна и одржлива конкуренција, со примена на принципот на транспарентност притоа овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата.

a. АЕК согласно ЗЕК и подзаконските акти, во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, обезбедува услови за ефикасна конкуренција и со тоа овозможува еднакво делување на операторите на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија.

b. АЕК анализата на релевантниот пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии ја прави во согласност со ЗЕК, подзаконските акти донесени врз негова основа, Одлуката за релевантни пазари[1] и Методологијата за анализа на релевантни пазари изготвена од страна на АЕК земајќи ги во предвид основните напатствија од Европската комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно ЕК регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги[2].

## 3. Цели за спроведување на анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии

Основната цел за спроведување на анализа на овој пазар е да се дефинира пазарот и услугите кои се обезбедуваат на истиот, да се определат операторите кои делуваат на овој пазар, да се определи дали на пазарот има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

## 4. Постапка на анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии

Постапката за определување на оператори со значителна пазарна моќ во областа на електронските комуникации се состои од четири основни чекори:

- Дефинирање на релевантниот пазар- АЕК врши проценка на релевантните производи и услуги кои се обезбедуваат на релевантните големопродажни пазари за изнајмени линии.
- Анализа на релевантниот пазар– АЕК ја спроведува анализата на релевантниот пазар во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во рамките оваа фаза се утврдува дали на пазарот има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој

[1] Одлука за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр.02-5015/1 од 23.09.2010 и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр.02-2010/2 од 15.04.2011 година

[2] Commission guidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community/regulatory framework for electronic communications networks and services (OJ of the EC C 165/6 from 11.07.2002)

поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар.

- Определување на оператор со значителна пазарна моќ- согласно член 82 став (1) од ЗЕК доколку АЕК врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека на тој пазар нема доволно ефективна конкуренција, таа има обврска да одлучи кој или кои оператори имаат значителна пазарна моќ на тој пазар во согласност со членот 76 ставови (1) и (2) од ЗЕК.
- Определување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ на релевантните големопродажни пазари за изнајмени линии во насока на обезбедување на фер и целосна конкуренција на пазарот. На операторот кој е определен како оператор со значителна пазарна моќ согласно член 82 став (1), АЕК може да му наметне, продолжи или измени некои од постоечките обврски согласно ЗЕК, кои треба да бидат базирани на природата на идентификуваниот проблем и да бидат пропорционални и оправдани, а во насока на исполнување на регулаторните цели и начела од член 7 од ЗЕК.

Преку анализа на релевантен пазар се утврдува фактичката, моменталната состојба на пазарот во која тој се наоѓа, но едновремено анализата претставува и средство преку кое се предвидува како ќе се развива пазарот во наредниот период (forward looking пристап). Пазарот за електронски комуникации има динамичен развој. Со респект на динамиката, АЕК и понатаму ќе го следи развојот на пазарот за електронски комуникации, а од тука и големопродажните пазари за изнајмени линии. Релевантните пазари ќе бидат предмет на повторно разгледување во определен временски период, кој не може да биде подолг од три години, во согласнот со член 81 од ЗЕК.

## 5. Нотифицирани оператори

Заклучно со 01.05.2014 година во службената евиденција на АЕК нотифицирани оператори за обезбедување на услугата за изнајмени линии во малопродажба или големопродажба се следните дадени во табелата:

**Табела 1 Листа на нотифицирани субјекти за услугата изнајмени линии**

| Р. бр | Назив |
|---|---|
| 1 | ДАСТО ДООЕЛ Скопје |
| 2 | НЕОТЕЛ ДОО Скопје |
| 3 | БАЛКАНТЕЛ ДОО Скопје |
| 4 | ОНЕ ДОО Скопје |
| 5 | АКТОН ДООЕЛ Скопје |
| 6 | ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово |
| 7 | НЕТ-КАБЕЛ ДООЕЛ Струмица |
| 8 | ГИВ ДОО Гостивар |
| 9 | ФИЛАДЕЛФИЈА 2002 ДООЕЛ Кочани |
| 10 | ИТВ НЕТ ДОО Скопје |
| 11 | БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје |
| 12 | ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје |
| 13 | МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ Скопје |
| 14 | МОЛ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје |
| 15 | СОФТНЕТ ЕУ ДООЕЛ Скопје |
| 16 | ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО Скопје |
| 17 | Македонски Телеком АД Скопје |
| 18 | МАН ТЕХНОЛОЏИ- ТЕЛЕКОМ ДОО Скопје |
| 19 | БУЛГАРТЕЛ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје |
| 20 | ЕУРОНЕТ КОНТРОЛ ДОО Скопје |
| 21 | ТЕЛЕКС ДОО увоз-извоз Скопје |
| 22 | ТРАНС БАЛКАН ТЕЛЕКОМ ДООЕЛ Скопје |
| 23 | МИКРО КОНЕКТ ДООЕЛ Скопје |
| 24 | ПАНТЕЛ ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Скопје |
| 25 | ИЦТ-НЕТ ДООЕЛ експорт-импорт Дебар |
| 26 | ШЕПРОМ-БЕЛА експорт-импорт ДООЕЛ Кичево |
| 27 | ФИКАБ ДОО увоз-извоз Тетово |

Од погоренаведените следните оператори се активни на малопродажниот пазар и обезбедуваат услуги за изнајмени линии:

1. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје
2. НЕОТЕЛ ДОО Скопје
3. БАЛКАНТЕЛ ДОО Скопје
4. АКТОН ДООЕЛ Скопје
5. ОНЕ ДОО Скопје
6. ГИВ ДОО Гостивар
7. НЕТ-КАБЕЛ ДООЕЛ Струмица
8. БУЛГАРТЕЛ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје

Додека во големопродажба услуги за терминални и преносни сегменти на изнајмена линија обезбедуваат следните оператори:

1. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје
2. МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ Скопје
3. ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО Скопје
4. ТЕЛЕКС ДОО Скопје
5. ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово
6. ТРАНС БАЛКАН ТЕЛЕКОМ ДООЕЛ Скопје
7. ФИКАБ ДОО увоз-извоз Тетово
8. ВИП оператор Скопје

Овде е многу важно да се напомене дека не сите оператори прикажани погоре во моментот (пресек 31.12.2013) имаат корисници на изнајмена линија. Меѓутоа, во периодот што го опфаќа оваа анализа истите во определени квартални извештаи прикажале или сеуште прикажуваат корисници. Сите горенаведени оепратори се нотифицирани во АЕК дека обезбедуваат услуги на изнајмени линии.

## 6. Информации и финансиски податоци

Во постапката на спроведување на анализа на релевантни пазари, а со цел да се утврди степенот на конкурентност, АЕК користи информации и финансиски податоци од документацијата доставена до АЕК согласно член 55 – Доставување на податоци и информации од ЗЕК, врз основа на Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и за анализа на пазар и начинот на нивното објавување од 03.09.2013 год и Упатството за формата, содржината и начинот на доставување на Извештај за вкупен годишен приход на оператор или давател на услуга остварен со употреба на јавни комуникациски мрежи и давање на јавни комуникациски услуги од 07.03.2011 год а врз основа на квартална или годишна обврска за доставување како и останата документација доставена до АЕК.

## 7. Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата

Согласно член 79, 80, 81 и 82 од ЗЕК при спроведување на анализа на релевантните пазари,преиспитување на утврдени релевантни пазари на производи и услуги како и определување на оператор со значителна пазарна моќ, АЕК соработуваше со Комисијата за заштита на конкуренцијата, која со допис бр. 03-193/2 од 13.08.2014 година, го даде следното:

**Мислење**

Комисијата за заштита на конкуренција е согласна со начинот на кој се дефинирани релевантните пазари во Финалниот документ за трета анализа на Пазар 9 – Терминални сегменти на изнајмени линии и Пазар 10 – Преносни сегменти на изнајмени линии.

Комисијата за заштита на конкуренција исто така е согласна со проценета на Агенцијата за електронски комуникации дека Македонски Телеком АД Скопје е претпријатие кое поседува значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии (Пазар 9) и истовремено се согласува со продолжување на обврските за Македонски Телеком АД Скопје како оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии на територијата на Република Македонија.

Во однос на релевантниот големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии (Пазар 10), Комисијата за заштита на конкуренцијата е согласна со ставот на Агенцијата за електронски комуникации за отповикување на досегашните обврски на операторот со значителна пазарна моќ бидејќи не се исполнети трите кумулативни услови од три критериум тестот за претходна „ex-ante” регулација на овој релевантен пазар, а кој тест беше спроведен од Агенцијата за електронски комуникации.

**8. Дефиниции**

Електронска комуникациска мрежа е преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства вклучително мрежни елементи што не се активни, а кои што овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат.

Електронска комуникациска услуга е услуга што вообичаено се нуди за надомест, а која целосно или главно се состои од пренос на сигнали преку електронски комуникациски мрежи и ги вклучува телекомуникациските услуги и преносните услуги во мрежите наменети за емитување или реемитување на програмски содржини, но ги исклучува услугите кои овозможуваат или извршуваат уредувачка контрола врз содржините кои се пренесуваат со помош на електронските комуникациски мрежи или услуги, а не ги вклучува ниту услугите на информатичкото општество кои целосно или делумно не се состојат од пренос на сигнали преку електронски комуникациски мрежи.

Јавна електронска комуникациска мрежа е електронска комуникациска мрежа која целосно или поголемиот дел од неа се користи за обезбедување на електронски комуникациски услуги достапни на јавноста и кои го поддржуваат преносот на информации помеѓу мрежни завршни точки.

Јавна електронска комуникациска услуга е електронска комуникациска услуга достапна на јавноста.

Оператор е физичко лице кое врши дејност или правно лице кое обезбедува или има намера да обезбедува јавна електронска комуникациска мрежа и/или услуги како и придружни средства, врз основа на доставена нотификација и добиена потврда за регистрација од Агенцијата за електронски комуникации.

Корисник е физичко или правно лице кое користи или бара јавна електронска комуникациска услуга, а во смисла на одредбите од Глава осумнаестта од ЗЕК, корисник е физичко лице кое користи јавна електронска комуникациска услуга, за приватни или деловни цели, при што не мора да биде претплатено за тие услуги.

Краен корисник е корисник кој нема јавна комуникациска мрежа или не обезбедува јавна комуникациска услуга.

## 9. Дефинирање на пазар 9 - Терминални сегменти на изнајмени линии и 10- Преносни сегменти на изнајмени линии

Дефинирањето на релевантните пазари 9 и 10 е првиот чекор во спроведувањето на анализата на истите. Согласно Одлуката на Агенцијата за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација донесена од Директорот на Агенцијата од 23.09.2010 и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација донесена исто така од Директорот на Агенцијата од 03.03.2011 год, утврдени се 14 релевантни пазари на производи и услуги на пазарот за електронски комуникации од кои 3 припаѓаат на малопродажба а 11 пазари се однесуваат на големопродажба на производи и услуги. Исто така како релевантен географски пазар на пазарот на електронските комуникации утврдена е територијата на Република Македонија.

Релевантни пазари за продажба на производи и услуги на мало и големо кои се предмет на оваа анализа се големопродажен пазар 9 - Терминални сегменти на изнајмени линии и големопродажен пазар 10 - Преносни сегменти на изнајмени линии. Воедно разграничувањето на терминалните и преносни сегменти зависи од топологијата на мрежата на операторот која е специфична за секоја земја а за тоа одлучува релевантното национално тело.

За подетално дефинирање на овие пазари АЕК изврши проценка на:

- Проценка на релевантните производи и услуги
- Проценка на супституцијата на страната на побарувачката
- Проценка на супституцијата на страната на понудата
- Проценка на географскиот пазар.

Процедурите за дефинирање на релевантен пазар и производи и услуги кои се обезбедуваат на истиот, овозможуваат на постепен начин да се идентификува постоењето на ограничувања за влез и проблеми со конкурентноста на одреден пазар. Согласно Европските препораки и основните напатствија на Европската Комисија за спроведување на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно ЕК регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги, истите имаат две димензии - пазарна и географска димензија. Земајќи ги предвид овие начела се спроведуваат и анализите на погореспоменатите релевантни пазари.

**Пазарна димензија** - релевантен пазар на производ или услуга ги содржи сите производи и услуги кои што се доволно меѓусебно заменливи со други производи или услуги, не само од аспект на нивните објективни карактеристики туку и од аспект на цените, нивната намена за користење, од состојбата на условите за конкуренција и структурата на понудата и побарувачката на производот кој што е предмет на дефинирањето. Појдовна точка за дефинирање на производ или услуга на релевантен пазар е одредувањето на супституција на страна на побарувачката и одредување на супституција на страна на понудата.

- супституција на страна на побарувачката - постои кога на пазарот има два или повеќе производи/услуги кои од аспект на крајниот корисник се меѓусебно заменливи врз основа на карактеристиките, цената и доменот на употребливост,

- супституција на страна на понудата - постои кога понудувачите на производи и услуги кај кои не постои заменливост со производите и услугите на другите понудувачи, а како

реакција на мала промена на цена во краток рок можат да го насочат нивното производство или дистрибуција и да понудат производи и услуги кои што претставуваат супститут на производите и услугите кај кои настанала промената на цената.

АЕК во постапката за дефинирање на релевантните пазари ја разгледуваше супституцијата на производите и услугите на релевантните пазари на двете страни, и на страна на побарувачката и на страна на понудата, имено понудата и побарувачката се двата основни дела на еден пазар- тие се комплементарни во функционирање.

Нашироко применет метод за одредување кои се производи и услуги треба да бидат опфатени во анализата на еден релевантен пазар од аспект на супститутивност е примената на Хипотетичкиот монополистички тест[3]. Овој тест испитува дали е можно за еден хипотетички дефиниран монополист на одреден пазар да оствари профит применувајќи мало но значајно долготрајно зголемување на цената [4] ( 5 – 10% ) на претпоставеното ниво на цена на пазар, а со претпоставка останатите цени на пазарот да останат непроменети. Потоа се одредува ефектот на ценовното зголемување и се одредува севкупниот ефект врз приходот на производителот кој што се јавува како резултат на зголемување на цената.

**Дефинирање на географски пазар** - основната цел е да се определи географската лимитираност на хомогеност на условите за конкуренција за релевантниот производ или услуга, земајќи ги во предвид критериумите за супституција на страна на понудата и супституција на страна на побарувачката. Хомогеност на условите за конкуренција значи дека во определено географско подрачје, во дадена временска рамка, провладуваат речиси идентични легални, економски и технички услови.

Согласно член 3 од Одлуката на АЕК за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација, релевантен географски пазар на пазарот на електронските комуникации е територијата на Република Македонија. Врз основа на тоа, но земајќи ги предвид и новонастанатите пазарни состојби АЕК во оваа анализа повторно ќе го разгледува географскиот пазар.

---

3 Hipothetical Monopolist Test ( HMT)

4 SSNIP – small but significant non-transitory increase in price

**10. Дефинирање на релевантни услуги**

Во Република Македонија согласно информациите што ги поседува АЕК, нотифицирани субјекти кои што ја информирале АЕК дека ќе ги обезбедуваат услугите за преносни и терминални сегменти на изнајмени линии се наведени во точка 5 – Нотифицирани оператори. Операторите ИЦТ-НЕТ ДООЕЛ експорт-импорт Дебар и ШЕПРОМ-БЕЛА експорт-импорт ДООЕЛ Кичево согласно нотификацијата планираат да отпочнат со обезбедување на услугите за изнајмени линии во 2014 година и со тоа нема да бидат предмет на оваа анализа.

Во ЗЕК, поимот изнајмена линија е дефиниран како: „Изнајмена линија е електронско комуникациско средство што му овозможува на корисникот транспарентно преносно поврзување меѓу мрежни приклучни точки без можност за автоматско рутирање и комутација од страна на корисникот, како дел од можностите на изнајмените линии;"

Според тоа услугата изнајмена линија претставува електронска комуникациска услуга со која се доделува постојан пристап/врска помеѓу две мрежни приклучни точки, при што изнајмената линија се доделува на корисникот на ексклузивна основа и на корисникот му овозможува загарантиран симетричен (двонасочен) преносен капацитет и истовремен пренос на информации. Дополнителна карактеристика на изнајмена линија е недостаток на комутација, односно корисникот нема било какви контролни опции на располагање.

Во зависност од локацијата на мрежните приклучни точки (краевите на изнајмената линија) разликуваме: национална изнајмена линија (двете мрежни приклучни точки се во РМ) и национален дел на меѓународна изнајмена линија (само една мрежна приклучна точка е во РМ).

Услугата на изнајмена линија може да се разликува по следните карактеристики:

- брзина на пренос,
- гарантиран квалитет на услуга,
- оддалеченост помеѓу мрежните приклучни точки, како и според намената (пр. услугата се користи за поврзување на мрежи, за изградба на сопствена мрежа или пак за давање пристап на крајните корисници).

Услугата на изнајмена линија може да биде имплементирана преку различни преносни медиуми и со помош на различни преносни технологии. На следната слика се дадени преносните медиуми:

**Слика 1 Преносен медиум на изнајмена линија**




Технологијата на комутација на канали се користи за имплементација на традиционалните дигитални изнајмени линии при што медиумот за пренос по правило е оптички кабел (PDH, SDH) или бакарна парица ((S)HDSL). Преносните технологии со комутација на пакети се следните: Ethernet, IP/MPLS,

Frame Relay и ATM. Заради подобро искористување на постоечката инфраструктура може да се користи и комбинација на некои од овие преносни технологии (на пр. Ethernet преку SDH или Ethernet преку IP/MPLS итн.). На следната слика се дадени преносните технологии кои се користат во пристапни и преносни мрежи при давање на услугата на изнајмена линија:

**Слика 2 Преносни технологии за изнајмени линии**




Видовите на интернет пристап кои обезбедуваат комутациска функционалност на барање без разлика на видот на технологијата што се користи за конектирање (на пр. xDSL, коаксијален кабел – CATV, WLAN) не спаѓаат во изнајмени линии.

Изнајмените линии се користат од крајни корисници за поврзување на локации или за воспоставување на приватни мрежи, како и од оператори како големопродажна услуга за обезбедување на комуникациски услуги на корисниците на малопродажно ниво. Оттука, малопродажната и големопродажната услуга може фундаментално да се дефинираат во паралела.
Според Explanatory note C(2007) 5406, операторот корисник ја користи услугата на изнајмена линија на големопродажно ниво за да ја изгради својата мрежа или за да дава услуги на крајни корисници. Според тоа, опеараторите ја користат услугата на изнајмена линија на големопродажно ниво за следните потреби:

- давање на услуга на изнајмена линија на сопствени крајни корисници (изнајмена линија до краен корисник),
- поврзување на мрежи (интерконекциски линк, транзитна линија),
- изградба (надградба) на сопствена мрежа (линија за поврзување на сопствени мрежни елементи на операторот, линија за поврзување на сопствени комутациски центри на операторот).

На следната слика се прикажани видови на изнајмени линии кои операторите ги користат на големопродажно ниво во зависност од намената:

**Слика 3 Изнајмени линии во големопродажба**




Според тоа, големопродажната услуга на изнајмени линии не е значајна само за обезбедување на услугата на изнајмена линија на малопродажно ниво, туку и за обезбедување на останатите електронски комуникациски услуги на малопродажно ниво: јавно достапн телефонски услуги во мобилни и фиксни мрежи, услуги за пренос на податоци, услуги за широкопојасен пристап на интернет, ВПН и др. Затоа, големопродажната услуга на изнајмена линија е важен предуслов за развој на пазарот на електронски комуникации и во голем дел придонесува за развој на преносните и пристапните електронски комуникациски мрежи на целата територија на државата.

На големопродажно ниво може да се направи разлика помеѓу пазарот за преносни сегменти од една страна и пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии од друга страна. Границата помеѓу пазарот за преносни сегменти и пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии не е јасно дефинирана, односно зависи од топологијата на мрежата која е специфична за секоја држава. Поради тоа, земајќи ја во предвид постоечката состојба со мрежите на операторите може да се дефинира точната поделба на пазарите..

Во Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии (Сл. Весник на РМ бр.132/2012) се дадени следните дефиниции:

- Терминиран сегмент на изнајмена линија претставува линк од корисник на операторот-корисник кој бара обезбедување на изнајмена линија до точката на присуство на преносната мрежа на изнајмени линии на Операторот. Операторот-корисник овој вид на изнајмена линија може да го користи за да

понуди малопродажни услуги на корисници на други оператори или да го користи за свои сопствени потреби;

- Преносен сегмент на изнајмена линија претставува линк помеѓу две точки од преносната мрежа на изнајмени линии на Операторот. Операторот-корисник овој вид на изнајмена линија може да го користи за да понуди малопродажни услуги на корисници на други оператори или да го користи за свои сопствени потреби;

Врз основа на мрежата на Македонски Телеком АД Скопје во „Финалниот документ за моделот за Изнајмени линии, изнајмување на кабелски канал и Dark Fibre (Deloitte, 16 Октомври 2012)" се дадени следните дефиниција за големопродажни терминални и преносни сегменти на изнајмени линии (WLL):

**Слика 4 Граница на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии**




**Терминалниот сегмент** претставува дел од големопродажна изнајмена линија (WLL) кој го покрива локалниот завршеток на мрежата (од крајниот корисник до разделникот или попрецизно, терминалниот и влезниот (feeder) сегментот на пристапната мрежа) и терминираната мрежа (дел од преносната и мрежата на кабли од разделникот до најблиската точка на присуство во мрежата на Македонски телеком). Причината за вклучувањето на терминираната мрежа во терминалниот сегмент на големопродажната изнајмена линија е бидејќи точката на присуство на Македонски Телеком АД Скопје не е позиционирана на сите главни разделници (MDF). Воедно за да се овозможи конекција, мора да се поврзе растојанието помеѓу главниот разделник (MDF) и точката на присуство (PoP).

**Преносен сегмент** претставува дел од големопродажна изнајмена линија (WLL) кој ја покрива Преносната мрежа (преносната и мрежата на кабли која се користи за да се поврзат две точки на присуство (POP) во мрежата на Македонски Телеком).

Географските локации на Точките на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа од објавената референтна понуда на Македонски Телеком за изнајмени линии се следните:

**Табела 2 Точки на присуство на МКТ за услугата изнајмени линии**

| | Град | Адреса на телекомуникацискиот центар |
|---|---|---|
| 1 | Куманово | 11-ти Октомври бб |
| 2 | Штип | Кузман Јосифовски – Питу бб |
| 3 | Кочани | Маршал Тито бб |
| 4 | Струмица | Маршал Тито бб |
| 5 | Велес | Благој Ѓорев 1 |
| 6 | Тетово | Илинденска бб |
| 7 | Гостивар | Илинденска 35 |
| 8 | Кичево | Маршал Тито бб |
| 9 | Охрид | Македонски просветители бб |
| 10 | Битола | Рузвелтова бб |
| 11 | Прилеп | Ѓорче Петров бб |
| 12 | Скопје | Орце Николов бб |
| 13 | Скопје Н.Лисиче | Видое Смилески – Бато бб |
| 14 | Скопје Карпош | Никола Русински бб |
| 15 | Скопје Чаир | Кемал Сејфула бб |

Според тоа големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии ги опфаќа изнајмените линии на релациите помеѓу горенаведените локации, додека пак големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии ги опфаќа изнајмените линии од горенаведените точки на присуство до мрежните завршни точки до крајните корисници.

Прашање бр. 1– Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

## 11. Проценка на супституција на страната на побарувачката и на страната на понудата

11.1 Со одлуката на АЕК за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација бр. 02-5015/1 од 23.09.2010 год, се утврдени големопродажниот пазар за Терминални сегменти на изнајмени линии или Пазар 9 и големопродажниот пазар за Преносни сегменти на изнајмени линии дефиниран како Пазар 10 како пазари на кои ќе биде спроведена ex ante регулација.

11.2 При проценката дали услугите се обезбедуваат на ист релевантен пазар АЕК ќе утврди во која мера крајните корисници се одлучуваат да ги користат овие услуги, како и во која мера корисниците на услугата за изнајмени линии може да најдат супститут на истата. Терминот краен корисник се однесува на секој кој користи услуга за сопствени потреби, според тоа поимот не вклучува корисници кои ја користат услугата како понуда за другите компании (институции, банки, оператори) што го претставува малопродажниот пазар на услугата за изнајмени линии. Додека обезбедувањето на услугите за изнајмени линии со цел поврзување и трансфер на податоци и сообраќај помеѓу

електронските комуникациски мрежи кога операторите ги користат овие услуги се дефинира како големопродажен пазар за услуги за изнајмени линии.

**12. Дефинирање на услуги на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии**

## 12.1 Супституција на страна на побарувачката за терминални сегменти на изнајмени линии – малопродажба

Терминот „изнајмени линии„ се однесува на фиксни телекомуникациски постојани врски кои обезбедуваат симетричен капацитет помеѓу две точки. Изнајмените линии во малопродажба најчесто се користени од бизнис сегментот и тоа најчесто за поврзување на свои филијали и подружници или за обезбедување на пристап до интернет, додека изнајмените линии во големопродажба најчесто ги користат операторите на електронски комуникациски мрежи со цел да обезбедат малопродажни услуги до крајните корисници или да поврзат делови од сопствената мрежа.

Крајните корисници користат пакети на услугата изнајмени линии преку различни преносни технологии како што се:

- LAN (Ethernet);
- бизжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH);
- бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH);
- аналогна изнајмена линија;
- бакар, оптика- (структурирана/64 Kbps);
- бакар, оптика- (структурирана/2 Mbps);
- wimax;
- друго.

На малопродажниот пазар се обезбедува услугата изнајмени линии со различен преносен капацитеот и треба да се утврди дали различниот преносен капацитет е составен дел на истиот пазар.

При утврдување на супституција од страна на побарувачката на малопродажно ниво како основа за утврдување на супституција или назначување на границите на малопродажниот пазар идентификувани се следните прашања:

- *Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво;*
- *Дали услугата традиционални дигитални изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво;*
- *Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво;*
- *Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет се смета за составен дел од истиот релевантен пазар*

Коментар на ВИП оператор:

Имајќи ги во предвид постојните пазарни околности и расположливи технологии/протоколи кои се користат во рамки на изнајмените линии, Вип оператор предлага проширување на Анализата и со останати технологии преку кои крајните корисници користат пакети на услугата изнајмени линии. Конкретно, предлагаме вклучување и на "DWDM" оптичката технологија/медиум за пренос, тргнувајќи од фактот дека на пазарот покрај Ethernet/MPLS/VLAN/SDH постои можност и за изнајмување на засебна бранова должина (ламбда) во рамки на "DWDM" систем. Исто така, во оваа насока, предлагаме вклучување во Анализата и на инфраструктурни елементи на основа на кои се обезбедуваат изнајмени линии, и тоа особено оптичка инфраструктура од која е дел и т.н. dark fibre услуга.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Услугата темно оптичко влакно (или неискористено влакно "dark fiber") е веќе регулирана големопродажна услуга на пазар 7 – Физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен), додека услугата "DWDM" оптичката технологија/медиум за пренос е услуга која не се користи никаде, особено на овој релевантен пазар.

### 12.1.1 Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво

При разгледување дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво, АЕК ги споредуваше изнајмените линии кои што се обезбедуваат преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS со преносен капацитет ( брзина) која е споредлива со преносниот капацитет кој ја овозможува услугата аналогни изнајмени линии.

Аналогната изнајмена линија обезбедува поврзување на две физички одалечени локации на кои корисникот има инсталирано своја опрема и првенствено е наменета за пренос на говорни телефонски сигнали,но истата може да се користи и за други типови сообраќај,како пренос на факс преку директна линија, поврзување на одалечени локали на PBX централи, пренос на податоци во говорен опсег. Со зголемувањето на растојанието помеѓу корисничките локации кои се поврзуваат доаѓа до слабеење на сигналот, дел од националните изнајмени линии се реализираат преку мултиплексни системи за пренос, кои го компензираат слабеењето на линијата. Компензирањето кај локалните и националните изнајмени линии со поголемо растојание се врши со инсталирање на модеми кај крајниот корисник.

Во зависност од корисничката опрема која што треба да се поврзе, аналогната изнајмена линија се реализира преку една или две бакарни парици.

Изнајмените линии обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS технологијата овозможуваат поголема флексибилност во обезбедувањето на услугите бидејќи овозможуваат брзина на пренос на податоци поголема од 64 kbit/s, додека аналогни изнајмени линии првенствено биле наменети за говор, но, исто така, поддржуваат пренос на податоци со мала брзина, помеѓу 40 и 50 kbit / s со користење на модем.

Иако може да се смета дека аналогните изнајмени линии и изнајмените линии со преносен капацитет од 64 kbit/s преку Ethernet преносна технологијата и IP/MPLS технологијата се супститути, според информациите со кои располага АЕК овие изнајмени линии скоро и да не се побарувани од

корисниците на пазарот. Постојат одреден број на аналогни изнајмени линии кои ги има операторот со значителна пазарна моќ и кои се константни низ одреден период. Меѓутоа не може да се заклучи дека оваа услуга по својата природа и функционалност би се движела нагоре и би растел нејзиниот пазарен удел.

Имајќи ја во предвид брзината на преносот и фактот дека крајните корисници ги сметаат за супститут аналогните изнајмени линии со новите преносни технологии, АЕК не ги смета аналогните изнајмени линии за супститут на услугите изнајмени линии обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP / MPLS технологијата на малопродажно ниво затоа што IP / MPLS технологијата овозможува поголема брзина на пренос на податоци и има различна корисничка опрема споредбено со аналогната изнајмена линија која првично била наменета за пренос на говорни телефонски сигнали.

Прашање бр. 2 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

Коментар на ВИП оператор:

Вип оператор смета дека услугата традиционална аналогна изнајмена линија во ниеден случај не може да се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво. Имено, дел од услугите можеби можат да бидат остварени преку Етернет и/или IP/MPLS, со користење на соодветна терминална опрема, но сепак не е супститут.

Оттука, како одговор на **прашаље 2**, посочуваме дека Вип оператор се согласува со констатацијата на Агенцијата за електронски комуникации утврдена во точка 12.1.1.

## 12.1.2 Дали услугата традиционални дигитални изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво

Традиционални дигитални изнајмени линии претставуваат изнајмени линии добиени преку PDH, SDH или (S) HDSL преносна технологија. Во моментов, на малопродажно ниво се регулирани само традиционалните дигитални линии, а не и Ethernet и IP / MPLS линиите. Процентуалното учество на традиционалните дигитални изнајмени линии на малопродажниот пазар изнесува 13,29% на крајот на 2013 год. Овде припаѓаат изнајмените линии (структурирани) со брзина од 64 кбит/с и 2 мбит/с преку бакарна или оптичка мрежа.

Затоа, имајќи ги во предвид тековните потреби на крајните корисници може да се заклучи дека традиционалните дигитални линии претставуваат супститут на Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии односно традиционалните дигитални линии, исто така, можат да ги задоволат сите денешни потреби на крајните корисници. Со оглед на ваквите функционалности на традиционалните дигитални линии, може да се заклучи дека крајните корисници ги сметаат традиционалните дигитални линии за функционално еквивалентни со Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии.

Според АЕК во периодот кој го опфаќа оваа анализа, не може да се очекува побарувачката на крајните корисници значително да се зголеми, поради ограничениот пазар и ограничените потреби на крајните корисници. Според тоа со процентуалното учество што го поседуваат на пазарот и функционалните

карактеристиките истите сеуште претставуваат конкурент на изнајмените линии преку Ethernet и IP/MPLS.

Од горенаведеното може да се заклучи дека АЕК ги смета традиционалните дигитални изнајмени линии за супститут на услугата изнајмени линии преку Ethernet пренос на технологија и IP / MPLS технологија на малопродажно ниво.

| Прашање бр. 3 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |
|---|

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор најпрво би се осврнал на констатацијата на Агенцијата од точка 12.1.2 дека изнајмените линии обезбедени преку Ethernet и IP / MPLS не се предемет на регулација иако учеството на традиционалните дигитални изнајмени линии - DLL (кои се предемет на регулација) на малопродажниот пазар изнесува 13,29%.

Доколку, на ова се надодадат и заклучоците за тоа дека крајните корисници ги сметаат традиционалните дигитални линии за функционално еквивалентни со Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии, како и дека традиционалните DLL претставуваат конкурент на изнајмените линии преку Ethernet и IP/MPLS, за Вип оператор останува нејасно која е причината што регулацијата не се однесува генерално на изнајмените линии независно од начинот и технологијата на пренос на податоците врз истите, туку се ограничува само врз традиционалните DLL чие пазарно учество е се помало и без очекувања за раст поради застарената и ограничувачка технологија која се користи (SDH, PDH, HDSL).

Оттука, како одговор на прашаље 3, иако може да се полемизира околу целосната супстиуција и/или компатабилност помеѓу традиционалните DLL и оние обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS (ова пред се од аспект на битските брзини (преносниот капцитет), различниот начин на пренос и/или комутација, како и цената (помал капацитет за повисоки цени) кои се ограничувачки карактеристики на традициналните DLL во однос на напредните изнајмени линии обезбедени со напредна Ethernet преносна технологија и IP/MPLS), сметаме дека традиционалните линии може да се сметаат во значителна мера за супститут на услугата изнајмени линиии кои се обезбедуваат преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво, што пак дава сосем оправдана основаност да се прошири регулацијата и врз изнајмени линиии кои се обезбедуваат преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво.

Ова, дополнително го темелиме на работењето на Вип оператор, кога традиционалните DLL ги користиме само во случаи кога нема техничка можност на страна на Македонски телеком за добивање на Ethernet изнајмена линија. Тековните потреби на Вип оператор не се насочени кон традиционални дигитални изнајмени линиии. Напротив, секаде каде во овој момент се користи таква линија, истата со помош на модеми е конвертирана во Ethernet. Така, уште повеќе сметаме дека Ethernet и IP/MPLS базираните изнајмени линии ќе станат подостапни и применливи преку услови регулирани поприфатливи услови и пониски трошковно ориентирани цени, а не по оние кои се наметнати од страна на пазарот со значителна пазарна моќ на овој пазар.

АЕК одговор:

Според констатацијата во анализата традиционалните изнајмени линии претставуваат супститут и се дел од ист пазар со изнајмените линии обезбедени со напредна Ethernet преносна технологија и

IP/MPLS) преносна технологија, меѓутоа Агенцијата одлучи истите да не бидат опфатени со регулација од причина што овој вид на услуга од технички аспект е веќе опфатен во новата анализа на релевантниот пазар 8 – услуги со широк опсег, каде е наметната големопродажна услуга за виртуелно развзрзување или VULA. Од таа причина нема потреба од дополнителна регулација на услуга што веќе еднаш ќе биде регулирана.

### 12.1.3 Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво

Покрај услугата изнајмени линии со пониска брзина, крајните корисници можат, во зависност од нивните потреби, да користат и асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL). Услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) се обезбедува со поголема брзина во насока кон корисникот (eng. downstream) а со помала брзина во насока кон давателот на услугата (eng. upstream) со што брзината на пренос зависи од технологијата, како и од должината на парицата. Услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) е погодна за употреба на интернет и мултимедијални услуги кои бараат поголем преносен капацитет при дојдовен сообраќај, а понизок преносен капацитет при појдовен сообраќај.

Воедно, асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) е спротивна на функционалните карактеристики што ги опишува услугата изнајмени линии која подразбира иста брзина на дојдовниот и појдовниот преносен капацитет.

Покрај тоа, услугата изнајмени линии е наменета за големи претпријатија, чија бизнис комуникација е врз основа на потребата од постојан пристап на интернет меѓутоа уште поважно услуга за пренос на податоци со големи брзини.

Предност на пристапот до изнајмените линии се: големата брзина на пренос на податоци, безбедност, максимална сигурност, еднаков пристап до поголем број корисници, и можноста за поврзување на компјутерот со интернет пристап.

Следствено на тоа, асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) не претставува соодветен супститут на услугата изнајмени линии преку Ethernet преносна технологијата и IP / MPLS преносна технологија.

| |
|---|
| Прашање бр. 4 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор смета дека услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) зависно од потребите за капацитет, во некои случаи може да се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво. Вип оператор смета дека истото не може да се смета за генерален заклучок, бидејќи примената на услугата зависи од потребите, односно не сите имаат потреба за симетричен пренос или за многу големи брзини. Вип оператор смета дека овие предности се однесуваат и за асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) односно не само за пристап до изнајмени линии.

Имено, доколку не постои потреба за некоја голема брзина или за симетрична брзина во "UL" и "DL" насока, изборот нема да прави голема разлика.

Оттука, како одговор на прашање 4, посочуваме дека Вип оператор делумно се согласува со констатацијата на Агенцијата за електронски комуникации утврдена во точка 12.1.3.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Делумно се согласуваме со Вашата забелешка. Но треба да се има предвид дека од аспект на природата на услугата за изнајмена линија посоодветно е асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) е спротивна на функционалните карактеристики што ги опишува услугата изнајмени линии која подразбира иста брзина на дојдовниот и појдовниот преносен капацитет. Покрај тоа, услугата изнајмени линии најчесто е користена од бизнис единици (претпријатија), чија деловна комуникација е врз основа на потребата од постојан пристап на интернет меѓутоа уште поважно услуга за пренос на податоци со еквивалентни големи брзини во два правци.

## 12.1.4 Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет е составен дел на истиот релевантен пазар

Во периодот опфатен со истражувања во Република Македонија биле користени преносни брзини на услугата изнајмени линии на малопродажно ниво со следните брзини во зависност на технологијата:

- Преку Ethernet / IP / MPLS преносна технологија - од 64 kbit / s до 1 Gbit / s,

- Преку традиционалните дигитални изнајмени линии - 64 Kbit / s до 155 Mbit / s

Со оглед на тоа дека на малопродажно ниво се обезбедува услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет, потребно е да се утврди дали изнајмените линии со различниот преносен капацитет се составен дел на истиот релевантен пазар. Според АЕК заменливоста на изнајмените линии со различен преносен капацитет може да се разгледува преку функционална и ценовна заменливост.

Разгледувајќи ја функционалната заменливост, корисникот има можност наместо линија со поголем капацитет да земе повеќе линии со помал капацитет и да го одржи истиот квалитет на услугата. Земајќи во предвид дека корисникот може да земе една линија со поголем капацитет или повеќе линии со помал капацитет при што квалитетот на услугата останува непроменет, АЕК заклучува дека во согласно со критериумот на функционална заменливост различните преносни капацитети може да се сметаат како дел од истиот пазар.

Од доставените податоци од Македонски Телеком може да се види дека со порастот на преносниот капацитет на линијата цената по единица преносен капацитет опаѓа, така да цената на секој поголем преносен капацитет расте но не на линеарно ниво. Така на пример цената на изнајмена линија со преносен капацитет од 100 Mbit/s не е 10 пати поголема од цената на изнајмена линија со преносен капацитет од 10 Mbit/s, туку само 4 пати поголема. Според тоа, во случај на хипотетичко зголемување на цената на изнајмена линија за определен преносен капацитет, корисникот ќе го замени со изнајмена линија со следниот преносен капацитет, со оглед на тоа во зависност од зголемувањето на цената за поголем преносен капацитет ќе плаќа слична па дури и пониска цена по единица преносен капацитет.

Понатаму, поради значајните разлики во цените помеѓу изнајмените линии со мали и големи преносни капацитети не постои еднаква заменливост помеѓу изнајмените линии со мали и големи преносни капацитети. Меѓутоа, потребно е да се утврди дали постои непрекината врска на заменливост односно супституција помеѓу постоечките услуги за да се утврди дали спаѓаат во еден ист пазар, односно во овој случај треба да се утврди дали постои непрекината врска на заменливост односно супституција помеѓу понудените преносни капацитети на изнајмени линии. Кај преносен капацитет на традиционални дигитални изнајмени линии постои голема разлика во преносниот капацитет помеѓу понудените изнајмени линии и тоа помеѓу изнајмените линии со преносен капацитет од 2Mbit/s и 34 Mbit/s и 155 Mbit/s. Меѓутоа со воведувањето на IP / MPLS изнајмени линии постои непрекината врска на заменливост односно супституција со оглед на широката понуда на преносни капацитети, поради што АЕК смета дена не е потребно да се изврши поделба на пазарот во зависност на преносниот капацитет на изнајмени линии.

Понатаму, АЕК истакнува дека не е потребно да се прави посебна поделба односно посебни пазари за различни преносни капацитети на изнајмени линии бидејќи структурата на секој пооделен пазар би била слична со структурата на целиот пазар.

Од горенаведеното може да се заклучи дека со оглед на функционалните и ценовни карактеристики АЕК смета дека изнајмените линии за сите преносни капацитети меѓусебе се заменливи односно се составен дел на ист малопродажен пазар па според тоа не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар според преносниот капацитет на изнајмените линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 5 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува со направената анализа и изнесените заклучоци во рамки на точка 12.1.4. Сметаме дека повеќе од потребно е изнајмените линии да не се делат според преносниот капацитет на изнајмените линии, независно дали станува збор за релативно помали преносни капацитети обезбедени со традиционалните DLL (до 155 Mbps) или пак за поголеми преносни капацитети обезбедни преку Ethernet/IP/MPLS преносна технологија (поголеми од 1 Gbps).

Овие аспекти, уште еднаш одат во прилог на тоа, дел од регулираните услуги да бидат и изнајмени линии со значително поголеми преносни капацитети од капацитетите на традиционалните DLL, што е единствено можно со вклучување и на Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии во рамки на релевантните регулирани пазари.

Следствено предалагаме листата на изнајмени линии дадени во Точка 17 да се прошири и со Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии и со преносни капацитети кои надминуваат 155 Mbps.

## 12.2 Супституција на страна на понудата за терминални сегменти на изнајмени линии – малопродажба

Супституција на страна на понудата на малопродажно ниво постои во случај кога операторот кој не ја обезбедува услугата на малопродажба за која се оценува дали постои супституција на малопродажно ниво, во случај на хипотетичко зголемување на малопродажната цената на услугата на операторот со значителна пазарна моќ, истиот започне да ја обезбедува.

Услугата за изнајмени линии на малопродажно ниво не би можела да се обезбеди за краток временски период од причина што, доколу операторот не поседува сопствена инфраструктура до крајниот корисник, трошоците за градежни работи и други останати трошоци, би биле значително големи што би спречило брз влез на пазарот како и искористување на поволностите од зголемување на цените за таа услуга.

Понатаму, АЕК ја разгледува супституцијата од страна на понудата на услугата која претставува составен дел на релевантниот пазар. Со оглед на тоа дека АЕК во делот на супституција од страна на побарувачката заклучи дека одредени услуги не претставуваат составен дел на релевантниот пазар, АЕК смета дека за овие одредени услуги не е потребно да се разгледува супституција од страна на понудата. Воедно ќе се разгледува супституција од страна на понудата само за оние услуги кои претставуваат супститут на страна на побарувачката.

Бидејќи во основа овој пазар го чинат традиционалните дигитални изнајмени линии, изнајмените линии преку етернет преносната технологија и IP/MPLS преносна технологија, потребно е да се утврди постоењето на нивна меѓусебна супституција на страната на понудата на малопродажниот пазар на терминални сегменти на изнајмени линии. Поточно, АЕК смета како е едноставно да се заменат етернет изнајмените линии и IP /MPLS линиите со традицоналните дигитални линии (и обратно) со оглед на тоа што трошокот на нивна замена не е висок.

Понатаму, АЕК во делот на супституција на страна на побарувачката заклучи дека изнајмените линии за сите преносни капацитети претставуваат супститут едни на други па треба да се утврди дали претставуваат супститут и на страна на понудата.

На страната на понудата е многу важно дали како последица на мало но подолготрајно зголемување на цената на изнајмената линија од страна на еден оператор би се појавиле други играчи кои би понудиле иста или слична услуга. Земајќи ги во предвид традиционалните дигитални изнајмени линии Македонски Телеком како единствен понудувач на пазарот би можел да направи корекција на цената и тоа би имало одговор кај останатите оператори да се појават како обезбедувачи но само преку користење на мрежата на Македонски Телеком. Или поради утврдената супституција помеѓу оваа услуга и услугата за изнајмени линии преку етернет или IP/MPLS преносна технологија, операторот би можел да се одлучи да ја обезбеди преку нив. На малопродажниот пазар се присутни сите споменати технологии. Според тоа може да се заклучи дека постои заменливост на страната на понудата помеѓу изнајмените линии кои се обезбедуваат преку споменатите технологии.

АЕК смета дека операторот што веќе обезбедува преносен капацитет со одредена брзина, без некој значаен дополнителен трошок може да започне да обезбедува изнајмени линии и со други преносни брзини преку користење на Ethernet и IP/MPLS технологиите. АЕК ги смета сите преносни капацитети составен дел на истиот малопродажен пазар така да не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар према преносни капацитети на изнајмени линии.

Прашање бр. 6 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

Коментар на оператор ВИП:

Во врска со наведеното во став 7 од точка 12.2, Вип оператор најпрво смета дека операторот може да започне да обезбедува изнајмени линии и со други преносни брзини, но во рамки на техничките можности на веќе инсталираната опрема или инфраструктура. При големо зголемување на побарувачката, ова не е случај.

Дополнително, Вип оператор се согласува со констатацијата дека од аспект на понудата сите преносни капацитети се составен дел на истиот малопродажен пазар при што не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар според преносни капацитети или битски брзини на изнајмени линии.

Уште еднаш потенцираме дека оваа констатација е во прилог на нашите предлози дел од регулираните услуги да бидат и изнајмени линии со значително поголеми преносни капаицитети од капацитетите на традиционалните DLL, што е единствено можно со вклучување и на Ethernet /IP/MPLS изнајмените линии во рамки на релевантните регулирани пазари.

## 12.3 Заклучок

Врз основа на анализата за постоење на супституција на страната на побарувачката и понудата на малопродажниот пазар на изнајмени линии АЕК заклучува дека повеќе постои супституција помеѓу изнајмените линии и тоа:

- изнајмена линија која се обезбедува преку LAN (Ethernet) технологија
- изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH)Бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/64 Kbps, 2 Mbps, 34 Mbps и 155 Mbps (бакар, оптика)
- Во понатамошниот текст на големопродажните пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии ќе биде разгледувано постоењето на супституција тргнувајќи од утврдената супституција на малопродажниот пазар на изнајмени линии.

Прашање бр. 7 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

Коментар на оператор ВИП:

Имајќи ги во предвид погореднаведените коментари, ставот на Вип оператор е дека постои делумна до целосна супституција, која важи при повеќето услови и пазарни околности.

Таквата супститувност од аспект на технологија и преносни капацитети посочуваме дека треба да се разгледува од аспект на потребата од проширување на типовите на терминални изнајмени линии на малопродажно ниво кои се предмет на регулација, со вклучување и на Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

## 12.4 Супституција на страна на побарувачката на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии – големопродажба

Предмет на овој дел од анализата е релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии а понатаму во текстот ќе биде објаснета и супституција од страна на побарувачката за големопродажба за преносни сегменти на изнајмени линии. Во понатамошниот дел од оваа анализа АЕК врз основа на националните специфичности и собраните податоци преку прашалник ќе ги утврди границите на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии. Воедно, операторот кој обезбедува електронски комуникациски услуги до крајните корисници во зависност од топологијата и степенот на развиеноста на сопствената мрежа, може да ја обезбедува и услугата преносни сегменти на изнајмени линии.

При утврдување на супституција од страна на побарувачката на големопродажно ниво како основа за утврдување на супституција или назначување на границите на големопродажниот пазар идентификувани се следните прашања:

- Каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии;
- Дали се смета услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија;
- Влегува ли во релевантниот пазар услугата на традиционални дигитални изнајмени линии и услугата на изнајмена линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија која операторите ја пружаат преку сопствената пристапна инфраструктура, односно за сопствени потреби;

### 12.4.1 Каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии

Во овој дел при утврдување на супституција од страна на побарувачката на големопродажно ниво, АЕК ќе утврди каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии. Поделбата на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии е важна за утврдување на границата на пазарот како и за тоа да се утврди дали постои или не постои функционална пазарна конкуренција.

Согласно техничките карактеристики, преносни сегменти на изнајмени линии претставува дел од големопродажна изнајмена линија (WLL) како завршен сегмент на мрежата (мрежата од крајниот корисник до разделникот и од разделникот до најблиската точка на присуство во мрежата на операторот со значителна пазарна моќ). Причината за вклучувањето на мрежата од разделникот до најблиската точка на присуство во мрежата на операторот со значителна пазарна моќ во терминалниот сегмент на големопродажната изнајмена линија е бидејќи точката на присуство на операторот со значителна пазарна моќ не е позиционирана на сите главни разделници (MDF). За да се овозможи конекција, мора да се поврзе растојанието помеѓу главниот разделник (MDF) и точката на

инетрконекција (POI). За потребите на оваа анализа, границата помеѓу терминални и преносни сегменти е утврдена замајќи ја во предвид мрежата на Македонски Телеком кој беше со претходната анализа прогласен за оператор со значителна пазарна моќ на пазарот за терминални и преносни сегменти. Воедно и во моделот за големопродажните изнајмени линии, изнајмување на кабелски канали и неискористени оптички кабли (dark fiber) изработен од страна на консултантската куќа Делоит – Загреб направена е истата поделба на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии, односно одредена е границата помеѓу нив.

Од друга страна пак преносен сегмент на изнајмена линија претставува линк помеѓу две точки од преносната мрежа на изнајмени линии на Операторот.

**Преносен сегмент** претставува дел од големопродажна изнајмена линија (WLL) кој на сликата е претставен како преносен сегмент во рамките на скелетната мрежа на изнајмени линииа (мрежата на кабли која се користи за да се поврзат две точки на интерконекција (POI) во мрежата на инкумбент операторот). Мрежните компоненти кои се вклучени во преносен сегмент се:

- Почетно MUX (заедно со линиска картичка)
- Кабли за основната мрежа (заедно со ровови и кабелски канал) помеѓу две точки на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа
- Активна опрема на основната мрежа помеѓу две точки на присуство ( PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа
- Крајно MUX (заедно со линиска картичка)

Операторот-корисник овој вид на изнајмена линија може да го користи за да понуди малопродажни услуги на корисници на други оператори или да го користи за свои сопствени потреби.

**Слика 5 Граница помеѓу терминални и преносни сегменти на изнајмени линии**




Во случај на изнајмени линии на големопродажно ниво кои операторот корисник ги користи за сопствени потреби ( изградба на сопствена мрежа, поврзување на мрежа) за терминиран сегмент се смета и делот на изнајмена линија помеѓу локацијата на операторот корисник и најблиската точка на

присуство на операторот кој што ја изнајмува линијата. Треба да се има во предвид дека објаснувањето погоре се однесува на традиционалните дигитални изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 8 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

За цели на прецизност, Вип оператор ја предлага наведената измена.

- Почетна MUX терминална/завршна/активна опрема (заедно со линиска картичка)
- Крајна MUX терминална/завршна/активна опрема (заедно со линиска картичка)

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа –Дефиницијата за преносен сегмент на изнајмена линија е одредена согласно Финален Документ за развој на трошковен модел за пресмека на цени за големопродажните услуги на изнајмени линии, изнајмување на кабелски канал и неискористено оптичко влакно од 25.10.2012 година изработен од страна на АЕК заедно помош на конултантски услуги од Делоите Загреб. Методологијата што е развиена со развојот на моделот е сеуште на важност.

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор смета дека оваа констатација е валидна само за традиционалните DLL, додека во случајот на Ethernet / IP / MPLS изнајмените линии (во моментот обезбедувани од страна на Македонски телеком на комерцијална основа со т.н. "Метро етернет понуда"), топологијата, а со тоа и сегментацијата на мрежата не е идентична како опишаната.

Имајќи ги во предвид нашите заложби за регулирање и на терминалните и преносните сегменти на изнајмени линии обезбедени преку Ethernet/IP/ MPLS и на големопродажно ниво, предлагаме Агенцијата да изврши соодветна корекција како на оваа констатација така и на сликата 5.

АЕК одговор: Коментарот се прифаќа. Направено е соодветно дополнување дека објаснувањето се однесува само на традиционалните DLL.

## 12.4.2 Дали се смета услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија

Доколку операторот кој сака да поврзе две точки во целиот сегмент за некој негов голем краен корисник а нема сопствената мрежа, истиот би можел да користи услуга од два терминални сегменти и преносен сегмент кој би соодвествувал со големопродажната услуга за изнајмени линии.

**Слика 6 Приказ на два терминални сегменти и преносен сегмент**




Сепак во зависност од топологијата и развиеноста на сопствената мрежа операторот може да користи поединечни големопродажни услуги на изнајмени линии. Од друга страна пак операторот кој има доволно развиена мрежа може да ја користи и услугата дел на изнајмена линија и потребно е да се разгледа дали дел на изнајмена линија претставува супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија.

Референтен модел на дел од изнајмена линија (Leased Lines Part Circuits-LLPC) претставува наменет линк помеѓу просториите на корисникот на операторот кој што баравобезбедување на изнајмена линија (Барател) и точката за интерконекција (или во близина до) помеѓу Барателот и Операторот кој ја обезбедува услугата и треба да се смета како посебен вид на големопродажба на изнајмена линија која може да се користи од Барателот за да нуди малопродажни услуги на корисници, на други оператори или да ја користи за свои сопствени потреби меѓу другото и за: изнајмени линии, поврзување до стандардна телефонска мрежа, услуги за пренос на податоци или пристап до широкопојасен интернет.

**Слика 7 Опис на услуга дел од изнајмена линија**




Воедно, на операторите кои што ја имаат доволно развиено својата мрежна инфраструктура мора да им се овозможи качување на скалата на инвестиции. Според тоа, АЕК смета дека врз основа на наведената услуга може да се обезбедуваат истите услуги и на малопродажно ниво.

Според горенаведеното АЕК смета дека услугата дел на изнајмена линија претставува супститут на услугата големопродажна изнајмена линија поради тоа што операторот може двете услуги да ги користи за обезбедување на истите малопродажни услуги, при што користењето на поединечните големопродажни услуги зависи од потребите на операторот односно од степенот на развиеноста на сопствената мрежа.

| |
|---|
| Прашање бр. 9 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор делумно се согласува со оваа констатација на Агенцијата, бидејќи сметаме дека наведеното е само доколку се имаат во предвид традиционалните изнајмени линии.

Имајќи ги во предвид нашите заложби за регулирање и на терминалните и преносните сегменти на изнајмени линии обезбедни преку Ethernet/IP/ MPLS и на големопродажно ниво, предлагаме Агенцијата да изврши соодветно дополнување како на оваа констатација така и на сликата 6, при што ќе бидат опфатена и топологијата на изнајмени линии обезбедени преку Ethernet /IP/MPLS.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

### 12.4.3 Влегува ли во релевантниот пазар услугата на традиционални дигитални изнајмени линии и услугата на изнајмена линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија која операторите ја пружаат преку сопствената пристапна инфраструктура, односно за сопствени потреби

Со оглед на тоа дека на малопродажно ниво традиционалните дигитални линии претставуваат супститут на Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии, потребно е да се утврди дали на малопродажно ниво постои доволно конкурентен притисок од страна на операторот кој наведената услуга ја обезбедува преку сопствена пристапна инфраструктура , односно за сопствена употреба (self supply), на таков начин што тој може да влијае на одредување на цената на изнајмена линија.

Во случај на значаен конкурентен притисок на малопродажно ниво потребно е во доменот на услугата на релевантниот пазар да се вклучи и услугата на изнајмени линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија како и услугата традиционални дигитални изнајмени линии која операторите ја обезбедуваат за сопствени потреби, односно за своите крајни корисници на малопродажно ниво.

Имено во случај на отсутво на регулација операторот со значителна пазарна моќ кој обезбедува услуга на изнајмени линии и ја зголеми малопродажната цена на услугата на операторот која ја обезбедува услугата на изнајмена линија на крајните корисници преку големопродажната услуга истотака би требало да се зголеми, од причина што операторите мораат на некој начин да го префрлат зголемувањето на големопродажните трошоци врз крајните корисници. Крајните корисници би се соочиле со зголемување на цената на малопродажните услуги и би почнале да ги користат оние услуги

кои се обезбедуваат преку сопствена пристапна инфраструктура кои што претставуваат супститут на малопродажно нив, бидејќи нивните цени би биле поповолни.

Според тоа, врз основа на супституцијата на страна на побарувачката на малопродажно ниво доаѓа до одреден притисок врз одлуката на операторот со значителна пазарна моќ да во случај на зголемување на цената на големопродажните услуги на изнајмени линии корисниците ќе преминат односно ќе започнат да користат други малопродажни услуги, ( врз основа на сопствена инфраструктура, а не на големопродажна услуга предмет на оваа анализа), а тоа ќе го направи зголемувањето на цената на операторот со значителна пазарна моќ неисплатлива односно ќе доведе до намалување на продажбата на големопродажните услуги.

Според горенаведеното, АЕК смета дека во времето за кое се однесува оваа анализа услугата изнајмени линии која операторот ја обезбедува за сопствени потреби (self supply), односно за сопствените крајни корисници, независно дали се работи за линии преку Ethernet преносна технологија, IP/MPLS преносна технологија или традиционални дигитални изнајмени линии влегува во доменот на услугата на релевантниот пазар.

| |
|---|
| Прашање бр. 10 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува со наведеното и смета дека оваа констатација дава особена основаност регулацијата на големопродажните терминалните сегменти на изнајмените линии да биде генерална независно од типот на користената технологија, односно листата на регулирани улсуги да се прошири и со изнајмени линии обезбедени преку Ethernet/IP/MPLS.

Коментар на оператор Македонски Телеком:

1. Линиите за сопствени потреби на операторите не треба да бидат дел од релевантниот пазар за терминирани сегменти

Македонски Телеком не се согласува со наведеното во став 5 од точка 12.4.3 од Финалниот документ и сметаме дека е непотребно вклучувањето на услугите за сопствени потреби во доменот на услугата за терминираниот сегмент на изнајмена линија. Согласно наведеното во став 3 од точка 12.4.3 од анализата произлегува дека за вклучување на услугата која операторот ја обезбедува за сопствени потреби во доменот на релевантниот пазар предуслов е отсуство на регулација за да може алтернативните оператори да преминат кон користење на сопствени производи и сопствена инфраструктура и да не користат регулирани големопродажни услуги.

Имено, во заклучоците на анализата се предлага регулација на услугата за терминирани сегмент на изнајмена линија која ја обезбедува Македонски Телеком, со што не се исполнува предусловот за премин на крајните корисници на други малопродажни услуги, така што наведеното вклучување на линиите за сопствени потреби на операторите во релевантниот пазар е неосновано. Непотребното вклучување на услугите за сопствени потреби во анализата на овој пазар дополнително ќе го оптовари малопродажниот модел и комерцијалното работење на операторот со значителна пазарна моќ.

Овде се поставува и прашањето дали бројот на терминирани сегменти на изнајмени линии за сопствени потреби е вклучен во бројот на изнајмени линии во кварталните извештаи за развој на

пазарот за електронски комуникации објавени од страна на Агенцијата, како и каде е вклучен овој број на изнајмени линии – во големопродажба или малопродажба? Доколку не се анализираат овие изнајмени линии за сопствени потреби во ниту една анализа или извештај на Агенцијата, зошто тогаш има потреба истите да бидат вклучени во овој пазар? Можеби би било корисно Агенцијата да ја објасни причината за вклучувањето на овие изнајмени линии во дефинирањето на пазар 9 - терминирани сегменти на изнајмени линии. Според Македонски Телеком не е оправдано вклучувањето на изнајмените линии за сопствени потреби во овој пазар, затоа што ниту еден оператор во РМ не знае за колкав број на линии станува збор, ниту пак која е технологијата на овие изнајмени линии, ниту што се добива со вклучувањето на овие изнајмени линии на овој пазар 9.

Во овој Финалендокумент за трета анализа на пазарите 9 и 10 не се јасно разграничени поимите "self supply "- линии за сопствена употреба и изнајмени линии за сопствени корисници. За изнајмените линии за сопствени крајни корисници секако дека се доставуваат податоци во кварталните извештаи, а за податоци за изнајмени линии кои операторот ги користи за сопствени потреби, Агенцијата никогаш не побарала податоци од операторите во РМ и токму затоа не може да бидат предмет на оваа анализа.

АЕК одговор: Вклучувањето на изнајмените линии за сопствени потреби во дефиницијата на пазар е од причина што операторот има регулирани цени за обезбедување на услугата терминиран сегмент н а изнајмена линија. Како што сте запознати Агенцијата во 2012 год разви ЛРИК трошковен модел според кој направи соодветна пресметка и одредни трошковно ориентирани цени за услугата изнајмени линии на операторот со значителна пазарна моќ. Од методолошки аспект при развој на методологија за пресметка на цени ориентирани на трошоци како што е БУ ЛРИК методологијата, важна е имплементацијата на услугата што операторот ја користи за сопствени потреби. Исто така операторот со значителна пазарна моќ има обврска за водење на посебно сметководство во кое се вклучени и изнајмените линии кои ги обезбедува на трети страни односно и услугите за изнајмени линии за сопствени потреби.

## 12.5 Супституција на страна на понудата на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии – големопродажба

Супституција од страна на понудата на големопродажно ниво би била возможна во случај кога операторот кој не ја обезбедува услугата изнајмени линии на големопродажно ниво и не поседува сопствена мрежа, во случај на хипотетичко зголемување на цената на услугата на операторот со значителна пазарна моќ, истиот започне да ја обезбедува. Друг начин алтернативниот оператор да ја обезбеди услугата изнајмена линија на големопродажно ниво е да започне да гради и користи сопствена мрежна инфраструктура. Меѓутоа, во тој случај не би било возможно услугата да се обезбеди за краток временски период од причина што, доколу операторот не поседува сопствена инфраструктура до крајниот корисник трошоците за градежни работи и други останати трошоци, би биле значително големи што би спречило брз одговор на пазарот како и трајно зголемување на цените за таа услуга.

Со оглед на тоа дека АЕК во делот на супституција од страна на побарувачката заклучи дека одредени услуги не претставуваат составен дел на релевантниот пазар, АЕК смета дека за овие одредени услуги не е потребно да се разгледува супституција од страна на понудата. Воедно ќе се разгледува

супституција од страна на понудата само за оние услуги кои претставуваат супститут на страна на побарувачката.

Иако е утврдено дека на страна на побарувачката услугата изнајмени линии претставува супститут на услугата дел на изнајмени линии истото треба да се утврди и на страна на понудата. АЕК смета дека друг оператор кој ја обезбедува услугата изнајмени линиии технички може за краток временски период да започне да ја обезбедува услугата дел од изнајмена линија во случај на хипотетичко зголемување на цената на таа услуга од страна на операторот со значителна пазарна моќ.

Бидејќи во основа овој пазар го чинат традиционалните дигитални изнајмени линии, изнајмените линии преку етернет преносната технологија и IP/MPLS преносна технологија, потребно е да се утврди постоењето на нивна меѓусебна супституција на страната на понудата на големопродажниот пазар на терминални сегменти на изнајмени линии. Поточно, АЕК смета дека постои можност да се заменат изнајмените линии преку Етернет и IP /MPLS со традицоналните дигитални линии (и обратно) со оглед на тоа што технички и со определено ниво на дополнителни трошоци нивната замена е возможна.

Понатаму, АЕК во делот на супституција на страна на побарувачката заклучи дека изнајмените линии за сите преносни капацитети претставуваат супститут едни на други па треба да се утврди дали претставуваат супститут и на страна на понудата.

Воедно, АЕК смета дека на страната на побарувачката во овој релевантен пазар влегува и услугата изнајмени линии која операторот ја обезбедува за сопствени потреби. На страна на понудата, АЕК смета дека операторите кои ја обезбедуваат услугата изнајмени линии за сопствени потреби, односно за своите крајни корисници, можат за краток временски период да започнат да ја обезбедуваат и големопродажната услуга изнајмени линии во случај на хипотетичко зголемување на цената на услугата на операторот со значителна пазарна моќ.

АЕК смета дека операторот со значителна пазарна моќ кој веќе обезбедува преносен капацитет со одредена брзина, без некој значителен дополнителен трошок би можел да започне да обезбедува изнајмени линии и со други преносни брзини преку користење на Ethernet и IP/MPLS технологиите. АЕК ги смета сите преносни капацитети составен дел на истиот малопродажен пазар па оттаму не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар према преносни капацитети на изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 11 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува со наведеното и смета дека оваа констатација добиена со анализа на понудата и дава особена основаност регулацијата на големопродажните терминалните сегменти на изнајмените линии да биде генерална независно од типот на користената технологија, односно листата на регулирани улсуги да се прошири и со изнајмени линии обезбедени преку Ethernet/IP/MPLS.

Коментар на оператор Македонски Телеком:

2. Миграција кон нови технологии

Во согласност со веќе најавените планови за ПСТН миграција во мрежата на Македонски Телеком и планираниот технолошки развој на своите платформи преку кои Македонски Телеком ги обезбедува услугите за изнајмена линија би сакале да напоменеме дека во наредните години Македонски Телеком планира миграција на традиционалните изнајмени линии и воведување на нови продукти и решенија базирани на ИП технологијата.

Сметаме дека Македонски Телеком не би требало да има обврска да ја задржи и одржува традиционалната TDM/SDH технологија, доколку понуди соодветна реплика на постоечката услуга со некоја нова технологија (Етернет, IP, MPLS и слично). Миграцијата кон новите технологии е многу важна од аспект на модернизација на мрежите и развој на пазарот на изнајмени линии во Македонија и ќе го подобри и унапреди овој пазар за изнајмени линии во Македонија. Затоа сметаме дека е најдобро Агенцијата да ја поддржи оваа миграција врз основа на правилото за техничка неутралност, и доколку сите страни се согласни со тоа, миграцијата од TDM/SDH технологијата на новите IP технологии да се одвива во фази и непречено, се додека не се изгаси целосно TDM/SDH преносната мрежа на Македонски Телеком.

Воедно би сакале да напоменеме дека Македонски Телеком не се согласува со изнесеното во точка 12.5 "АЕК смета дека е едноставно да се заменат изнајмените линии преку Етернет и IP /MPLS со традицоналните дигитални линии (и обратно) со оглед на тоа што трошокот на нивна замена не е висок.".

Македонски Телеком има значителни трошоци за миграција од старата или традиционална (TDM/SDH) технологија кон нова технологија, а не како што тврди Агенцијата дека нема високи трошоци. Пониските трошоци за миграција сметаме дека се на страната на алтернативниот оператор, односно на страната на побарувачката а не на страната на понудата. Во секој случај, сметаме дека Агенцијата треба да направи исцрпна анализа на овие трошоци за миграција кон нова технологија, па потоа да донесе заклучок кој ќе биде издржан и поткрепен со факти. Затоа сметаме дека овој заклучок треба да се избрише од анализата од страна на Агенцијата, бидејќи сметаме дека заклучокот не е издржан и не е поткрепен со соодветни факти.

АЕК одговор: Коментарот делумно се прифаќа. Меѓутоа, операторот МКТ сеуште доставува податоци според кои традиционалните изнајмени линии преку TDM/SDH технологијата завземаат значен удел во неговото портфолио што значи и понатаму продолжува да ги обезбедува. Секако, што е случај и на други пазари, доколку операторот направи миграција и премине на друга напредна технологија Агенцијата ќе го земе во предвид таквиот пристап при спроведување на анализа на овој релевантен пазар. Што се однесува до точка 12.5 текстот ќе се преформулира: "АЕК смета дека постои можност да се заменат изнајмените линии преку Етернет и IP /MPLS со традицоналните дигитални линии (и обратно) со оглед на тоа што технички и со определено ниво на дополнителни трошоци нивната замена е возможна".

## 12.6 Заклучок

Врз основа на анализата за постоење на супституција на страната на побарувачката и понудата на големопродажниот пазар на терминални сегменти на изнајмени линии АЕК заклучува дека постои супституција помеѓу изнајмените линии и тоа:

- изнајмена линија која се обезбедува преку LAN (Ethernet) технологија
- изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH)Бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/64 Kbps (бакар, оптика)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/2 Mbps, 34 Mbps и 155 Mbps (бакар, оптика)
- услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија

| |
|---|
| Прашање бр. 12 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Имајќи ги во предвид погореднаведените коментари, ставот на Вип оператор е дека постои делумна до целосна супституција, која важи при повеќете услови и пазарни околности.

Таквата супститувност од асепкт на технологија и преносни капацитети посочуваме дека треба да се разгледува од аспект на потребата од проширување на типовите на терминални изнајмени линии на големопродажно ниво кои се предмет на регулација, со вклучување и на Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

## 13. Дефинирање на услуги на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии

### 13.1 Супституција на страна на побарувачката на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии – малопродажба

Ефектите од супституција од страна на побарувачката на малопродажно ниво претставуваат ефекти на супституцијата на јавно достапни електронски комуникациски услуги на релевантниот пазар поради кои корисниците може да одговорат на зголемување на цените на една услуга со префрлање на користење на друга услуга или други заменливи услуги кај останатите оператори на релевантниот пазар.

Со други зборови, супституција од страна на побарувачката настанува во моментот кога корисник кој користи една услуга преминува да користи друга услуга како одговор на релативно зголемување на цените на услугите кои ги користат.

Во теорија, ако операторот што ја обезбедува услугата ја зголеми цената на таа услуга, корисниците на услугата се во можност да се префрлат да користат друга услуга или други заменливи услуги така да операторот кој што ја зголемил цената на својата услуга ќе биде принуден да ја врати цената назад како што била претходно, бидејќи во спротивно ќе почне да ги губи своите корисници а со тоа и пазарниот удел. Примена на горенаведените причини зависи од силата на супституцијата од страна на побарувачката, односно доколку супституцијата од страна на побарувачката е поголема и посилна, операторите се повеќе ограничени во можностите да ја зголемат цената на услугите кои ги обезбедуваат на своите корисници.

Иако досега на малопродажно ниво биле регулирани само аналогните и традиционалните дигитални линии како дел од минималниот пакет на изнајмени линии, АЕК смета дека при утврдување на димензиите на услугите на релевантниот пазар како почетна точка за утврдување заменливи услуги потребно е да се земе најзастапуваната услуга која се обезбедува на малопродажниот пазар. Имено, најзастапена услуга претставува основа за разгледување и анализа на релевантниот пазар во однос на услугите за кои се оценува дали претставуваат нејзин супститут. Во случај кога ќе се утврди дека пазарот не се стреми кон ефективна конкуренција на подолг рок, истиот би подлежел на претходна регулација, вклучувајќи ги сите услуги кои се меѓусебно заменливи и се дел од дефиницијата на пазарот. Сите останати услуги ќе бидат регулирани само во случај да се заменливи услуги и да припаѓаат на истиот пазар.

Крајните корисници користат пакети на услугата изнајмени линии преку различни преносни технологии како што се:

- LAN (Ethernet);
- бизжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH);
- бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH);
- аналогна изнајмена линија;
- бакар, оптика- (структурирана/64 Kbps);
- бакар, оптика- (структурирана/2 Mbps);
- wimax;
- друго.

На малопродажниот пазар се обезбедува услугата изнајмени линии со различен пренос на капацитеот и треба да се утврди дали различниот пренос на капацитет е составен дел на истиот пазар.

При утврдување на супституција од страна на побарувачката на малопродажно ниво како основа за утврдување на супституција или назначување на границите на малопродажниот пазар идентификувани се следните прашања:

- *Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво;*
- *Дали услугата традиционални дигитални изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво;*
- *Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) изнајмени линиии се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво;*
- *Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет се смета за составен дел од истиот релевантен пазар;*

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор смета дека констатацијата во точка 13.1 "Имено најзастапена услуга претставува основа на релевантниот пазар во однос на услугата која, во случај да се утврди како пазарот не се стреми кон ефективна конкуренција, сигурно ќе биде предмет на претходна регулација додека другите останати услуги ќе бидат регулирани само во случај да се заменливи услуги кои ја формираат основата на пазарот" ,

не е доволно јасна и сметаме дека е потребно е соодветно да се дообјасни и допрецизира.

АЕК одговор: Коментарот се прифаќа.

## 13.1.1 Аналогни изнајмени линии

При разгледување дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линиии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво, АЕК ги споредуваше изнајмените линии кои што се обезбедуваат преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS со преносен капачитет ( брзина) која е споредлива со преносниот капацитет кој ја овозможува услугата аналогни изнајмени линии.

Аналогната изнајмена линија обезбедува поврзување на две физички одалечени локации на кои корисникот има инсталирано своја опрема и првенствено е наменета за пренос на говорни телефонски сигнали,но истата може да се користи и за други типови сообраќај,како пренос на факс преку директна линија, поврзување на одалечени локали на PBX централи, пренос на податоци во говорен опсег. Со зголемувањето на растојанието помеѓу корисничките локации кои се поврзуваат доаѓа до слабеење на сигналот, дел од националните изнајмени линии се реализираат преку мултиплексни системи за

пренос, кои го компензираат слабеењето на линијата. Компензирањето кај локалните и националните изнајмени линии со поголемо растојание се врши со инсталирање на модеми кај крајниот корисникот.

Во зависност од корисничката опрема која што треба да се поврзе, аналогната изнајмена линија се реализира преку една или две бакарни парици.

Изнајмените линии обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP / MPLS технологијата овозможуваат поголема флексибилност во обезбедувањето на услугите бидејќи овозможуваат брзина на пренос на податоци поголема од 64 kbit/s, додека аналогни изнајмени линии првенствено биле наменет за глас, но, исто така, поддржуваат пренос на податоци со мала брзина, помеѓу 40 и 50 kbit / s со користење на модем.

Иако може да се смета дека аналогните изнајмени линии и изнајмените линии со преносен капацитет од 64 kbit/s преку Ethernet преносна технологијата и IP / MPLS технологијата се супститути, според информациите со кои располага АЕК овие изнајмени линии скоро и да не се побарувани од корисниците на пазарот. Постојат одреден број на аналогни изнајмени линии кои ги има операторот со значителна пазарна моќ и кои се константни низ одреден период. Меѓутоа не може да се заклучи дека оваа услуга по својата природа и функционалност би се движела нагоре и би растел нејзиниот пазарен удел.

Имајќи ја во предвид брзината на преносот и фактот дека крајните корисници ги сметаат за супститут, аналогните изнајмени линии со новите преносни технологии, АЕК не ги смета аналогните изнајмени линии за супститут на услугите изнајмени линии обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP / MPLS технологијата на малопродажно ниво затоа што IP / MPLS технологијата овозможуваат поголема брзина на пренос на податоци и имаат различна корисничка опрема споредбено со аналогната изнајмена линија која првично била наменета за пренос на говорни телефонски сигнали.

| |
|---|
| Прашање бр. 13 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува

### 13.1.2 Традиционални дигитални изнајмени линии

Традиционални дигитални изнајмени линии претставуваат изнајмени линии добиени преку PDH, SDH или (S) HDSL преносна технологија. Во моментов, на малопродажно ниво се регулирани само традиционалните дигитални линии, а не и Ethernet и IP / MPLS линиите. Процентуалното учество на традиционалните дигитални изнајмени линии на малопродажниот пазар изнесува 13,29% на крајот на 2013 год. Овде припаѓаат изнајмените линии (структурирани) со брзина од 64 кбит/с и 2 мбит/с преку бакарна или оптичка мрежа.

Затоа, имајќи ги во предвид тековните потреби на крајните корисници може да се заклучи дека традиционалните дигитални линии претставуваат супститут на Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии односно традиционалните дигитални линии, исто така, можат да ги задоволат сите денешни потреби на крајните корисници. Со оглед на ваквите функционалности на традиционалните дигитални линии,

може да се заклучи дека крајните корисници ги сметаат традиционалните дигитални линии за функционално еквивалентни со Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии.

Според АЕК во периодот кој го опфаќа оваа анализа, не може да се очекува побарувачката на крајните корисници значително да се зголеми, поради ограничениот пазар и ограничените потреби на крајните корисници. Според тоа со процентуалното учество што го поседуваат на пазарот и функционалните карактеристиките истите сеуште претставуваат конкурент на изнајмените линии преку Ethernet и IP/MPLS.

Од горенаведеното може да се заклучи дека АЕК ги смета традиционалните дигитални изнајмени линии за супститут на услугата изнајмени линии преку Ethernet пренос на технологија и IP / MPLS технологија на малопродажно ниво.

| |
|---|
| Прашање бр. 14 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Како и во образложеното погоре за случајот на анализа на супституцијата на терминалните сегменти, Вип оператор во значителна мера се согласува дека традиционалните DLL преносни сегменти може да се сметаат во значителна мера супститут на услугата изнајмени линиии кои се обезбедуваат преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво.

Идентично и во овој случај сметаме дека ова дава сосем оправдана основаност да се прошири регулацијата и врз преносни сегменти на изнајмени линиии кои се обезбедуваат преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

### 13.1.3 Асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL)

Покрај услугата изнајмени линии со пониска брзина, крајните корисници можат, во зависност од нивните потреби, да користат и асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL). Услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) се обезбедува со поголема брзина во насока на корисникот (eng. downstream) и со помала брзина за давателот на услугата (eng. upstream) со што брзината на пренос зависи од технологијата, како и од должината на парицата. Услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) е погодна за употреба на интернет и мултимедијални услуги кои бараат поголем преносен капацитет при дојдовен сообраќај, а понизок преносен капацитет при појдовен сообраќај.

Воедно, асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) е спротивна на функционалните карактеристики што ги опишува услугата изнајмени линии која подразбира иста брзина на дојдовниот и појдовниот пренос на капацитет.

Покрај тоа, услугата изнајмени линии е наменета за големи претпријатија, чија бизнис комуникација е врз основа на потребата од постојан пристап на интернет меѓутоа уште поважно услуга за пренос на податоци со големи брзини, често пати и на поголеми растојанија во случајот со услугата преносни

сегменти на изнајмени линии. Предност на пристапот до изнајмените линии се: големата брзина на пренос на податоци, безбедност, максимална сигурност, еднаков пристап до поголем број корисници, и можноста за поврзување на компјутерот со интернет пристап.

Следствено на тоа, АЕК смета дека асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) не претставува соодветен супститут на услугата изнајмени линии преку Ethernet преносна технологијата и IP / MPLS преносна технологија.

| |
|---|
| Прашање бр. 15 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

## 13.1.4 Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет е составен дел на истиот релевантен пазар

Во периодот опфатен со истражувања во Република Македонија биле користени преносни брзини на услугата изнајмени линии на малопродажно ниво во следните брзини во зависност на технологијата:

- Преку Ethernet / IP / MPLS преносна технологија - од 64 kbit / s до 1 Gbit / s,

- Преку традиционалните дигитални изнајмени линии - 64 Kbit / s до 155 Mbit / s

Со оглед на тоа дека на малопродажно ниво се обезбедува услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет, потребно е да се утврди дали изнајмените линии со различниот преносен капацитет се составен дел на истиот релевантен пазар. Според АЕК заменливоста на изнајмените линии со различен преносен капацитет може да се разгледува преку функционална и ценовна заменливост.

Разгледувајќи ја функционалната заменливост, корисникот има можност наместо линија со поголем капацитет да земе повеќе линии со помал капацитет и да го одржи истиот квалитет на услугата. Земајќи во предвид дека корисникот може да земе една линија со поголем капацитет или повеќе линии со помал капацитет при што квалитетот на услугата останува непроменет, АЕК заклучува дека согласно со критериумот на функционална заменливост различните преносни капацитети може да се сметаат како дел од истиот пазар.

Од доставените податоци од Македонски Телеком може да се види дека со порастот на преносниот капацитет на линијата цената по единица преносен капацитет опаѓа, така да цената на секој поголем преносен капацитет расте но не на линеарно ниво. Така на пример цената на изнајмена линија со преносен капацитет од 100 Mbit/s не е 10 пати поголема од цената на изнајмена линија со преносен капацитет од 10 Mbit/s, туку само 4 пати поголема. Според тоа, во случај на хипотетичко зголемување на цената на изнајмена линија за определен преносен капацитет, корисникот ќе го замени со изнајмена линија со следниот преносен капацитет, со оглед на тоа во зависност од зголемувањето на цената за поголем преносен капацитет ќе плаќа слична па дури и пониска цена по единица преносен капацитет.

Понатаму, поради значајните разлики во цените помеѓу изнајмените линии со мали и големи преносни капацитети не постои еднаква заменливост помеѓу изнајмените линии со мали и големи преносни капацитети. Меѓутоа, потребно е да се утврди дали постои непрекината врска на заменсливост односно супституција помеѓу постоечките услуги за да се утврди дали спаѓаат во еден ист

пазар, односно во овој случај треба да се утврди дали постои непрекината врска на заменсливост односно супституција помеѓу понудените преносни капацитети на изнајмени линии. Кај преносен капацитет на традиционални дигитални изнајмени линии постои голема разлика во преносниот капацитет помеѓу понудените изнајмени линии и тоа помеѓу изнајмените линии со преносен капацитет од 2Mbit/s, 34 Mbit/s и 155 Mbit/s. Меѓутоа со воведувањето на IP / MPLS линии постои непрекината врска на заменливост односно супституција со оглед на широката понуда на преносни капацитети, поради што АЕК смета дена не е потребно да се изврши поделба на пазарот во зависност на преносниот капацитет на изнајмени линии.

Понатаму, АЕК истакнува дека не е потребно да се прави посебна поделба односно посебни пазари за различни преносни капацитети на изнајмени линии бидејќи структурата на секој пооделен пазар би била слична со структурата на целиот пазар.

Од горенаведеното може да се заклучи дека со оглед на функционалните и ценовни карактеристики АЕК смета дека изнајмените линии за сите преносни капацитети меѓусебе се заменливи односно се составен дел на ист малопродажен пазар па според тоа не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар според преносниот капацитет на изнајмените линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 16 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Како и во образложеното погоре за случајот на анализа на терминалните сегменти од аспект на различноста на преносните капацитети, и за преносните сегменти Вип оператор се согласува со направената анализа и изнесените заклучоци во рамки на точка 13.1.4. Сметаме дека повеќе од потребно е преносните сегменти на изнајмените линии да не се делат според преносниот капацитет на изнајмените линии, независно дали станува за релативно помали преносни капацитети обезбедени со традиционалните DLL (до 155 Mbps) или пак за поголеми преносни капацитети обезбедни преку Ethernet/IP/MPLS преносна технологија (поголеми од 1 Gbps).

Овие аспекти, уште еднаш одат во прилог на тоа, дел од регулираните услуги да бидат и изнајмени линии со значително поголеми преносни капацитети од капацитетите на традиционалните DLL преносни сегменти, што е единствено можно со вклучување и на Ethernet/IP/MPLS преносните сегменти на изнајмените линии во рамки на релевантните регулирани пазари.

Следствено предалагаме листата на изнајмени линии дадени во Точка 17 да се прошири и со Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии и со преносни капацитети кои надминуваат 155 Mbps.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

## 13.2 Супституција на страна на понудата за преносни сегменти на изнајмени линии – малопродажба

Супституција на страна на понудата на малопродажно ниво постои во случај кога операторот кој не ја обезбедува услугата на малопродажба за која се оценува дали постои супституција на малопродажно

ниво, во случај на хипотетичко зголемување на малопродажната цената на услугата на операторот со значителна пазарна моќ, истиот започне да ја обезбедува.

Услугата за изнајмени линии на малопродажно ниво не би можела да се обезбеди за краток временски период од причина што, доколу операторот не поседува сопствена инфраструктура до крајниот корисник, трошоците за градежни работи и други останати трошоци, би биле значително големи што би спречило брз влез на пазарот како и искористување на поволностите од зголемување на цените за таа услуга.

Понатаму, АЕК ја разгледува супституцијата од страна на понудата на услугата која претставува составен дел на релевантниот пазар. Со оглед на тоа дека АЕК во делот на супституција од страна на побарувачката заклучи дека одредени услуги не претставуваат составен дел на релевантниот пазар, АЕК смета дека за овие одредени услуги не е потребно да се разгледува супституција од страна на понудата. Воедно ќе се разгледува супституција од страна на понудата само за оние услуги кои претставуваат супститут на страна на побарувачката.

Бидејќи во основа овој пазар го чинат традиционалните дигитални изнајмени линии, изнајмените линии преку етернет преноснта технологија и IP/MPLS преносна технологија, потребно е да се утврди постоењето на нивна меѓусебна супституција на страната на понудата на големопродажниот пазар на преносни сегменти на изнајмени линии. Поточно, АЕК смета како е едноставно да се заменат етернет изнајмените линии и IP /MPLS линиите со традицоналните дигитални линии (и обратно) со оглед на тоа што трошокот на нивна замена не е висок.

Понатаму, АЕК во делот на супституција на страна на побарувачката заклучи дека изнајмените линии за сите преносни капацитети претставуваат супститут едни на други па треба да се утврди дали претставуваат супститут и на страна на понудата.

На страната на понудата е многу важно дали како последица на мало но подолготрајно зголемување на цената на изнајмената линија од страна на еден оператор би се појавиле други играчи кои би понудиле иста или слична услуга. Земајќи ги во предвид традиционалните дигитални изнајмени линии Македонски Телеком како единствен понудувач на пазарот би можел да направи корекција на цената и тоа би имало одговор кај останатите оператори, на начин да се појават како обезбедувачи но само преку користење на мрежата на Македонски Телеком. Или поради утврдената супституција помеѓу оваа услуга и услугата за изнајмени линии преку етернет или IP/MPLS преносна технологија, операторот би можел да се одлучи да ја обезбеди преку нив. На малопродажниот пазар се присутни сите споменати технологии. Според тоа може да се заклучи дека постои заменливост на страната на понудата помеѓу изнајмените линии кои се обезбедуваат преку споменатите технологии.

АЕК смета дека операторот што веќе обезбедува преносен капацитет со одредена брзина, без некој значаен дополнителен трошок може да започне да обезбедува изнајмени линии и со други преносни брзини преку користење на Ethernet и IP/MPLS технологиите. АЕК ги смета сите преносни капацитети составен дел на истиот малопродажен пазар така да не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар према преносни капацитети на изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 17 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува со оваа констатација.

Уште еднаш потенцираме дека оваа констатација е во прилог на нашите предлози дел од регулираните услуги да бидат и преносните сегменти на изнајмени линии со значително поголеми преносни капаицитети од капацитетите на традиционалните DLL, што е единствено можно со вклучување и на Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии во рамки на релевантните регулирани пазари.

## 13.3 Заклучок

Врз основа на анализата за постоење на супституција на страната на побарувачката и понудата на малопродажниот пазар на изнајмени линии АЕК заклучува дека повеќе постои супституција помеѓу изнајмените линии и тоа:

- изнајмена линија која се обезбедува преку LAN (Ethernet) технологија
- изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH)Бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/64 Kbps (бакар, оптика)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/2 Mbps, 34 Mbps и 155 Mbps (бакар, оптика)

Во понатамошниот текст на големопродажните пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии ќе биде разгледувано постоењето на супституција тргнувајќи од утврдената супституција на малопродажниот пазар на изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 18 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Имајќи ги во предвид погореднаведените коментари, ставот на Вип оператор е дека постои делумна до целосна супституција, која важи при повеќете услови и пазарни околности.

Таквата супститувност од асепкт на технологија и преносни капацитети посочуваме дека треба да се разгледува од аспект на потребата од проширување на типовите на преносни изнајмени линии на малопродажно ниво кои се предмет на регулација, со вклучување и на Ethernet/IP/MPLS изнајмените линии.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

## 13.4 Супституција на страна на побарувачката на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии – големопродажба

Изнајмените линии на пазарот на големо се купени од алтернативни оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги. Алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги купените изнајмени линии може да ги користат за сопствени потреби (поврзување до стандардна телефонска мрежа,услуги за пренос на податоци или пристап до широкопојасен интернет),за да понудат малопродажни услуги или да ги понудат на други оператори.

Ценовната структура за алтернативните оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги не зависи од големината на компанијата, бројот на пристапни линии, обемот на сообраќај, приходите, времетраењето на договорот туку се определува согласно референтна понуда.

Различни фактори, како на пример број на вработени, организациона шема, асортиман на понуда, пакети на услуги, продажна мрежа, дистрибутивна мрежа, дополнително и техничка и административна поддршка на системот значително се разликува кај оператор кој ја обезбедува услуга генерално за двете категории на корисници (услугите ги обезбедува на малопродажниот и големопродажниот пазар)од алтернативен оператор и/или давател на јавни електронски комуникациски услуги кој обезбедува услуга за една категорија на корисници.

Иако на малопродажно ниво услугата изнајмени линии не се сегментира на различни делови туку на малопродажниот пазар се обезбедува како единствена услуга со доделен капацитет помеѓу две локации, на големопродажно ниво услугата изнајмени линии може да се подели на две сегменти и тоа на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии.

Предмет на овој дел од анализата е релевантниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии а погоре во текстот објаснивме за супституција од страна на побарувацката за големопродазба за терминални сегменти на изнајмени линии. Во понатамошниот дел од оваа анализа АЕК врз основа на националните специфичности и собраните податоци преку прашалник ќе ги утврди границите на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии. Воедно, операторот кој обезбедува електронски комуникациски услуги до крајните корисници во зависност од топологијата и степенот на развиеноста на сопствената мрежа, може да ја обезбедува и услугата преносни сегменти на изнајмени линии.

При утврдување на супституција од страна на побарувачката на големопродажно ниво како основа за утврдување на супституција или назначување на границите на големопродажниот пазар идентификувани се следните прашања:

- Каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии
- Дали се смета услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија
- Влегува ли во релевантниот пазар услугата на традиционални дигитални изнајмени линии и услугата на изнајмена линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија која операторите ја пружаат преку сопствената пристапна инфраструктура, односно за сопствени потреби

### 13.4.1 Каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии

Во овој дел при утврдување на супституција од страна на побарувачката на големопродажно ниво, АЕК ќе утврди каде се наоѓа границата помеѓу пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии и пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии. Поделбата на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии е важна за утврдување на границата на пазарот како и за тоа да се утврди дали постои или не постои функционална пазарна конкуренција.

Согласно техничките карактеристики, преносни сегменти на изнајмени линии претставува дел од големопродажна изнајмена линија (WLL) како завршен сегмент на мрежата (мрежата од крајниот корисник до разделникот и од разделникот до најблиската точка на присуство во мрежата на инкумбент операторот). Причината за вклучувањето на мрежата од разделникот до најблиската точка на присуство во мрежата на инкумбент операторот во терминалниот сегмент на големопродажната изнајмена линија е бидејќи точката на присуство на инкумбент операторот не е позиционирана на сите главни разделници (MDF). За да се овозможи конекција, мора да се поврзе растојанието помеѓу главниот разделник (MDF) и точката на инетрконекција (POI). За потребите на оваа анализа, границата помеѓу терминални и преносни сегменти е утврдена замајќи ја во предвид мрежата на Македонски Телеком кој беше со претходната анализа прогласен за оператор со значителна пазарна моќ на пазарот за терминални и преносни сегменти. Воедно и во моделот за големопродажните изнајмени линии, изнајмување на кабелски канали и неискористени оптички кабли (dark fiber) изработен од страна на консултантската куќа Делоит – Загреб направена е истата поделба на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии, односно одредена е границата помеѓу нив.

Од друга страна пак преносен сегмент на изнајмена линија претставува линк помеѓу две точки од преносната мрежа на изнајмени линии на Операторот.

**Преносен сегмент** претставува дел од големопродажна изнајмена линија (WLL) кој на сликата е претставен како преносен сегмент во рамките на скелетната мрежа на изнајмени линииа (мрежата на кабли која се користи за да се поврзат две точки на интерконекција (POI) во мрежата на инкумбент операторот). Мрежните компоненти кои се вклучени во преносен сегмент се:

- Почетно MUX (заедно со линиска картичка)
- Кабли за основната мрежа (заедно со ровови и кабелски канал) помеѓу две точки на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа
- Активна опрема на основната мрежа помеѓу две точки на присуство ( PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа
- Крајно MUX (заедно со линиска картичка)

Операторот-корисник овој вид на изнајмена линија може да го користи за да понуди малопродажни услуги на корисници на други оператори или да го користи за свои сопствени потреби.

**Слика 8 Граница помеѓу терминални и преносни сегменти на изнајмени линии**




Во случај на изнајмени линии на големопродажно ниво кои операторот корисник ги користи за сопствени потреби ( изградба на сопствена мрежа, поврзување на мрежа) за терминиран сегмент се смета и делот на изнајмена линија помеѓу локацијата на операторот корисник и најблиската точка на присуство на операторот кој што ја изнајмува линијата. Треба да се има во предвид дека објаснувањето погоре се однесува на традиционалните дигитални изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 19 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор смета дека ова е валидно само за традиционални изнајмени линии, додека за Ethernet, ваквата поделба е неприменлива и не соодветствува, поради што предлагаме истото да биде прецизирано и јасно наведено.

Имајќи ги во предвид нашите заложби за регулирање и на терминалните и преносните сегменти на изнајмени линии обезбедни преку Ethernet/IP/MPLS и на големопродажно ниво, предлагаме Агенцијата да изврши соодветна корекција како на оваа констатација така и на сликата 8.

АЕК одговор: Коментарот се прифаќа. Направено е соодветно дополнување дека објаснувањето тука се однесува само за традиционалните изнајмени линии.

Коментар на оператор ВИП:

За цели на прецизност, Вип оператор ја предлага наведената измена.

- Почетна MUX терминална/завршна/активна опрема (заедно со линиска картичка)
- Крајна MUX терминална/завршна/активна опрема (заедно со линиска картичка)

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа –Дефиницијата за преносен сегмент на изнајмена линија е одредена согласно Финален Документ за развој на трошковен модел за пресмека на цени за големопродажните услуги на изнајмени линии, изнајмување на кабелски канал и неискористено оптичко влакно од 25.10.2012 година израбтен од страна на АЕК заедно помош на конултантски услуги од Делоите Загреб. Методологијата што е развиена со развојот на моделот е сеуште на важност.

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор смета дека оваа констатација е валидна само за традиционални изнајмени линии, додека за Ethernet, ваквата поделба е неприменлива и не соодветствува, поради што предлагаме истото да биде прецизирано и јасно наведено.

Имајќи ги во предвид нашите заложби за регулирање и на терминалните и преносните сегменти на изнајмени линии обезбедни преку Ethernet/IP/ MPLS и на големопродажно ниво, предлагаме Агенцијата да изврши соодветна корекција како на оваа констатација така и на сликата 8.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

### 13.4.2 Дали се смета услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија

Доколку операторот кој сака да поврзе две точки во целиот сегмент за некој негов голем краен корисник а нема сопствената мрежа, истиот би можел да користи услуга од два терминални сегменти и преносен сегмент кој би соодвествувал со големопродажната услуга за изнајмени линии.

**Слика 9 Приказ на два терминални сегменти и преносен сегмент**




Сепак во зависност од топологијата и развиеноста на сопствената мрежа операторот може да користи поединечни големопродажни услуги на изнајмени линии. Од друга страна пак операторот кој има доволно развиена мрежа може да ја користи и услугата дел на изнајмена линија и потребно е да се

разгледа дали дел на изнајмена линија претставува супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија.

Референтен модел на дел од изнајмена линија (Leased Lines Part Circuits-LLPC) претставува наменет линк помеѓу просториите на корисникот на операторот кој што баравобезбедување на изнајмена линија (Барател) и точката за интерконекција (или во близина до) помеѓу Барателот и Операторот кој ја обезбедува услугата и треба да се смета како посебен вид на големопродажба на изнајмена линија која може да се користи од Барателот за да нуди малопродажни услуги на корисници, на други оператори или да ја користи за свои сопствени потреби меѓу другото и за: изнајмени линии, поврзување до стандардна телефонска мрежа, услуги за пренос на податоци или пристап до широкопојасен интернет.

**Слика 10 Опис на услуга дел на изнајмена линија**




Воедно, на операторите кои што ја имаат доволно развиено својата мрежна инфраструктура мора да им се овозможи качување на скалата на инвестиции. Според тоа, АЕК смета дека врз основа на наведената услуга може да се обезбедуваат истите услуги и на малопродажно ниво.

Според горенаведеното АЕК смета дека услугата дел на изнајмена линија претставува супститут на услугата големопродажна изнајмена линија поради тоа што операторот може двете услуги да ги користи за обезбедување на истите малопродажни услуги, при што користењето на поединечните големопродажни услуги зависи од потребите на операторот односно од степенот на развиеноста на сопствената мрежа.

| |
|---|
| Прашање бр. 20 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор делумно се согласува со оваа констатација на Агенцијата, бидејќи сметаме дека наведеното е само доколку се имаат во предвид традиционалните изнајмени линии.

Имајќи ги во предвид нашите заложби за регулирање и на терминалните и преносните сегменти на изнајмени линии обезбедни преку Ethernet/IP/ MPLS и на големопродажно ниво, предлагаме Агенцијата да изврши соодветно дополнување како на оваа констатација така и на сликата 10, при што ќе бидат опфатена и топологијата на изнајмени линии обезбедни преку Ethernet /IP/MPLS.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

### 13.4.3 Влегува ли во релевантниот пазар услугата на традиционални дигитални изнајмени линии и услугата на изнајмена линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија која операторите ја пружаат преку сопствената пристапна инфраструктура, односно за сопствени потреби

Со оглед на тоа дека на малопродажно ниво традиционалните дигитални линии претставуваат супститут на Ethernet и IP / MPLS изнајмените линии, потребно е да се утврди дали на малопродажно ниво постои доволно конкурентен притисок од страна на операторот кој наведената услуга ја обезбедува преку сопствена пристапна инфраструктура , односно за сопствена употреба (self supply), на таков начин што тој може да влијае на одредување на цената на изнајмена линија.

Во случај на значаен конкурентен притисок на малопродажно ниво потребно е во доменот на услугата на релевантниот пазар да се вклучи и услугата на изнајмени линии преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија како и услугата традиционални дигитални изнајмени линии која операторите ја обезбедуваат за сопствени потреби, односно за своите крајни корисници на малопродажно ниво.

Имено во случај на отсутво на регулација операторот со значителна пазарна моќ кој обезбедува услуга на изнајмени линии и ја зголеми цената малопродажната цена на услугата на операторот која ја обезбедува услугата на изнајмена линија на крајните корисници преку големопродажната услуга истотака би требало да се зголеми, од причина што операторите мораат на некој начин да го префрлат зголемувањето на големопродажните трошоци врз крајните корисници. Крајните корисници би се соочиле со зголемување на цената на малопродажните услуги и би почнале да ги користат оние услуги кои се обезбедуваат преку сопствена пристапна инфраструктура кои што претставуваат супститут на малопродажно нив, бидејќи нивните цени би биле поповолни.

Според тоа, врз основа на супституцијата на страна на побарувачката на малопродажно ниво доаѓа до одреден притисок врз одлуката на операторот со значителна пазарна моќ да во случај на зголемување на цената на големопродажните услуги на изнајмени линии корисниците ќе преминат односно ќе започнат да користат други малопродажни услуги, ( врз основа на сопствена инфраструктура, а не на големопродажна услуга предмет на оваа анализа), а тоа ќе го направи зголемувањето на цената на операторот со значителна пазарна моќ неисплатлива односно ќе доведе до намалување на продажбата на големопродажните услуги.

Според горенаведеното, АЕК смета дека во времето за кое се однесува оваа анализа услугата изнајмени линии која операторот ја обезбедува за сопствени потреби (self supply), односно за сопствените крајни корисници, независно дали се работи за линии преку Ethernet преносна технологија, IP/MPLS преносна технологија или традиционални дигитални изнајмени линии влегува во доменот на услугата на релевантниот пазар.

| |
|---|
| Прашање бр. 21 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува со наведеното и смета дека оваа констатација дава особена основаност регулацијата на големопродажните преносни сегменти на изнајмените линии да биде генерална независно од типот на користената технологија, односно листата на регулирани улсуги да се прошири и со изнајмени линии обезбедени преку Ethernet/IP/MPLS.

## 13.5 Супституција од страна на понудата на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии - големопродажба

Супституција од страна на понудата на големопродажно ниво би била возможна во случај кога операторот кој не ја обезбедува услугата изнајмени линии на големопродажно ниво и не поседува сопствена мрежа, во случај на хипотетичко зголемување на цената на услугата на операторот со значителна пазарна моќ, истиот започне да ја обезбедува. Друг начин алтернативниот оператор да ја обезбеди услугата изнајмена линија на големопродажно ниво е да започне да гради и користи сопствена мрежна инфраструктура. Меѓутоа, во тој случај не би било возможно услугата да се обезбеди за краток временски период од причина што, доколу операторот не поседува сопствена инфраструктура до крајниот корисник трошоците за градежни работи и други останати трошоци, би биле значително големи што би спречило брз одговор на пазарот како и трајно зголемување на цените за таа услуга.

Со оглед на тоа дека АЕК во делот на супституција од страна на побарувачката заклучи дека одредени услуги не претставуваат составен дел на релевантниот пазар, АЕК смета дека за овие одредени услуги не е потребно да се разгледува супституција од страна на понудата. Воедно ќе се разгледува супституција од страна на понудата само за оние услуги кои претставуваат супститут на страна на побарувачката.

Иако е утврдено дека на страна на побарувачката услугата изнајмени линии претставува супститут на услугата дел на изнајмени линии истото треба да се утврди и на страна на понудата. АЕК смета дека друг оператор кој ја обезбедува услугата изнајмени линиии технички може за краток временски период да започне да ја обезбедува услугата дел од изнајмена линија во случај на хипотетичко зголемување на цената на таа услуга од страна на операторот со значителна пазарна моќ.

Бидејќи во основа овој пазар го чинат традиционалните дигитални изнајмени линии, изнајмените линии преку етернет преносната технологија и IP/MPLS преносна технологија, потребно е да се утврди постоењето на нивна меѓусебна супституција на страната на понудата на големопродажниот пазар на преносни сегменти на изнајмени линии. Поточно, АЕК смета дека е едноставно да се заменат изнајмените линии преку Етернет и IP /MPLS со традицоналните дигитални линии (и обратно) со оглед на тоа што трошокот на нивна замена не е висок.

Понатаму, АЕК во делот на супституција на страна на побарувачката заклучи дека изнајмените линии за сите преносни капацитети претставуваат супститут едни на други па треба да се утврди дали претставуваат супститут и на страна на понудата.

Воедно, АЕК смета дека на страната на побарувачката во овој релевантен пазар влегува и услугата изнајмени линии која операторот ја обезбедува за сопствени потреби. На страна на понудата, АЕК смета дека операторите кои ја обезбедуваат услугата изнајмени линии за сопствени потреби, односно за своите крајни корисници, можат за краток временски период да започнат да ја обезбедуваат и големопродажната услуга изнајмени линии во случај на хипотетичко зголемување на цената на услугата на операторот со значителна пазарна моќ.

Анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии

АЕК смета дека операторот со значителна пазарна моќ кој веќе обезбедува преносен капацитет со одредена брзина, без некој значителен дополнителен трошок би можел да започне да обезбедува изнајмени линии и со други преносни брзини преку користење на Ethernet и IP/MPLS технологиите. АЕК ги смета сите преносни капацитети составен дел на истиот малопродажен пазар па оттаму не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар према преносни капацитети на изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 22 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува со наведеното и смета дека оваа констатација дава особена основаност регулацијата на големопродажните преносни сегменти на изнајмените линии да биде генерална независно од типот на користената технологија, односно листата на регулирани улсуги да се прошири и со изнајмени линии обезбедени преку Ethernet/IP/MPLS.

## 13.6 Заклучок

Врз основа на анализата за постоење на супституција на страната на побарувачката и понудата на големопродажниот пазар на преносни сегменти на изнајмени линии, АЕК заклучува дека постои супституција помеѓу изнајмените линии и тоа:

- изнајмена линија која се обезбедува преку LAN (Ethernet) технологија
- изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH)Бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/64 Kbps (бакар, оптика)
- традиционална дигитална изнајмена линија структурирана/2 Mbps, 34 Mbps и 155 Mbps (бакар, оптика)
- услугата дел на изнајмена линија како супститут на големопродажната услуга на изнајмена линија

| |
|---|
| Прашање бр. 23 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Имајќи ги во предвид погореднаведените коментари, ставот на Вип оператор е дека постои делумна до целосна супституција, која важи при повеќете услови и пазарни околности.

Таквата супститувност од асепкт на технологија и преносни капацитети посочуваме дека треба да се разгледува од аспект на потребата од проширување на типовите на преносни изнајмени линии на

големопродажно ниво кои се предмет на регулација, со вклучување и на Ethernet/IP/ MPLS изнајмените линии.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа.

Одговорот на оваа констатација е даден погоре како одговор на коментарот по прашање бр 3.

## 14. Проценка на географскиот пазар за големопродажните пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии

Согласно препораката на Европската комисија, релевантниот географски пазар го вклучува просторот во кој операторите и давателите на услуги се инволвирани од аспект на понуда и побарувачка на релевантни производи и услуги, во кој простор условите на конкуренција се слични или доволно хомогени, и истите можат да бидат разграничени од соседните простори во кои преовладуваат услови на конкуренција кои се значително различни. Исто така препораката на Европската комисија ги зема во предвид двата критериуми за определување на географска димензија на релевантните пазари и тоа:

- подрачје со мрежна покриеност и
- постоење на законски или други регулаторни инструменти.

Географскиот пазар вклучува одредена територија во која се нудат соодветните меѓусебно заменливи јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги и во која конкурентните услови се исти и се разликуваат од оние во соседните области.

- **Подрачје покриено со мрежа**

Поради присуството на врска помеѓу пазарниот удел и покриеноста на мрежата и фактот дека операторите кои обезбедуваат јавни електронски услуги обично применуваат еднакви цени на територијата која е покриена од нивните мрежи, првата фаза на испитување на присуство на географски подпазари зависи од покриеноста на мрежата на операторот со поголем пазарен удел на релевантниот пазар на услуги.

Македонски Телеком АД е оператор со најголем пазарен удел (91%) на дефинираните големопродажни пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии. Тука треба да биде нагласено дека Македонски Телеком АД има изградена мрежа со национално покривање и да се напомене и фактот дека нуди еднакви услуги со еднакви цени и еднакви услови за обезбедување на услугата за целата територија на Република Македонија.

- **Постоење на легални или други регулаторни инструменти**

Според член 60 (Постапка за нотификација) став (1): Пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до АЕК. Операторите кои за овозможување на своите услуги е потребно да користат ограничени ресурси (на пример РФ спектар) треба да поднесат барање за нивно користење за потоа АЕК да им издаде одобрение за користење на истите. Поради тоа АЕК смета дека не постојат разлики во однос на бариерите за влез на големопродажни пазари за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии на одредени географски пазари.

Прв чекор на националното регулаторно тело треба да биде утврдувањето дали постои доказ за географската сегментација или дали има докази кои укажуваат на постоењето на еден национален пазар.

Географска сегментација на конкретен пазар е соодветно да се направи откако ќе се докаже дека конкурентните услови во даден регион се разликуваат од оние во соседните региони. Спроведувањето на детална географска анализа е оправдано во случај да се исполнети следниве услови:

- **еден или неколку од алтернативните оператори имаат значителна, но помалку од национална покриеност на мрежите на територијата на земјата и вршат значителен конкурентен притисок во областите во кои спроведуваат активности;**

- **операторот со значителна пазарна моќ дава услуги со различни цени во различни региони на земјата или применува единствени национални цени кои се разликуваат значително од цените на алтернативните оператори;**
- **постојат значителни географски разлики во карактеристиките на понудените услуги во однос на брзината, гарантираниот квалитет и др.**

Како што претходно беше образложено постојат повеќе алтернативни оператори кои обезбедуваат услуги на пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии. Меѓутоа од аспект на национална покриеност останува фактот дека за алтернтивните не би можело да се истакне дека поседуваат национална покриеност со мрежа и би биле во состојба да обезбедуваат услуги до крајни корисници. Според тоа не постои оператор кој со своето делување би можел да изврши значителен конкурентски притисок врз операторот со значителна пазарна моќ на овој релевантен големопродажен пазар.

Операторот со значителна пазарна моќ има одредени и регулирани цени за оваа услуга и тие преовладуваат на целата територија на државата. Бидејќи станува збор за специфична услуга која не ја обезбедуваат голем број на оператор, релативно мал пазар, може да се каже дека не би се очекувал влез на повеќе нови оператори на овој релевантен пазар со што би се понудиле различни услуги преку алтернативни мрежи и на тој начин би се остварил конкурентски притисок врз операторот со значителна пазарна моќ.

Од технолошки аспект изнајмените линии се обезбедуваат преку горе образложените видови на технологии во овој документ, со квалитет и технички карактеристики кои не отстапуваат значително помеѓу себе онаму каде што е утврдена заменливост помеѓу нив.

| |
|---|
| Прашање бр. 24 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор ја предлага измената со бришење на делот во кој неосновано и без образложение се посочува на Вип оператор ДООЕЛ Скопје. За Вип оператор останува нејасно на основа на кој аргументи од својата Анализа Агенцијата дошла до заклучок дека Вип оператор најпрво има национална покриеност со терминални и преносни сегменти на изнајмени линии и потоа дека исклучиво Вип оператор се јавува на овој големопродажен пазар.

Посочуваме дека само многу мал сегмент од својата преносна скелетна мрежа за која воопшто не може да се каже дека има карактер на национална покриеност, Вип оператор ја изнајмува на други оператори на големопродажна основа.

Согласно нашите анализи и познавање на приликите на пазарот повеќе останати алтернативни оператори во многу поголема мера изнајмуваат делови особено од својата скелетна мрежа во форма на преносни сегменти на изнајмени линии во споредба со Вип оператор.

Од тука апелираме Агенцијата да ја прифати оваа корекција, бидејќи во спротивност се доаѓа до заблуда која што кај читателите може да доведе до погрешно толкување. Во крајна мера Вип оператор е на став дека Анализата треба да содржи јасни пазарни учества на сите регистрирани оператори за нудење на изнајмени линии, како на малопродажба така и на големопродажба и како на терминирани така и на преносни сегменти со цел да се добие јасна слика.

Анализа на пазар 9- Терминални сегменти на изнајмени линии и пазар 10- Преносни сегменти на изнајмени линии

АЕК одговор:

Коментарот делумно се прифаќа. Операторот ВИП со допис до Агенцијата бр 1303-2478/4 од 16.09.2013 како одговор на прашалник , доставил податоци за изнајмени линии на големопродажно ниво. Оваа констатација се темели на тоа дека и операторот ВИП се јавува на пазарот на големопродажба за услугата изнајмени линии.

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор целосно се согласува со овој изнесен став,

"Според тоа не постои оператор кој со своето делување би можел да изврши значителен конкурентски притисок врз операторот со значителна пазарна моќ на овој релевантен големопродажен пазар" ,

како резултат на што сметаме дека и понатаму треба да останат регулативните обврски на операторот со значителна пазарна моќ и во случајот на преносни сегменти на изнајмени линии.

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор смета дека ако се има во предвид моменталниот степен на регулација на пазарот, термините "одредени и регулирани цени" не се најсоодветно употребени. Така посочуваме дека цените за Ethernet и MPLS на Операторот со значителна пазарна моќ не се регулирани и истите се нудат на нетраспарентна основа. Следствено, ја предлагаме исправката со која јасно ќе се посочи дека во значителна мера својата доминација на големопродажниот пазар, операторот со значителна пазарна моќ ја одржува преку своите нерегулирани продукти на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии обезбедени преку Ethernet и IP/MPLS технологија.

Така , аналогно на претходно изнесеното, уште еднаш потенцираме дека Вип оператор смета дека е потребно е да изврши проширување на оваа Анализа во насока на регулирање и на Ethernet и IP/MPLS изнајмените линии. Имајќи ги во предвид постојните пазарни околности и прилики, оваа услуга ќе стане подостапна и применлива преку прифатливи регулирани цени и услови, а не по оние кои се наметнати од страна на операторот со значителна моќ на овој пазар.

Уште повеќе, следејќи го BU LRIC моделот "Изнајмени линии, изнајмување на кабелски канал и Dark Fibre" донесен од страна на Агенцијата во 2012 година, предлагаме Анализата да се прошири така ќе бидат опфатени и инфраструктурните сегменти на изнајмени линии како што е "dark fibre" за backhaul сегментот.

Сметаме дека сето ова ќе придонесе, побарувачката и понудата за овие услуги да биде на задоволително ниво, што на долг рок ќе го доведе пазарот во состојба на ефективна конкуренција.

АЕК Одговор: Констатацијата "одредени и регулирани" значи дека цените се одредени не од операторот туку од Агенцијата а регулирани според трошковен ЛРИК модел. Вашиот коментар целосно е одговорен на претходните прашања.

## 14.1 Дефиниција на географскиот пазар за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии

АЕК го дефинира географскиот пазар за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии на територијата на цела Република Македонија, а докази за поддршка на ова тврдење се:

1. **Националната мрежна покриеност на Македонски Телеком АД;**
2. **Понудата од Македонски Телеком АД на еднакви услуги со еднакви цени, како и услови за обезбедување на услугата на целата територија на Република Македонија;**
3. **Мрежите на алтернативните оператори имаат ограничено покриеност и истите не вршат значаен конкурентен притисок врз Македонски Телеком АД во областите во кои ги нудат своите услуги;**
4. **Не постојат значителни географски разлики во карактеристиките на понудените услуги (брзини, гарантиран квалитет и др.)**

## 15. Три критериум тест – големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии

Следен чекор во анализата е примената на три критериум тест со цел да се утврди дали пазарот за услугата за терминални сегменти на изнајмени линии треба да биде предмет на ex-ante регулација. Согласно членот 79 – спроведување на анализа на релевантните пазари од ЗЕК (Сл. весник 39 / 2014), агенцијата спроведува анализа на релевентнати пазари имајќи ги предвид препораките на Европската комисија за утврдување на релевантни пазари на производи и услуги и каде што е соодветно во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата.

Согласно членот 80 - Утврдување на релевантни пазари на производи и услуги став 2 (ЗЕК), при утврдувањето на релевантните пазари на производи и услуги Агенцијата треба да утврди дека кумулативно се исполнети следниве три критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период и
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

Во случај кога истовремено се задоволени сите три критериуми, АЕК може да утврди релевантен пазар подложен на претходна регулација на кој нема воопшто или има недоволна конкурентност по што ќе спроведе анализа со која ке се утврди нивото на пазарна конкуренција, односно ќе се утврди дали на пазарот постои оператор кој поседува значителна пазарна моќ.

Согласно членот 81 – преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги (ЗЕК), Агенцијата во определени временски периоди кои не можат да бидат подолги од три години во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, е должна да го преиспита утврдениот релевантен пазар на производи и услуги. Во согласност со овој член АЕК на почетокот од анализата на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии, ќе спроведе три критериум тест со кој ќе испита дали и понатаму се исполнети сите критериуми неопходни за претходна регулација на истиот.

Главната разлика помеѓу три критериум тестот и процесот на анализирање на пазарот, е тоа што со три критериум тестот се става акцент на развојот и структурата на пазарот, а во процесот на спроведување на анализа на релевантниот пазар акцентот се става на односот помеѓу операторите кои дејствуваат на тој релевантен пазар, можноста од злоупотреба на доминантна пазарна моќ од страна на еден оператор и постоење можност за потенцијално неконкурентско однесување.

## 15.1 Прв критериум - Присуство на високи и постојани бариери за влез кои што можат да бидат од структурирана, правна или регулаторна природа

Согласно ЗЕК, Методологијата за анализа на релевантните пазари на АЕК и Упатството на Комисијата за анализа на пазари и проценка на пазарна моќ.... (2002/С 165/03)[5], бариерите кои се јавуваат како резултат на структурните карактеристики на релевантниот пазар се дефинирани како структурни бариери а бариерите кои се јавуваат како резултат на правни и регулаторни окружувања се дефинирани како легални бариери.

При анализата согласно со овој критериум АЕК го истражува постоењето на високи и постојани структурни, правни или регулаторни бариери за влез на одреден пазар во рамките на временска рамка до следната анализа а која согласно член 81 од ЗЕК не може да биде подолг од три години.

Структурни бариери за влез на пазарот се оние кои се појавуваат како резултат на потребните првични трошоци или условите на побарувачката и создаваат нееднакви услови помеѓу операторот со значителна пазарна моќ на пазарот и останатите оператори на електронски комуникациски мрежи/услуги кои што сакаат да влезат на пазарот односно го отежнуваат или попречуваат влезот на нови играчи на пазарот. Присуството на високи и постојани бариери за влез е главна препрека за развој на ефективна конкуренција. Бариерата за влез претставува рестрикција за влез на релевантен пазар која им овозможува на постојните оператори да ги зголемат цените над реалното конкурентно ниво.

Структурните бариери за влез може да се јават од следните причини:

- кога на релевантниот пазар постои оператор кој го достигнал нивото на економија на обем и економија на интеграција потребни за ефикасно обезбедување на релевантната услуга
- кога влезот на релевантниот пазар бара од новиот учесник значителна инвестиција и трошоци кои во нормални услови се рентабилни на долг рок, инаку напуштањето на пазарот пред тој временски период ќе претставува загуба (sunk cost).
- кога една или повеќе компоненти од постоечката мрежа се потребни за обезбедување на релевантната услуга од страна на новиот учесник на релевантниот пазар, а тие компоненти неможат технички да се дуплираат или можат да се дуплираат со огромни трошоци кои кај новиот учесник и во првичната фаза на влез на пазарот и во континуитет не му овозможуваат економска исплатливост.

На пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии во периодот кој го опфаќа оваа анализа има ситуација на постоење на една доминантна мрежна инфраструктури на операторот со значителна пазарна моќ Македонски Телеком. Повеќе алтернативни оператори поседуваат јавна електронска комуникациска мрежа преку која можат да се појават како учесници на овој пазар, но истите немаат покриеност како таа на Македонски Телеком и не можат да стигнат до секој корисник или подрачје на територијата на државата. Изградбата на таква мрежа е доста скапа работа и не може да се реализира во краток временски период.

---

[5] **Commission guidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (2002/C 165/03)**

Во согласност со работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE, ставот 4.2.3. објаснува дека повеќе паралелни мрежи се изградени и оперативно функционални на познајчајни рути и во поголемите центри. Меѓутоа, кога е во прашање услугата терминиран сегмент на изнајмена линија јасно е отсуството на повеќе мрежи кои ја покриваат територијата на државата, како онаа на операторот со значителна пазарна моќ МКТ кои би биле конкурентни и преку нив би можело да се обезбеди непречено функционирање на оваа услуга. Ова сугерира дека бариерите за влез на овој пазар сеуште остануваат високи, од аспект на потребните високи инвестиции како и појавата на "sunk costs" кои треба да се имаат предвид. Овој тренд на развој на паралелни мрежи е мошне веројатно дека ќе продолжи да се одвива и понатаму што би водело до постигнување на ефективна конкуренција на пазарот, меѓутоа се заклучува дека во моментот ова не е случај. Од овие причини овој големопродажен пазар сеуште се наоѓа на листата за регулација на релевантни пазари на ЕК (2007/879/EC) од 2007 год.

Понатаму, врз основа на препораките на Европската комисија, легалните бариери не зависат од економски услови, но произлегуваат од законодавни, административни или други слични мерки кои индиректно влијаат на влезот на нови оператори/учесници на пазарот.

Врз основа на Извештајот за три критериа тест број 080604 од Групата на европски регулатори (ERG), главните легални бариери за влез на пазарот се следните:

- **Потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа;**
- **Ограничувања и услови поврзани со употребата на радиофреквенцискиот спектар;**
- **Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот.**

Правни или регулаторни бариери се бариери кои не се засноваат на економските услови, а се резултат на законодавни, административни или други државни мерки, кои во одреден степен го ограничуваат пристапот до пазарот на потенцијалните конкуренти или нивното идно однесување.

- **Потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа**

Согласно ЗЕК во член 60 став (1) е наведено дека пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до Агенцијата. Во член 60 став (2) се наведува дека врз основа на нотификацијата од ставот (1) на овој член операторот има право да обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, односно да гради, работи и управува со јавна електронска комуникациска мрежа или да овозможи достапност на истата, согласно со овој закон. Согласно овој законски основ секоја компанија која ќе ги испочитува законските одредби и ќе се нотифицира може непречено да ја обезбедува услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот. Според тоа пречка од ваков административен вид како бариера на пазарот не постои.

- **Ограничувања и услови поврзани со употребата на радиофреквенцискиот спектар**

Наведената бариера може да се однесува и на пазарот кој е предмет на оваа анализа земајќи ги во предвид услугите како изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH). Пазарното учество на оваа услуга е занемарливо, и од овој аспект ваквиот вид на ограничување нема големо влијание на релевантниот пазар.

- **Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот**

АЕК верува дека не постојат одредби во ЗЕК или подзаконските акти, со кои може да се оневозможи на операторот кој ја изградил сопствената мрежа да оствари влез на пазарот обработен во овој документ и да започне да обезбедува комерцијална услуга за терминални сегменти на изнајмени линии на големопродажба.

Врз основа на горе образложениот прв критриум за постоење на високи и постојани бариери за влез на релевантниот пазар кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа, АЕК констатира постоење на такви структурни бариери за влез на овој пазар како што е образложено погоре. Од аспект на постоењето на легалните бариери може да се заклучи дека самиот ЗЕК овозможува непречен влез и работа на потенцијален нов или постоечки оператор на овој релевантен пазар и со тоа таквите правни бариери од аспект на ЗЕК немаат големо влијание. Но, она што има огромно влијание и претставува правна бариера за влез и развој на ваквите мрежи претставуваат дозволите за градба и поставување на мрежна инфраструктура која операторите треба да ја обезбедат од надлежните органи.

Според се погоре образложено АЕК смета деак првиот критериум за спроведување на претходна регулација (ex-ante) на овој релевантен пазар е исполнет и ќе продолжи со понатамошна анализа на овој релевантен големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 25 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор не се согласува со констатацијата на Агенцијата дека потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа не претставува бариера. Имено, сметаме дека нецелосно Агенцијата се осврнува само на процесот на нотификација пред Агенцијата и издавањето на потврда за регистрација од страна на Агенцијата. Ставот на Вип оператор е дека изградбата на јавна комуникациска мрежа е условена и од добивање на други дозволи/одобренија и од други органи, покрај Агенцијата за електронски комуникации.

Имено, единиците на локалната самоуправа издаваат одобренија за градба за мрежна инфраструктура, кои често се поврзани со многу долги рокови и високи трошоци, често и со неможност да се изгради одредена инфраструктура. Оттука, Вип оператор тврди дека постојат легални бариери и истите не овозможуваат непречно обезбедување на услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот. На основа на тоа, Вип оператор не се согласува со констатацијата дека не постои пречка од административен тип како бариера, односно ставот на Вип оператор е дека бариера постои и истата значително го отежнува навременото и непречно обезбедување на услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот.

Имено, од аспект на постапката за нотификација бариера нема, бидејќи процесот е едноставен, меѓутоа аналогно на наведеното во рамки на точка 15.1 од оваа анализа, она што има огромно влијание и претставува правна бариера за влез и развој на ваквите мрежи се дозволите за градба и поставување на мрежна инфраструктура која операторите треба да ја обезбедат од надлежните органи. Се додека не се создадат услови во тој сегмент од административен аспект, сметаме дека паралелните инфраструктури ќе се градат поспоро во однос на инфраструктурите на операторот со значителна пазарна моќ кои што веќе се изградени со што тој оператор има и ќе има конкурентна

предност, односно не постои еднаква основа за конкурентност и создавање на ефективна конкуренција на овој пазар. Следствено, се до надминување на овие различности и создавање на еднакви услови за конкурентен натпревар помеѓу сите страни сметаме дека мерката "Потреба за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа" какои слични овде образложени мерки претставуваат правни или регулаторни бариери кои не се засноваат на економските услови, а се резултат на законодавни, административни или други државни мерки, кои во одреден степен го ограничуваат пристапот до пазарот на потенцијалните конкуренти или нивното идно однесување.

Следствено, ценејќи по овој тип на бариери, Вип оператор е на став дека регулацијата со сите досегашни обврски е потребно да биде продолжена врз операторот со значителна пазарна моќ како на пазарот на терминирани сегменти така и на пазарот на пренсосни сегменти на изнајмени линии.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Агенцијата смета дека од аспект на отпочнување со обезбедување на услугата изнајмени линии на пазарот не постојат легални бариери. Изградбата на мрежа и дозволи кои треба да се добијат, во случаевите кога доцни нивното решавање се прашање на ефикасноста на работењето на органот што ги издава а не на постоење на легална бариера, поради тоа што таа постапка е законски пропишана. Според тоа истите не можат да се третираат како легална бариера која е воспоставена со Закон или друг правен акт.

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор не се согласува со наведената констатација. Конкретно, ставот на Вип оператор е дека наведената бариера се однесува на пазарот кој е предмет на оваа анализа и значително влијае за непречно обезбедување на услугата, особено за изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH).

АЕК одговор: Коментарот делумно се прифаќа. Услугата изнајмена линија преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH) што е спомената, претставува дел од дефиницијата на пазарот. Текстот ќе биде соодветно корегиран. Но сепак, од аспект на операторот со значителна пазарна моќ оваа услуга не е опфатена во дефиницијата на услуги врз кои во понатамошниот текст се спроведува анализата.

## 15.2 Втор критериум - Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамки на релевантен временски период

Вториот критериум се однесува дали во отсуство на претходна регулација (ex-ante) пазарот има тенденција да има ефикасна конкуренција во временскиот интервал од три години до кога најдоцна треба да се спроведе следна анализа. Според работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE со вториот критериум треба да се покаже дали и при евентуалното постоење на високи бариери за влез на пазарот недостасува можноста за ефикасна конкуренција на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии во рамките на предметниот тригодишен период до следната анализа.

Анализата на горенаведениот критериум треба да доведе до заклучок дали структурата на пазарот обработена во овој документ се стреми кон развој на ефективна конкуренција. Анализа на овој критериум би требало да се движи во насока на проверка на условите на пазарот кои водат кон ефективна конкуренција. Исто така потребно е да се утврди дали и покрај постоење на потенцијални бариери за влез на пазарот, дали во перспективен период од три години би можело да се очекува истиот да се развива и движи кон ефективно конкурентен пазар. Желбата за развој на одржлива конкуренција во соодветен временски период, незначи дека истото ќе се случи за краток временски период но значи дека со анализата е утврдено дека постои одредена динамика на пазарни настани кои може да доведат до ефикасна пазарна конкуренција.

При разгледувањето на овој критериум ЕК препорачува разгледување на неколку показатели кои ја опишуваат динамиката на развој на ефективна конкуренција на пазарот:

- пазарен удел
- ценовен тренд и ценовно однесување
- контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно
- услуги врзани во пакет
- бариери за проширување
- потенцијална конкуренција

*Уделот на пазарот*: Пазарниот удел на операторите на релевантните пазари е значаен показател за пазарната моќ на истите. Европската комисија со Основните напатствија за вршење на анализа на релевантни пазари 1 ја дефинираат значителната пазарна моќ на релевантен пазар:

„операторите и давателите на услуги кои имаат помалку од 25 % удел на релевантниот пазар се смета дека не поседуваат доминантна позиција, додека учеството кое изнесува повеќе од 40 % се претпоставува дека има доминантна позиција. Случај на многу висок пазарен удел од над 50 % е доказ за постоење на доминантна позиција.„

Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 3:

"се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговото учество на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40 %, освен ако претпријатието не го докаже спротивното."

Големото пазарно учество на операторот со значителна пазарна моќ е значаен показател за постоење на доминантна положба на релевантните пазари, како што произлегува од судската практика на судот на Европската заедница каде операторот има пазарно учество поголемо од 50% само по себе е доказ за постоење на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар. Мерките кои е потребно да се употребат при мерењето на пазарното учество се различни,во зависност од значајноста на релевантниот пазар.

Македонски Телеком АД не е единствениот оператор кој обезбедува услуга за терминални сегменти на изнајмена линија на овој големопродажен пазар. Мора да се истакне дека Македонски Телеком АД е најголем оператор и поседува доминантен пазарен удел од 91%, но покрај него постојат и други оператори кои исто така ја обезбедуваат оваа услуга на релевантниот големопродажен пазар и тоа: Македонски Железници Скопје, Телекс ДОО Скопје, Вива Нет ДООЕЛ Берово, Транс Балкан Телеком ДООЕЛ Скопје и Фикаб ДОО увоз-извоз Тетово. Нивното пазарно учество изнесува вкупно 5% од големопродажен пазар на изнајмени линии вклучително и преносни и терминални сегементи на изнајмени линии. Пазарниот удел на операторите според број на линии во големопродажба е даден во графиконот во прилог

**Графикон 1 Изнајмени линии вкупно (големопродажба)**




Од прикажаните податоци може да се забележи дека операторот Македонски Телеком поседува 91% удел на пазарот за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии и според тоа АЕК не наоѓа индикации дека предметниот пазарен удел на Македонски Телеком АД ќе биде значително изменет во блиска иднина. Пазарниот удел единствено може да покаже дека Македонски Телеком е оператор со значителна пазарна моќ на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии.

**Графикон 2 Пазарен удел на операторите за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии (број на линии)**




Од графиконот се гледа дека пазарниот удел на МКТ е сеуште значителен, но постоењето на паралелни инфраструктури, појавата на повеќе оператори кои преку различни технологии обезбедуваат услуги на преносни сегменти на изнајмени линии во големопродажба на пазарот покажува дека овој пазар во периодот од три години кој го опфаќа оваа анализа би можел да се движи кон ефективна конкуренција. Со тоа може да се заклучи дека наметнување на претходна регулација (ex-ante) на овој релевантен големопродажен пазар не е неопходен чекор.

**Графикон 3 Пазарен удел на операторите за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии (приходи)**




*Технолошки развој на пазарот*: Пазарите кои што се водени од иновациите и од конвергенцијата на продуктите и услугите се смета дека имаат тенденција кон ефикасна конкуренција. Кај овие пазари кои што се водени од иновациите и од конвергенцијата на продуктите и услугите во подолг рок се смета дека конкуренцијата ќе биде наметната од операторите кои што во моментот на анализирањето на пазарот не претставуваат значителни конкуренти на пазарот. Меѓутоа поради специфичноста на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии, каде според дефиницијата на услугата станува збор за сегмент на услуга која се обезбедува до крајнито корисник за негови потреби ( на пример банка, осигурителна компанија, институција итн) ќе се заклучи дека можноста од појава на ваков потенцијал е значително намалена поради недостиг од развиени мрежни инфраструктури кои би можеле да се појават како нови потенцијални играчи на овој пазар. И покрај тоа што има неколку оператори кои ја обезбедуваат оваа услуга сепак тие се мали играчи и не поседуваат мрежа на целата територија со што имаат и ограничен пристап до своите клиенти. Таков потенцијал може да биде забележан кај определени постоечки играчи на пазарот како на пример операторот Телесмарт Телеком кој поседува значителна мрежна инфраструктура, но и кај определени нови помали играчи кои обезбедуваат изнајмени линии преку безжична технологија како на пример операторот ВИП, но сепак погорните ограничувања влијаат значително на нивното работење.

Моментално пазарот за преносни и терминални сегменти на изнајмени линии се заснова на претходна регулација на технолошките решенија на Македонски Телеком АД Скопје базирани на SDH технологија. Поради тоа и понудата на овој оператор за овој големопродажен продукт презентирана преку Референтната понуда за преносни и терминални сегменти на изнајмени линии ја рефлектира топологијата на SDH мрежата на Македонски Телеком АД Скопје. Цените за преносните сегменти на изнајмени линии во референтната понуда се однесуваат на брзини кои што може да се обезбедат преку SDH мрежата на Македонски Телеком АД Скопје ( 64 kbps; 2 Mbps; 34 Mbps И 155 Mbps). Но во исто време постои тренд на пазарот во кој што оваа технологија го отстапува местото на посупоериорни технологии наменети за пренос на податоци како што се етернет и MPLS. Овие технологии се ориентирани на комутација на пакети наместо на комутација на кола и се поефикасни во реализирањето на целта за пренос на податоци па поради тоа ги заменуваат старите технологии како

SDH И PDH технологиите. Новите оператори ги обезбедуваат услугите на изнајмени линии преку новите технологии. Исто така и Македонски Телеком АД Скопје веќе ги имаат воведено новите технологии базирани на комутација на пакети (етернет и MPLS) и истите ги нудат на малопродажно ниво и не се предмет на претходна регулација. Изнајмените линии може да се реализираат и како дополнителен сервис на веќе понудениот сервис на интернет поврзаност на крајниот корисник, преку тунелирање на податоците преку јавната интернет мрежа т.е. виртуелни приватни мрежи (VPN Virtual Private Network). Иако ваквата услуга овозможува голема безбедност и високо ниво на заштита на приватноста на податоците што се пренесуваат преку овие VPN тунели истите немаат висока достапност како што се традиционалните изнајмени линии, бидејќи достапноста на оваа услуга зависи од достапноста на интернет конективноста. Но сепак ваквиот тип на изнајмени линии до одредено ниво може да ги задоволат потребите на одредени клиенти кои што немаат големи побарувања во однос на достапноста.

Во согласност со работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE,, во врска со овој критериум нагласено е дека овој критериум е од динамичка природа и како таков треба да биде разгледуван. Според заклучоците може да се утврди дека на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии операторот МКТ сеуште е доминантен Постоењето на различни паралелни инфраструктури на други оператори кои се во можност да ја обезбедуваат истата услуга преку користење на различни технолошки решенија се движи кон појава на конкурентски притисок врз операторот со доминантна пазарна моќ, но во моментот истиот е недоволен за да направи значителна конкурентски притисок што би довело до појава на корекција на цените или завземање на значително поголем пазарен удел од страна на алтернативните играчи. На оваа состојба секако влијаат и погоренаведените карактеристики на самата услуга и нивото на развој на мрежи, со што може да се донесе заклучок дека сеуште во моментот а и во периодот кој го опфаќа оваа анализа не може да се очекува дека овој пазар ќе покаже тенденција кон ефикасна конкуренција. Според тоа може да се каже дека и овој критериум е исполнет за спроведување на претходна регулација (ex-ante) на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии.

Прашање бр. 26 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува.

## 15.3 Трет критерум - Недоволност на Законот за конкуренција (во услови на непостоење на ех-анте регулација) за регулирање на релевантниот пазар.

Третиот критериум се однесува на проценката дали правото на заштита на конкуренцијата е доволно за надминување на неефикасна конкурентна средина која што се претпоставува дека постои на пазарот. Генералниот заклучок дали пазарот подлежи на ex-ante регулација зависи и од проценката дали правото за заштита на конкуренцијата е доволно за надминување на неефикасната конкурентна средина, утврдена на пазарот како резултат на исполнувањето на првите два критериума.

Во Република Македонија тело овластено да го применува правото за заштита на конкуренцијата е Комисијата за Заштита на Конкуренцијата. Нејзината дејност се базира пред се на ex-post регулација.

Регулаторни мерки од ова тело се применуваат кога ќе се утврди дека од даден учесник на пазарот се извршени активности кои доведуваат до нарушување на конкуренцијата. Тоа е и суштинската разлика во однос на примената на ex-ante регулација, каде наметнувањето на одредени обврски има за цел да го спречи нарушувањето на условите за развој на конкуренцијата. Во случај на ex-ante регулација контролата се врши превентивно, за разлика од принципот типичен за активностите на КЗК за подоцнежна контрола.

Согласно член 11 „Злоупотреба на доминантна позиција" став (1) од Законот за заштита на конкуренција „забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел". Во член 11 став (2) од истиот закон се дадени 6 особени случаи на злоупотреба на доминантна позиција, при што оваа листа не е исцрпна и конечна. Односно, доколку за одредено однесување кое не е наведено во овие 6 особени случаи се утврди дека претставува злоупотреба на доминантна позицијаа, истото може да се подведе под општата забрана за злоупотреба на доминантна позиција. Во член 48 „Истражување во одделни сектори на економијата и одделни видови на договори став (1) од Законот за заштита на конкуренција, е определено дека „ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, КЗК може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата".

Во членот 52 „Мерки за воспоставување на ефективна конкуренција" став (1) е дефинирано дека КЗК „може на сторителот на прекршокот со решение да му наложи потребни мерки на однесување и структурни мерки за отстранување на штетните последици од нарушувањето на конкуренцијата настанати со прекршокот и да определи рокови за нивно извршување".

Во член 59 „Потешки прекршоци" став (1) точка 2) „Комисијата за одлучување по прекршок на претпријатието односно здружението на претпријатија со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од Законот за заштита на конкуренција".

Ex-post регулација сепак предвидува преземање на мерки само кога ќе се утврди дека постои неосновано одбивање за обезбедување на пристап, наметнување на нефер продажни цени, ценовен притисок, како и други форми на работни и/или структурни злоупотреби на доминантна позиција со што ќе биде оневозможено алтернативниот оператор да дејствува како конкурент на релевантниот пазар.

Искуствата на АЕК во врска со регулацијата на телекомуникацискиот пазар укажуваат дека операторот, кој поседува значителна пазарна моќ може да се ангажира во широк спектар на постапки со цел одложување и/или спречување на ефективната конкуренција. Во случаите кога пристапот до услугата за терминални сегменти на изнајмени линии е неопходен за ефективна конкуренција на малопродажниот пазар, операторот со значителна пазарна моќ може да ја зацврсти својата пазарна позиција, попречувајќи, ограничувајќи или одбивајќи да овозможи пристап до сопствената електронска комуникациска мрежа на големопродажниот пазар, бидејќи во принцип не само што нема економски интерес да овозможи пристап, туку на таков начин се стреми да ја ограничи конкуренцијата. Меѓутоа, покрај тоа потребно е при одлучувањето дали правото на заштита на конкуренција е доволно за да овозможи развој на конкуренцијата на овој пазар, задолжително да се има во предвид и природата на услугата. Овој вид на услуга најчесто се користи од поголеми

корисници како што се комерцијални правни лица (банки, осигурителни институции итн) или пак државните институции. Овие правни лица ја купуваат оваа услуга најчесто преку тендерски постапки (независно дали според Законот за јавни набакви во РМ или пак интерни тендерски процедури) што во голема мерка ја усложнува постапката за користење на оваа услуга. Ова значи дека директно се усложнува и можноста за навремена ex post интервенција од страна на органот надлежен за заштита на конкуренцијата. Имајќи предвид дека станува збор за мал пазар како и релативно поголеми корисници на услугата терминални сегмнти на изнајмени линии, АЕК доаѓа до заклучок дека во овој случај правото на заштита на конкуренција е ограничено во својата можност да делува и превенира некои можни ситуации на злоупотреба на доминантната пазарна моќ.

Исто така, треба да се земе предвид дека правото на конкуренција интервенира само ex post и ефектира најчесто само за поединечни, конкретни постапки, кои немаат превентивен карактер, односно таков, кој ќе спречува појавување на пазарни неправилности во иднина. Од друга страна, регулаторните инструменти со кои располага АЕК се применуваат според принципот на превенција на можни пазарни проблеми. Затоа АЕК смета дека ex-ante мерките остануваат како нејефикасен инструмент за отстранување на неправилностите кои би можеле да се појават на анализираниот пазар и самото право за конкуренција не е доволно за да бидат отстранети, а пред се да се спречат во иднина да се појават неправилности и опасностите кои што штетно ќе влијаат на развојот на конкуренцијата. Според тоа може да се донесе заклучок дека и третиот критериум за воспоставување на претходна ex ante регулација на овој релевантен пазар е исполнет.

Прашање бр. 27 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува.

## 15.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии

По примената на тестот на трите критериуми може да се дојде до заклучок дека пазарот за услуги за терминални сегменти на изнајмени линии кумулативно ги задоволува трите применети критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период;
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

односно сите три критериуми за примена на ex-ante регулација се исполнети.

Според тоа овој пазар е неопходно да биде подложен на претходна регулација односно потребно е продолжување на процесот на анализа на овој релевантен пазар и утврдување на доминантна пазарна моќ на операторите.

Согласно членот 77 од ЗЕК - Критериуми за определување на оператор на електронски комуникациски услуги со значителна пазарна моќ, при процената дали еден оператор има значителна пазарна моќ на

одреден пазар Агенцијата ги има предвид особено следниве критериуми кои не се применуваат кумулативно:

- уделот што операторот го има на релевантен пазар,
- големината на операторот,
- контрола на инфраструктурата која не може лесно да се дуплира,
- технолошките предности и супериорност,
- недостатокот на компензациска куповна моќ,
- едноставен или привилегиран пристап до пазари на капитал или финансиски извори
- степен на диверсификација (разновидност) на производи или услуги,
- економии на обем,
- економии на интеграција,
- степен на вертикална интеграција,
- високо развиена дистрибутива и продажна мрежа,
- недостаток на потенцијална конкуренција,
- бариери за развивање,
- високи цени,
- лесен влез на пазарот и
- трошоци и бариери за користење на нови услуги.

Согласно членот 76 став 1 од ЗЕК – оператори со значителна пазарна моќ, Оператор се смета дека поседува значителна пазарна моќ на пазар на јавни комуникациски мрежи или услуги, доколку самостојно,или заедно со други оператори има доминатна позиција, односно, поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар.

| |
|---|
| Прашање бр. 28 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор се согласува.

## 16. Три критериум тест – големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии

Следен чекор во анализата е примената на три критериум тест со цел да се утврди дали пазарот за услугата за преносни сегменти на изнајмени линии треба да биде предмет на ex-ante регулација. Согласно членот 79 – спроведување на анализа на релевантните пазари од ЗЕК (Сл. весник 39 / 2014), агенцијата спроведува анализа на релевентнати пазари имајќи ги предвид препораките на Европската комисија за утврдување на релевантни пазари на производи и услуги и каде што е соодветно во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата.

Согласно членот 80 - Утврдување на релевантни пазари на производи и услуги став 2 (ЗЕК), при утврдувањето на релевантните пазари на производи и услуги Агенцијата треба
да утврди дека кумулативно се исполнети следниве три критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период и
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

Во случај кога истовремено се задоволени сите три критериуми, АЕК може да утврди релевантен пазар подложен на претходна регулација на кој нема воопшто или има недоволна конкурентност по што ќе спроведе анализа со која ке се утврди нивото на пазарна конкуренција, односно ќе се утврди дали на пазарот постои оператор кој поседува значителна пазарна моќ.

Согласно членот 81 – преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги (ЗЕК), Агенцијата во определени временски периоди кои не можат да бидат подолги од три години во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, е должна да го преиспита утврдениот релевантен пазар на производи и услуги. Во согласност со овој член АЕК на почетокот од анализата на релевантниот големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии, ќе спроведе три критериум тест со кој ќе испита дали и понатаму се исполнети сите критериуми неопходни за претходна регулација на истиот.

Главната разлика помеѓу три критериум тестот и процесот на анализирање на пазарот , е тоа што со три критериум тестот се става акцент на развојот и структурата на пазарот, а во процесот на спроведување на анализа на релевантниот пазар акцентот се става на односот помеѓу операторите кои дејствуваат на тој релевантен пазар, можноста од злоупотреба на доминантна пазарна моќ од страна на еден оператор и постоење можност за потенцијално неконкурентско однесување.

## 16.1 Прв критериум - присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа

Согласно ЗЕК, Методологијата за анализа на релевантните пазари на АЕК и Упатството на Комисијата за анализа на пазари и проценка на пазарна моќ.... (2002/C 165/03)[6], бариерите кои се јавуваат како резултат на структурните карактеристики на релевантниот пазар се дефинирани како структурни бариери а бариерите кои се јавуваат како резултат на правни и регулаторни окружувања се дефинирани како легални бариери.

При анализата согласно со овој критериум АЕК го истражува постоењето на високи и постојани структурни, правни или регулаторни бариери за влез на одреден пазар во рамките на временска рамка до следната анализа а која согласно член 81 од ЗЕК не може да биде подолг од три години.

Структурни бариери за влез на пазарот се оние кои се појавуваат како резултат на потребните првични трошоци или условите на побарувачката и создаваат нееднакви услови помеѓу операторот со значителна пазарна моќ на пазарот и останатите оператори на електронски комуникациски мрежи/услуги кои што сакаат да влезат на пазарот односно го отежнуваат или попречуваат влезот на нови играчи на пазарот. Присуството на високи и постојани бариери за влез е главна препрека за развој на ефективна конкуренција. Бариерата за влез претставува рестрикција за влез на релевантен пазар која им овозможува на постојните оператори да ги зголемат цените над реалното конкурентно ниво.

Структурните бариери за влез може да се јават од следните причини:

- кога на релевантниот пазар постои оператор кој го достигнал нивото на економија на обем и економија на интеграција потребни за ефикасно обезбедување на релевантната услуга
- кога влезот на релевантниот пазар бара од новиот учесник значителна инвестиција и трошоци кои во нормални услови се рентабилни на долг рок, инаку напуштањето на пазарот пред тој временски период ќе претставува загуба (sunk cost).
- кога една или повеќе компоненти од постоечката мрежа се потребни за обезбедување на релевантната услуга од страна на новиот учесник на релевантниот пазар, а тие компоненти неможат технички да се дуплираат или можат да се дуплираат со огромни трошоци кои кај новиот учесник и во првичната фаза на влез на пазарот и во континуитет не му овозможуваат економска исплатливост.

На пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии во периодот кој го опфаќа оваа анализа има ситуација на постоење на пвеќе паралелни конкурентни инфраструктури од неколку оператори кои преку користење на различни технолошки решенија можат да ја обезбедат големопродажната услуга за преносни сегменти на инајмени линии.

Во согласност со работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE, ставот 4.2.3. објаснува дека повеќе паралелни мрежи се изградени и оперативно функционални на познајчајни рути и во поголемите центри. Ова сугерира дека бариерите за влез на овој пазар може да се сметаат за ниски. Овој тренд на воспоставување на паралелни мрежи е мошне веројатно дека ќе продолжи да се одвива и понатаму што би водело до постигнување на ефективна конкуренција на

---

**[6] Commission guidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (2002/C 165/03)**

пазарот. Од овие причини овој големопродажен пазар е отстранет од листата за регулација на релевантни пазари на ЕК (2007/879/ЕС) од 2007 год, врз основа на заклучокот дека не постојат повеќе високи и постојани бариери за влез на овој релевантен пазар и постои јасен тренд на движење кон ефективна конкуренција заснована на паралелни инфрструктури.

Врз основа на препораките на Европската комисија, легалните бариери не зависат од економски услови, но произлегуваат од законодавни, административни или други слични мерки кои индиректно влијаат на влезот на нови оператори/учесници на пазарот.

Врз основа на Извештајот за три критериа тест број 080604 од Групата на европски регулатори (ERG), главните легални бариери за влез на пазарот се следните:

- Потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа;
- Ограничувања и услови поврзани со употребата на радиофреквенцискиот спектар;
- Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот.

Правни или регулаторни бариери се бариери кои не се засноваат на економските услови, а се резултат на законодавни, административни или други државни мерки, кои во одреден степен го ограничуваат пристапот до пазарот на потенцијалните конкуренти или нивното идно однесување.

- Потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа

Согласно ЗЕК во член 60 став (1) е наведено дека пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до Агенцијата. Во член 60 став (2) се наведува дека врз основа на нотификацијата од ставот (1) на овој член операторот има право да обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, односно да гради, работи и управува со јавна електронска комуникациска мрежа или да овозможи достапност на истата, согласно со овој закон. Согласно овој законски основ секоја компанија која ќе ги испочитува законските одредби и ќе се нотифицира може непречено да ја обезбедува услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот. Според тоа пречка од ваков административен вид како бариера на пазарот не постои.

- Ограничувања и услови поврзани со употребата на радиофреквенцискиот спектар

Наведената бариера не се однесува на пазарот кој е предмет на оваа анализа.

- Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот

АЕК верува дека не постојат одредби во законот или подзаконски акти, со кои може да се оневозможи на операторот кој ја изградил сопствената мрежа да оствари влез на пазарот обработен во овој документ и да започне да обезбедува комерцијална услуга за преносни сегменти на изнајмени линии на големопродажба.

Врз основа на горе образложениот прв критриум за постоење на високи и постојани бариери за влез на релевантниот пазар кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа, АЕК

заклучува дека такви бариери не постојат односно дека првиот критериум за спроведување на претходна регулација (ex-ante) на овој релевантен пазар не е исполнет.

| Прашање бр. 29 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |
|---|

Коментар на оператор ВИП:

Во врска со оваа констатација, за Вип оператор останува нејасно дали Агенцијата цени дека на големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии е постигната ефективна конкуренција?

Ова пред се ако се има во предвид фактот дека операторот Македонски Телеком поседува дури 91% пазарно учество (како што е изнесено подолу во Анализата, а сосема малиот пазарен удел кој отпаѓа на паралелните инфраструктури покажува дека не постои оператор кој со своето делување би можел да изврши значителен конкурентски притисок врз постојниот оператор со значителна пазарна моќ на овој релевантен големопродажен пазар.

Конкретно Вип оператор смета дека нивото неопходно за да се констатира ефективна конкурентност на овој пазар е далеку од достигнато, со што моменталните пазарни прилики воопшто не дозволуваат да се дојде до оценка дека треба да се избрише овој пазар од листата на пазари кои се подоложни на претходна регулација. Сето ова го потврдува и констатацијата утврдена во оваа Анализа, во рамки на точка 16.2., став 6 и 7 согласно која кај овој пазар во подолг рок се смета дека конкуренцијата ќе биде наметната од операторите кои што во моментот на анализирањето на пазарот не претставуваат значителни конкуренти на пазарот, како и фактот дека истите не можат да го нарушат пазарниот удел на инкамбентот.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Според податоците што се истакнати во анализата јасно се одредени пазарните удели на големопродажба и малопродажба. Истовремено, истакнато е постоењето и развојот на паралелни инфраструктури кои би можеле и се појавуваат како обезбедувачи на услуги на релевантниот пазар. Овој тренд на развој на паралелни мрежи е мошне веројатно дека ќе продолжи да се одвива и понатаму што би водело до постигнување на ефективна конкуренција на пазарот. Што значи дека и во согласност со со работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE и оваа анализа која го има “forward looking” пристапот, се очекува појава на ефективна конкуренција во следниот период.

Коментар на оператор ВИП:

Аналогно на погоре изнесеното, уште еднаш посочуваме дека Вип оператор не се согласува со констатацијата на Агенцијата дека потребата за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа не претставува бариера. Имено, сметаме дека нецелосно Агенцијата се осврнува само на процесот на нотификација пред Агенцијата и издавањето на потврда за регистрација од страна на Агенцијата. Ставот на Вип оператор е дека изградбата на јавна комуникациска мрежа е условена и од добивање на други дозволи/одобренија и од други органи, покрај Агенцијата за електронски комуникации.

Имено, единиците на локалната самоуправа издаваат одобренија за градба за мрежна инфраструктура, кои често се поврзани со многу долги рокови и високи трошоци, често и со неможност да се изгради одредена инфраструктура. Оттука, Вип оператор тврди дека постојат легални бариери и истите не овозможуваат непречно обезбедување на услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот. На основа на тоа, Вип оператор не се согласува со констатацијата дека не постои пречка од административен тип како бариера, односно ставот на Вип оператор е дека бариера постои и истата значително го отежнува навременото и непречно обезбедување на услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот.

Имено, од аспект на постапката за нотификација бариера нема, бидејќи процесот е едноставен, меѓутоа аналогно на наведеното во рамки на точка 15.1 од оваа Анализа, она што има огромно влијание и претставува правна бариера за влез и развој на ваквите мрежи се дозволите за градба и поставување на мрежна инфраструктура која операторите треба да ја обезбедат од надлежните органи. Се додека не се создадат услови во тој сегмент од административен аспект, сметаме дека паралелните инфраструктури ќе се градат поспоро во однос на инфраструктурите на операторот со значителна пазарна моќ кои што веќе се изградени со што тој оператор има и ќе има конкурентна предност, односно не постои еднаква основа за конкурентност и создавање на ефективна конкуренција на овој пазар. Следствено, се до надминување на овие различности и создавање на еднакви услови за конкурентен натпревар помеѓу сите страни сметаме дека мерката "Потреба за административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа" какои слични овде образложени мерки претставуваат правни или регулаторни бариери кои не се засноваат на економските услови, а се резултат на законодавни, административни или други државни мерки, кои во одреден степен го ограничуваат пристапот до пазарот на потенцијалните конкуренти или нивното идно однесување.

Следствено, ценејќи по овој тип на бариери, Вип оператор е на став дека регулацијата со сите досегашни обврски е потребно да биде продолжена врз операторот со значителна пазарна моќ како на пазарот на терминирани сегменти така и на пазарот на пренсосни сегменти на изнајмени линии.

АЕК одговор: АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Агенцијата смета дека за отпочнување со обезбедување на услугата изнајмени линии на пазарот не постојат легални бариери. Изградбата на мрежа и дозволи кои треба да се добијат, во случаевите кога доцни нивното решавање се прашање на ефикасноста на работењето на органот што ги издава а не на постоење на легална бариеа. Според тоа истите не можат да се третираат како легална бариера која е воспоставена со Закон или друг правен акт.

Коментар на оператор ВИП:

Во врска со оваа констатација ставот на Вип оператор е дека во ЗЕК не постојат одредби со кои може да му се оневозможи на операторот кој ја изградил сопствената мрежа да оствари влез на пазарот, меѓутоа органите на локална самоуправа можат сериозно да го спречат, успорат или значително поскапат процесот на изградба на мрежна инфраструктура ако се имаат во предвид можните застои од административна природа.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот е даден погоре.

Коментар на операторот ВИП:

Согласно претходната аргументација за несогласување со низа ставови од Точка 16.1, Вип оператор посочува дека целосно НЕ се согласува со наведената констатација на Агенцијата дека присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа.

Уште повеќе, Вип оператор е на став дека регулацијата на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии треба да се прошири и врз изнајмените линии обезбедени со Ethernet/IP/MPLS технологија, согласно претходно аргументираното.

АЕК одговор: АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Одговорот е даден погоре.

## 16.2 Втор критериум - Степенот на конкурентност не земајќи ги во предвид бариерите за влез

Вториот критериум се однесува дали во отсуство на претходна регулација (ex-ante) пазарот има тенденција да има ефикасна конкуренција во временскиот интервал од три години до кога најдоцна треба да се спроведе следна анализа. Според работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE со вториот критериум треба да се покаже дали и при евентуалното постоење на високи бариери за влез на пазарот недостасува можноста за ефикасна конкуренцијата на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии во рамките на предметниот тригодишен период до следната анализа.

Анализата на горенаведениот критериум треба да доведе до заклучок дали структурата на пазарот обработена во овој документ се стреми кон развој на ефективна конкуренција. Анализа на овој критериум би требало да се движи во насока на проверка на условите на пазарот кои водат кон ефективна конкуренција. Исто така потребно е да се утврди дали и покрај постоење на потенцијални бариери за влез на пазарот, дали во перспективен период од три години би можело да се очекува истиот да се развива и движи кон ефективно конкурентен пазар. Желбата за развој на одржлива конкуренција во соодветен временски период, незначи дека истото ќе се случи за краток временски период но значи дека со анализата е утврдено дека постои одредена динамика на пазарни настани кои може да доведат до ефикасна пазарна конкуренција.

При разгледувањето на овој критериум ЕК препорачува разгледување на неколку показатели кои ја опишуваат динамиката на пазарот.

*Уделот на пазарот*: Македонски Телеком АД не е единствениот оператор кој обезбедува услуга за преносен сегмент на изнајмена линија на овој големопродажен пазар. Мора да се истакне дека Македонски Телеком АД е најголем оператор и поседува доминантен пазарен удел од 91%, но покрај него постојат уште неколку помали оператори кои исто така ја обезбедуваат оваа услуга на релевантниот големопродажен пазар и тоа: Македонски Железници Скопје, Телекс ДОО Скопје, Вива Нет ДООЕЛ Берово, Транс Балкан Телеком ДООЕЛ Скопје и Фикаб ДОО увоз-извоз Тетово. Нивното пазарно учество изнесува вкупно 5% од големопродажен пазар на изнајмени линии вклучително и преносни и терминални сегементи на изнајмени линии. Пазарниот удел на операторите според број на линии во големопродажба е даден во графиконот во прилог

**Слика 11 Изнајмени линии вкупно (големопродажба)**




**Графикон 4 Пазарен удел на операторите за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии (број на линии)**




Од графиконот се гледа дека пазарниот удел на МКТ е сеуште значителен, но постоењето на паралелни инфраструктури, појавата на повеќе оператори кои преку различни технологии обезбедуваат услуги на преносни сегменти на изнајмени линии во големопродажба на пазарот покажува дека овој пазар во периодот од три години кој го опфаќа оваа анализа би можел да се движи кон ефективна конкуренција. Со тоа може да се заклучи дека наметнување на претходна регулација (ex-ante) на овој релевантен големопродажен пазар не е неопходен чекор.

**Графикон 5 Пазарен удел на операторите за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии (приходи)**




*Технолошки развој на пазарот*: Пазарите кои што се водени од иновациите и од конвергенцијата на продуктите и услугите се смета дека имаат тенденција кон ефикасна конкуренција. Кај овие пазари кои што се водени од иновациите и од конвергенцијата на продуктите и услугите во подолг рок се смета дека конкуренцијата ќе биде наметната од операторите кои што во моментот на анализирањето на пазарот не претставуваат значителни конкуренти на пазарот. Ваков потенцијал може да биде забележан кај определени постоечки играчи на пазарот како на пример операторот Телесмарт Телеком кој поседува значителна мрежна инфраструктура, но и кај определени помали учесници кои обезбедуваат изнајмени линии преку безжична технологија како на пример операторот ВИП, кој истовремено поседува определена мрежна покриеност на територијата на државата, и може да ја обезбедува услугата на големопродажниот пазар на изнајмени линии. Моментално пазарот за преносни и терминални сегменти на изнајмени линии се заснова на претходна регулација на технолошките решенија на Македонски Телеком АД Скопје базирани на SDH технологија. Поради тоа и понудата на овој оператор за овој големопродажен продукт презентирана преку Референтната понуда за преносни и терминални сегменти на изнајмени линии ја рефлектира топологијата на SDH мрежата на Македонски Телеком АД Скопје. Цените за преносните сегменти на изнајмени линии во референтната понуда се однесуваат на брзини кои што може да се обезбедат преку SDH мрежата на Македонски Телеком АД Скопје ( 64 kbps; 2 Mbps; 34 Mbps И 155 Mbps). Но во исто време постои тренд на пазарот во кој што оваа технологија го отстапува местото на посупоериорни технологии наменети за пренос на податоци како што се етернет и MPLS. Овие технологи се ориентирани на комутација на пакети наместо на комутација на кола и се поефикасни во реализирањето на целта за пренос на податоци па поради тоа ги заменуваат старите технологии како SDH И PDH технологиите. Новите оператори ги обезбедуваат услугите на изнајмени линии преку новите технологии. Исто така и Македонски Телеком АД Скопје веќе ги имаат воведено новите технологии базирани на комутација на пакети (етернет и MPLS) и истите ги нудат на малопродажно ниво и не се предмет на претходна

регулација. Изнајмените линии може да се реализираат и како дополнителен сервис на веќе понудениот сервис на интернет поврзаност на крајниот корисник, преку тунелирање на податоците преку јавната интернет мрежа т.е. виртуелни приватни мрежи (VPN Virtual Private Network). Иако ваквата услуга овозможува голема безбедност и високо ниво на заштита на приватноста на податоците што се пренесуваат преку овие VPN тунели истите немаат висока достапност како што се традиционалните изнајмени линии, бидејќи достапноста на оваа услуга зависи од достапноста на интернет конективноста. Но сепак ваквиот тип на изнајмени линии до одредено ниво може да ги задоволат потребите на одредени клиенти кои што немаат големи побарувања во однос на достапноста. Ова значи дека пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии е воден од иновациите и од конвергенцијата на продуктите и услугите и затоа се смета дека има тенденција кон ефикасна конкуренција. Поради тоа кај овој пазар во подолг рок се смета дека конкуренцијата ќе биде наметната од операторите кои што во моментот на анализирањето на пазарот не претставуваат значителни конкуренти на пазарот.

Во согласност со работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE,, во врска со овој критериум нагласено е дека овој критериум е од динамичка природа и како таков треба да биде разгледуван. Според заклучоците може да се утврди дека на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии операторот МКТ сеуште е доминантен но пазарот има тренд кон ефикасна конкуренција. Постоењето на различни паралелни инфраструктури на други оператори кои се во можност да ја обезбедуваат истата услуга преку користење на различни технолошки решенија се движи кон појава на конкурентски притисок врз операторот со доминантна пазарна моќ но сепак не го нарушува значително неговиот пазарен удел. Според тоа може да се каже дека овој критериум е исполнет за спроведување на претходна регулација (ex-ante) на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии.

| |
|---|
| Прашање бр. 30 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на операторот ВИП:

Вип оператор смета дека конотацијата во која сме посочени во овој став е несоодветна, нејасна и остава простор за нееднозначно толкување и влечење погрешни заклучоци.

Имено, Вип оператор најпрво посочува дека не е јасно користењето на терминологијата "целосна мрежна покриеност на територијата на државата". Посочуваме дека овој став се однесува на оценката на конкурентноста и нејзината ефикасност на пазарот за преносни сегменти на изнајмени линии. Исто посочуваме дека Вип оператор на тој пазар поседува извесна скелетна мрежа на изнајмени линии во одредени региони од држава, а не национално, и која инфраструктура речиси целосно ја користи за сопствени потреби.

Следствено, доколку Агенцијата не наведува посебни аргументи на основа на што го оценува потенцијалот во овој став кај алтернативните оператори, сметаме дека истиот треба да се избрише или да се преформулира без да се наведуваат по назив операторите.

АЕК одговор: Коментарот делумно се прифаќа. Текстот ќе биде преформулиран. "но и кај определени помали учесници кои обезбедуваат изнајмени линии преку безжична технологија како на пример операторот ВИП, кој истовремено поседува определена мрежна покриеност на територијата на државата, и може да ја обезбедува услугата на големопродажниот пазар на изнајмени линии".

## 16.3 Трет критерум - Недоволност на Законот за конкуренција ( во услови на непостоење на ех-анте регулација) за регулирање на релевантниот пазар

Третиот критериум се однесува на проценката дали правото на заштита на конкуренцијата е доволно за надминување на неефикасна конкурентна средина која што се претпоставува дека постои на пазарот.

Во Македонија органот овластен да го применува правото на заштита на конкуренцијата е Комисијата за заштита на конкуренцијата. Нејзината основна дејност претставува ex-post регулација на пазарите. Во тој случај регулаторни мерки се применуваат кога ќе се утврди дека од даден учесник на пазарот се извршени активности кои доведуваат до нарушување на конкуренцијата. Тоа е и суштинската разлика во однос на примената на ex-ante регулација, каде наметнувањето на одредени обврски има за цел да го спречи нарушувањето на условите за конкуренција. Во случај на ex-ante регулација контролата се врши превентивно, за разлика од принципот типичен за активностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата за подоцнежна контрола.

Согласно член 11 „Злоупотреба на доминантна позиција" став (1) од Законот за заштита на конкуренција „забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел". Во член 11 став (2) од истиот закон се дадени 6 особени случаи на злоупотреба на доминантна позиција, при што оваа листа не е исцрпна и конечна. Односно, доколку за одредено однесување кое не е наведено во овие 6 особени случаи се утврди дека претставува злоупотреба на доминантна позицијаа, истото може да се подведе под општата забрана за злоупотреба на доминантна позиција.
Во член 48 „Истражување во одделни сектори на економијата и одделни видови на договори став (1) од Законот за заштита на конкуренција, е определено дека „ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, КЗК може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата".

Во членот 52 „Мерки за воспоставување на ефективна конкуренција" став (1) е дефинирано дека КЗК „може на сторителот на прекршокот со решение да му наложи потребни мерки на однесување и структурни мерки за отстранување на штетните последици од нарушувањето на конкуренцијата настанати со прекршокот и да определи рокови за нивно извршување".

Во член 59 „Потешки прекршоци" став (1) точка 2) „Комисијата за одлучување по прекршок на претпријатието односно здружението на претпријатија со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од Законот за заштита на конкуренција".

Искуствата на АЕК во врска со регулацијата на пазар на електронските комуникации укажуваат дека операторот кој поседува значителна пазарна моќ може да превземе широк спектар на постапки со цел одложување и/или спречување на ефективната конкуренција. Во случаите во кои услугата за преносни сегменти на изнајмени линии се користи на големопродажно ниво и од операторите за доразвивање и поврзување на сопствените мрежи, овој вид на големопродажна услуга е неопходен за зајакнување на ефективна конкуренција на малопродажниот пазар на електронските комуникации. Меѓутоа во последните години со појавата на паралелни мрежни инфраструктури од кои некои и развиени на поважни траси на територијата на РМ, може да се заклучи ограничена пазарна моќ на операторот МКТ

на овој релевантен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии. Врз основа на наведената пазарна состојба Агенцијата смета дека правото на заштита на конкуренцијата е доволно за корегирање и санкционирање на определени прекршоци и видови на злоупотреба на доминантната пазарна моќ од страна на операторот кој ја има. На тој начин ex-post регулација на конкретниот релевантен големопродажен пазар би била доволна, при што се доаѓа до заклучок дека и третиот критериум за примена на ex-ante регулација не е исполнет.

| |
|---|
| Прашање бр. 31 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на операторот ВИП:

Вип оператор посочува дека речиси и да не постои аргументација на основа на што Агенцијата доаѓа до заклучок дека конкуреноста е ефективна и постои на тоа ниво за да се оцени дека правото на заштита на конкуренцијата е доволно за корегирање и санкционирање на определени прекршоци и видови на злоупотреба на доминантната пазарна моќ од страна на операторот кој ја има. Поинаку кажно, аргументот од типот "Меѓутоа во последните години со појавата на паралелни мрежни инфраструктури од кои некои и развиени на поважни траси на територијата на РМ,..." е крајно недоволен да се дојде сериозниот заклучок дека овој пазар може да се дерегулира.

Така, сметаме дека аналогно по заклучокот кај терминални сегменти на изнајмени линии во рамки на точка 15.3 од оваа Анализа, правото на заштита на конкуренцијата не е доволно за корегирање и санкционирање на определени прекршоци и видови на злоупотреба на доминантната пазарна моќ од страна на операторот кој ја има односно Македонски телеком од дури 91%. На основа на тоа, сметаме дека овој критериум е исполнет и ex-ante мерките и понатаму треба да останат најефикасен инструмент за отстранување на неправилностите кои би можеле да се појават на анализираниот пазар, а пред се да се спречи можноста во иднина да се појават неправилности и опасностите кои што штетно ќе влијаат на развојот на конкуренцијата.

Уште повеќе, повторно ја посочуваме нашата заложба и за дополнителна регулација на овој пазар со опфаќање и на технологиите кои се користат за преносни сегменти на изнајмени линии.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Во три критериум тестот јасно е искажано зошто Агенцијата смета дека првиот и третиот критериум не се исполнети за пазарот и понатаму да остане подложен на претходна регулација. Станува збор за специфичен пазар ориентиран пред се кон големи корисници (најчесто бизнис) и оператори. Севкупниот пазар е неспоредлив со пазарите кои имаат голем број на корисници. Развој и појавата на паралелните мрежни инфраструктури е очигледен и доволно објаснет во документот. Истото го констатира и ЕК во својата препорака бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE. Поради сите тие причини Агенцијта констатира дека не постои потреба од дефинирање на таков пазар и негова претходна регулација.

## 16.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми

По примената на тестот на трите критериуми може да се дојде до заклучок дека пазарот за услуги за преносни сегменти на изнајмени линии кумулативно не ги задоволува трите применети критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период;
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

односно само вториот критериум за примена ex-ante регулација е исполнет. Според тоа овој пазар не е неопходно да биде подложен на претходна регулација односно потребно е отповикување на обврските за регулирање на овој релевантен големопродажен пазар.

Согласно членот 82 ставот 3 од ЗЕК – доколку Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека пазарот е ефективно конкурентен, нема да определи ниту еден оператор како оператор со значителна пазарна моќ согласно со членот 76 став 1 и 2 од ЗЕК. Доколку пазарот не бил конкурентен претходно (како што е случајот со овој релевантен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии), Агенцијата е должна да ги отповика сите одлуки за определување на оператори со значителна пазарна моќ на тој пазар.

Согласно членот 82 ставот 4 од ЗЕК, при отповикување на обврските од ставот 3 на истиот член, Агенцијата ги ослободува и од обврските кои ги имале како оператори со значителна пазарна моќ согласно овој Закон.

| |
|---|
| Прашање бр. 32 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментар на оператор ВИП:

На основа на наведените коментари за точка 16.1 погоре, Вип оператор посочува дека **воопшто Не се согласува** со констатацијата на Агенцијата, односно ставот на Вип оператор е дека бариера за влез на релевантниот пазар постои и истата значително го отежнува навременото и непречно обезбедување на услугата за преносни сегменти на изнајмени линии на пазарот.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложението е дадено погоре.

Коментар на оператор ВИП:

Согласно погоренаведените коментари, а имајќи во предвид дека сите три критериуми се исполнети, односно дека постојат бариери за влез на релеватниот пазар, како и фактот дека Македонски телеком АД Скопје поседува доминантен пазарен удел од 91%, Вип оператор **НЕ** СЕ СОГЛАСУВА со констатацијата во оваа Анализа дека овој пазар е ефективно конкурентен односно дека Агенцијата треба да ги отповика сите одлуки за определување на оператори со значителна пазарна моќ на тој пазар.

Напротив, ставот на Вип оператор е дека овој релевантен пазар мора и понатаму да биде регулиран, со цел да се создаде околина која ќе овозможи развој на ефективна конкуренција.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложението е дадено погоре.

**17. Заклучок од дефинирањето на релевантниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии**

Согласно Правилникот за обезбедување на терминални и/или преносни сегменти на изнајмени линии (Сл весник на РМ бр 132 од 26.10.2012 год, во член 2 се дефинирани услугите за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии:

Терминален сегмент на изнајмена линија претставува линк од корисник на операторот-корисник кој бара обезбедување на изнајмена линија до точката на присуство на преносната мрежа на изнајмени линии на Операторот. Операторот-корисник овој вид на изнајмена линија може да го користи за да понуди малопродажни услуги на корисници на други оператори или да го користи за свои сопствени потреби.

Преносен сегмент на изнајмена линија претставува линк помеѓу две точки од преносната мрежа на изнајмени линии на Операторот. Операторот-корисник овој вид на изнајмена линија може да го користи за да понуди малопродажни услуги на корисници на други оператори или да го користи за свои сопствени потреби.

## 17.1 Дефинирање на услугите кои припаѓаат на овој релевантен пазар

Големопродажниот пазар на терминални сегменти на изнајмени линии како пазар подложен на претходна ex ante регулација е дефиниран и ги содржи следните видови на услуги кои припаѓаат на тој релевантен пазар:

Дигитална изнајмена линија – 64 Kbit/s обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу активните уреди лоцирани кај крајниот корисник и кај точката на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа дадени во 10.13 со брзина од 64 Kbit/s.

Дигитална изнајмена линија – 2 Mbit/s неструктурирана (дигитален пренос на податоци помеѓу две точки) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два активни уреди лоцирани кај крајниот корисник и кај точката на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа со брзина од 2 Mbit/s. Активните уреди не ја препознаваат внатрешната структура на корисничкиот сообраќај.

Дигитална изнајмена линија – 2 Mbit/s структурирана (пренос на говорни канали, комбиниран пренос на говор и податоци помеѓу две точки) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два активни уреди со брзина од 2 Mbit/s. Активните уреди ја препознаваат внатрешната структура на корисничкиот сообраќај. Корисничкиот сообраќај мора да е во облик на 32 канали по 64 Kbit/s од кои два се резервирани за сигнализација и синхронизација.

Дигитална изнајмена линија – E1 – 34 Mbit/s обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу активните уреди лоцирани кај крајниот корисник и кај точката на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа со брзина од 34 Mbit/s

Дигитална изнајмена линија – STM1 – 155 Mbit/s обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу активните уреди лоцирани кај крајниот корисник и кај точката на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа со брзина од 155 Mbit/s.

Мрежните компоненти кои се вклучени во терминалните сегменти на изнајмените линии се:

- Локална јамка која вклучува (Опрема за терминирање на мрежата, Кабли за крајна линија (заедно со ровови и кабелски канал) и Разделник
- Кабли од разделникот до точка на присуство - PoP (Point of Presence) на изнајмената линија на преносната мрежа лоцирана на локален/основен ринг ( Local/Core Ring)
- Активните уреди лоцирани од крајниот корисник се до точката на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа лоцирани на локален/основен ринг (Local/Core Ring)
- Активна опрема применета за пренос на сообраќај од терминиран сегмент на точка на присуство (PoP) на изнајмената линија на преносната мрежа

Референтниот модел на дел од изнајмената линија преставува наменет линк помеѓу просториите на алтернативниот оператор и точката за интерконекција со операторот со значителна пазарна моќ и треба да се смета како посебен вид на големопродажба на изнајмена линија.

| Прашање бр. 33 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |
|---|

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор предлага во рамки на оваа анализа, да се вклучат и изнајмени линии кои користат и други пристапни технологии, бидејќи сметаме дека доминацијата на Македонски телеком на овој релевантен пазар се отсликува и преку користењето на изнајмени линии со другите преносни технологии покрај традиционалните дигитални линии (Ethernet/IP/MPLS).

Следствено, сметаме дека оваа анализа треба да опфати детали, насоки и предлози за пристап преку оптички мрежи (FTTx), бидејќи вака објавената и подготвена Анализа остава впечаток дека за истите нема конкретни заклучоци од анализата ниту предлог мерки или следни чекори.

Дополнително, посочуваме и на нашата аргументација листата на услуги кои припаѓаат на овој пазар да се прошири и со услугата "dark fibre".

Вип оператор смета доколку идејата на Агенцијата е овие типови на изнајмени линии да бидат дел од Пазар 8 – "Пристап до услуги со широк опсег (Broadband)", истото треба да биде соодветно и транспарентно наведено и образложено во рамки на оваа анализа, со соодветни насоки и појаснувања.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложението е дадено погоре.

Коментар на оператор ВИП:

Поради погрешно реферирање на податоците во оваа точка, Вип оператор го предлага наведеното дополнување.

АЕК одговор: Коментарот се прифаќа. Станува збор за техничка грешка и текстот ќе биде соодветно корегиран.

Коментар на оператор ВИП:

Вип оператор предлага Агенцијата да појасни дали истата распредела важи и за оптичките мрежи.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Објаснувањето се однесува на дефинираните услуги кои се предмет на овој релевантен пазар.

## 18. Анализа на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии

Согласно член 77 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија бр.39/2014):

"При процената дали еден оператор има значителна пазарна моќ на одреден пазар согласно со членот 76 став (1) од овој закон Агенцијата ги има предвид особено следниве критериуми кои не се применуваат кумулативно:

- уделот што операторот го има на релевантен пазар,
- големината на операторот,
- контрола на инфраструктурата која не може лесно да се дуплира,
- технолошките предности и супериорност,
- недостатокот на компензациска куповна моќ,
- едноставен или привилегиран пристап до пазари на капитал или финансиски извори,
- степен на диверсификација (разновидност) на производи или услуги,
- економии на обем,
- економии на интеграција,
- степен на вертикална интеграција,
- високо развиена дистрибутивна и продажна мрежа,
- недостаток на потенцијална конкуренција,
- бариери за развивање,
- високи цени,
- лесен влез на пазарот и
- трошоци и бариери за користење на нови услуги.

## 18.1 Контрола на инфраструктура која не се дуплира едноставно

Капиталните инвестиции потребни за изградбата и пуштање во употреба на пристапната мрежна инфраструктура се екстремно високи и бараат подетална обработка на бизнис плановите и разумен поврат на инвестициите. Влезот на новите учесници на пазарот бара значајна инвестиција, главно во форма на повратни трошоци, кои операторите не би можеле да ги надокнадат во случај на неуспех на пазарот и излез од него.

Со цел на корисниците да им се понудат услугите со доделен капацитет или изнајмена линија, новите оператори мора да изградат сопствена пристапна инфраструктура или може да користат пристапна инфраструктура од друг оператор. Изградбата на сопствена мрежна инфраструктура е тешка не само поради високите повратни трошоци за потребното копање и повлекување на дистрибутивна телекомуникациска канализација туку и поради невозможноста да се добие потребна дозвола за изградат сопствена пристапна инфраструктура. Поединечни оператори во одредена мера имаат изградено пристапна мрежна инфраструктура и обезбедуваат на големорподажно ниво терминални и преносни сегменти на изнајмени линии, меѓутоа распространетоста на пристапната мрежа на Македонски Телеком, во смисла на број на централи/ пристапни точки и развиеноста на пристапната инфраструктура е значително поголема во однос на останатите оператори. Поради тоа, земајќи ја во предвид распространетоста на пристапната мрежна инфраструктура на Македонски Телеком, а воедно истата е градена подолг временски период кога ги имал ексклузивните права, реплицирање на пристапната мрежна инфраструктура на Македонски Телеком не е економично исплатлива.

Согласно горенаведеното АЕК смета дека во однос на оваа анализа ниту еден оператор неможе да ја реплицира распространетоста на пристапната мрежна инфраструктура на Македонски Телеком и на тој начин неможе да ја загрози неговата положба на пазарот.

| |
|---|
| Прашање бр. 34 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

## 18.2 Недостатокот на компензациска куповна моќ

Куповната моќ не може да се разгледува како основен концепт, бидејќи повеќе се однесува на релативната моќ која ја има купувачот во преговорите со понудувачот на услугите. При определување дали еден оператор има значителна пазарна моќ, не е доволно само купувачот да има куповна моќ, туку е неопходно купувачот со својата куповна моќ да може да влијае на понудувачот на услугата во таква мера, да понудувачот на услугата надоместоците за таа услуга ги определува на конкурентно ниво. Во тој случај понудувачот на услугата нема да има можност да дејствува независно од конкурентите, корисниците и потрошувачите.

Воедно, противтежна куповна моќ произлегува од големиот пазарен удел со кој операторот учествува во вкупните приходи/вкупното производство на друг оператор, кога на пазарот постои избор на даватели на услуги или кога операторот е во можност самостојно да обезбеди одредена услуга.

Како што веќе наведовме дека распространетоста на пристапната мрежа на Македонски Телеком во смисла на бројот на централи/ пристапни точки и развиеноста на пристапната инфраструктура е значително поголема во однос на останатите оператори. Со оглед на горенаведените факти, операторите кои што ја користат постоечката големопродажна услуга немаат соодветна противтежна куповна моќ со која што би биле во можност да ја подобрат својата преговарачка позиција, да имаат сериозна контрола на цените или да постават некои други деловни услови и на тој начин да ја загрозат позицијата на пазарот на Македонски Телеком на релевантниот големопродажен пазар за терминални и преносни сегменти на изнајмени линии.

Македонски Телеком има најголем удел на пазарот на терминални и преносни сегменти на изнајмени линии на големопродажно ниво во споредба со останатите оператори кои што ја обезбедуваат оваа услуга. Од податоците АЕК дојде до заклучок дека на наведениот пазар не постои ефектот на противтежната куповна моќ, поради тоа што користењето на големопродажната услуга за изнајмени линии од страна на поединечен оператор не е значително.

| |
|---|
| Прашање бр. 35 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

## 18.3 Економија на интеграција

Економијата на интеграција (eng. economies of scope) постои кога просечните трошоци што се прават за една услуга, во случај кога таа услуга се произведува заедно со други услуги се пониски, отколку ако таа би се нудела самостојно. Во случај кога би се нудела самостојно трошоците би биле доста повисоки.

Од аспект на инфраструктурата потребна за обезбедување на релевантните услуги на релевантните пазари економиите на интеграција се присутни кога на пример капацитетот на мрежата се користи за обезбедување на различни услуги како кај АД Македонски Телеком кој е во состојба да понуди различни услуги за различни цени. Анализирајќи ги податоците, односно имајќи во предвид дека Македонски Телеком поседува инфраструктура, има значителен број на претплатници како и фактот дека обезбедува услуги и на останатите релевантни пазари (големопродажни и малопродажни) АЕК заклучува дека Македонски Телеком има значителна економија на интеграција на релевантните пазари, предмет на оваа анализа. Ниту еден од останатите алтернативни оператори, присутни на пазарот не се очекува да поседуваат критична маса за да можат да ја уживаат економијата на интеграција во компаративна смисла.

| |
|---|
| Прашање бр. 36 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се |

| |
|---|
| согласувате Ве молиме да образложите? |

## 18.4 Економија на обем

Економијата на обем (eng. economies of scale) особено е значајна кај бизнисите во кои фиксните трошоци се значаен дел од работењето. Ова особено е битно кај телекомуникацискиот сектор, од причина што операторите кои имаат воспоставено поголема мрежа се во можност повеќе да ги почувствуваат бенефитите од економијата на обем. Во основа како економски термин економијата на обем значи дека секоја дополнителна единица продукт/услуга е произведена со пониски просечни трошоци по единица.

Економијата на обем претставува пречка за влез на оператори на определен пазар и исто и предност кај постоечките оператори за задржување на постоечката доминантна позиција на определен релевантен пазар. Економиите на обем се карактеристични за производните процеси кои се карактеризираат со високи фиксни трошоци, а што е карактеристика за пазарите на електронските комуникации.

Од аспект на инфраструктурата потребна за обезбедување на релевантните услуги на релевантните пазари, предмет на оваа анализа економиите на обем можат да работат со поинтензивно и пооптимално искористување на мрежата со повисоки фиксни трошоци кога поголем волумен на услуги се обезбедува. Македонски Телеком исто така има ценовна конкурентска предност наспроти алтернативните оператори од аспект на економија на обем, која се јавува како резултат на постоење на заеднички трошоци во понудата на различни услуги. Колку поголем е бројот на различни електронски комуникациски производи кои вертикално интегрираниот оператор ги обезбедува на пазарот за електронски комуникации, толку повеќе истиот ќе биде во предност да ги надомести заедничките трошоци преку обезбедување на било која од услугите. Имајќи го во предвид фактот дека дел од инфраструктурата на Македонски Телеком може да биде употребена за производство и дистрибуција на различни услуги, АЕК смета дека Македонски Телеком, со своето портфолио на производи и услуги кои ги обезбедува на сите релевантни пазари на пазарот за електронски комуникации како и бројот на претплатници поседува поголема економија на обем на релевантните пазари, предмет на анализата наспроти било кој од своите конкуренти.

| |
|---|
| Прашање бр. 37 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

## 18.5 Степенот на вертикална интеграција

Методологијата за анализа на пазари како и насоките од Европската Комисија ја земаат вертикалната интеграција како значаен фактор кој влијае врз пазарната моќ на операторот. Преку вертикалната интеграција се подразбира било кое однесување со кое претпријатието може да ја пренесе пазарната моќ која ја поседува на еден пазар на друг релевантен конкурентен пазар. Бидејќи ова пренесување може да претставува оневозможување на конкурентите за влез на потенцијален пазар, истото се зема во предвид како можност за спречување на нивниот влез, намалување или оневозможување на конкуренцијата, ограничување на можностите за обезбедување на пазарен удел на конкурентите и на тој начин ограничување на приходите и профитот кој го остваруваат другите учесници.

Македонски Телеком е вертикално интегриран оператор кој делува на големопродажниот пазат за терминални сегменти на изнајмени линии и преносни сегменти на изнајмени линии. Во одсуство на регулација на релевантниот големопродажен пазар, Македонски Телеком би бил во можност да одбие да обезбеди терминални сегменти на изнајмени линии или да ја обезбеди наведената услуга под неповолни услови во однос на условите под кои ја обезбедува на малопродажниот пазар, а на тој начин би го заштитил својот малопродажен пазар и би ги спречил новите оператори на пазарот да обезбедуваат конкурентна малопродажна услуга, кој потоа предизвикува пад на нивната продажба

Понатаму, вертикална интеграција и контрола над пристапната мрежна инфраструктура во отсуство на регулација, би му овозможила на Македонски Телеком да применува дискриминација на цената и истиснување на цената (margin squeeze) со што би обезбедиле подобар квалитет на услугите за нивните крајни корисници. Поради тоа новите оператори на пазарот во одсуство на регулација се во неповолна положба бидејќи при обезбедување на услугата се зависни од големопродажната понуда на Македонски Телеком, а од друга страна пак мора да се натпреваруваат со Македонски Телеком на малопродажниот пазар.

| |
|---|
| Прашање бр. 38 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

# 19 Конкурентни проблеми кои влијаат на нарушување на конкуренција на пазарот на терминални сегменти на изнајмени линии

## 19.1 Вовед

Обврските кои се наметнуваат на операторите со значителна пазарна моќ се поставуваат со цел да се спречат и одбегнат актуелни или потенцијални конкурентни проблеми кои постојат или може да се појават на релевантниот пазар. Проблемите кои произлегуваат од нарушување на конкурентноста на пазарот се дефинирани дека произлегуваат од однесувањето на оператор кој поседува значителна пазарна моќ на релевантен пазар со намера или со веќе појавен ефект на истиснување на конкуренцијата од соодветниот пазар, спречување на потенцијална конкуренција да настапи на пазарот и/или да го експлоатира крајниот корисник. Во согласност со постоечката регулатива, наметнувањето на обврски не е дефинирано да се применува само доколку постои значителна пазарна моќ туку наметнувањето на обврски може да се спроведе и во услови кога се проценува дека може да настане потенцијален конкурентен проблем.

Согласно препораката на ЕРГ (06) 33[7] во европската регулаторна пракса постојат 27 конкурентни проблеми кои влијаат за развој на пазарот. Операторите кои што имаат значителна пазарна моќ на пазарот за завршување на повик во јавни комуникациски мрежи на фиксна локација може да предизвикаат три основни видови на конкурентни проблеми и тоа:

Конкурентни проблеми може да се појават во ситуација кога операторот со значителна пазарна моќ може да ја пренесе истата на вертикално или хоризонтално поврзани пазари. Понатаму, истиот би можел да воспоставува бариери за влез, истиот може да се впушти во "типично монополистичко однесување" (textbook monopoly behavior) со воведување на прекумерни цени, обезбедување на лош квалитет на услугата на големопродажба итн. Воедно овие три основни конкурентни проблеми може да се согледаат во две димензии и тоа:

- пазарна димензија
- димензија на причини и ефекти (cause-and-effect dimension).

## 19.2 Пазарна димензија

Пазарната димензија е поделена на четири различни под- димензии како што следи:

### 19.2.1 Вертикално пренесување на моќ

Вертикалното пренесување на моќ може да се појави на определени поврзани пазари: големопродажен и малопродажен, и во ситуација кога на големопродажниот пазар операторо со значителна пазарна моќ има наметнати обврски и ценовна контрола над своите услуги. Преку наметнатите регулаторни обврски тој е спречен да ја злоупотребува својата доминантна пазарна моќ. Според тоа, операторот ќе има иницијатива да ја пренесе својата пазарна моќ на поврзаниот

[7] ERG- Generalization of competition problems

малопродажен пазар а како последица на тоа би предизвикал нарушување на конкуренцијата во малопродажба.

Во наведената под-димензија постојат 11 конкурентни проблеми кои се однесуваат на операторот со значителна пазарна моќ и кои се добро препознатливи во регулаторната пракса а тие се:

1. Одбивање на пристап/ одбивање на интерконекција
2. Дискриминаторска употреба или задржување на информации
3. Тактика на одложување
4. Групирање/ врзување на услуги
5. Неразумни/ неоправдани барања
6. Дискриминација во однос на квалитет
7. Стратешки дизајн на производот
8. Злоупотреба на информации за конкурентите
9. Ценовна дискриминација
10. Субвенционирање
11. Предаторски цени.

## 19.2.2 Хоризонтално пренесување на моќ

Пренесување на пазарна моќ во хоризонтална линија се остварува помеѓу два малопродажни или два големопродажни пазари – производи и услуги кои се понудени и побарани на едниот пазар се различни од тие на другиот. Во наведената под-димензија постојат 2 конкурентни проблеми кои се однесуваат на операторот со значителна пазарна моќ и кои се добро препознатливи во регулаторната пракса а тие се:

1. Групирање/ врзување на услуги
2. Субвенционирање

## 19.2.3 Поединечна значителна пазарна моќ

Поединечна значителна пазарна моќ се однесува на конкурентниот проблем кој може да се јави во случај на пренесување на пазарната моќ при вертикалната поврзаност-интеграција, помеѓу големопродажниот пазар и малопродажниот пазар.

Во наведената под-димензија постојат 10 конкурентни проблеми кои се однесуваат на операторот со значителна пазарна моќ и кои се добро препознатливи во регулаторната пракса а тие се:

1. Стратешки дизајн на производот кој ги зголемува трошоците при миграција на корисниците
2. Услови на договорот кој ги зголемува трошоците при миграција на корисниците
3. Ексклузивен договор
4. Прекумерни инвестиции
5. Предаторски цени
6. Превисоки цени/ примена на прекумерни цени
7. Дискриминација на ценовна основа

8. Недоволни инвестиции
9. Превисоки трошоци/ неефикасност
10. Лош квалитет на услугата.

## 19.2.4 Завршување

Услугата за завршување (пренесување на услуга до краен корисник) е пренос на податок од точка на интерконекција до мрежната приклучна точка на повиканиот корисник во друга јавна електронска комуникациска мрежа идентификуван според географскиот број, или до уредот или опремата за идентификување на корисниците. Во наведената под-димензија постојат 4 конкурентни проблеми кои се однесуваат на операторот со значителна пазарна моќ и кои се добро препознатливи во регулаторната пракса а тие се:

1. Премолчен договор
2. Превисоки цени / примена на прекумерни цени
3. Дискриминација на ценовна основа
4. Одбивање на договор/ одбивање на интерконекција.

Како регулаторното тело би ги избрало регулаторните обврски кои најдобро би ги решило идентификуваните конкурентни проблеми на релевантниот пазар, клучно е да се утврди причината или изворот на значителна пазарна моќ на операторот/ите. Поточно според АЕК причината или изворот на значителна пазарна моќ на операторот укажува на постоење одредени конкурентни проблеми за развојот на конкуренцијата во отсуство на регулација.

При навремена реакција или при добро дефинирани регулаторни обврски, регулаторното тело би можело да влијае да спречи пренесување на значителна пазарна моќ на врзаните пазари и да се отстранат бариерите за влез, кои директно ќе помогнат за влез на нови учесници на пазарот и развој на конкуренцијата на пазарот. Во пазарите каде што има влез на нови оператори помалку е веројатно да се случи злоупотреба на значителната пазарна моќ.

Од горе наведеното може да се заклучи дека за да се изберат регулаторните обврски кои најдобро би ги решиле идентификуваните конкурентни проблеми треба да се разгледа целокупната слика на пазарот и да се утврди изворот на значителна пазарна моќ на операторите преку утврдување можни структурни и регулаторни конкурентни проблеми.

| |
|---|
| Прашање бр. 39 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

## 19.3 Конкурентни проблеми во пазарите за терминални сегменти на изнајмени линии

Во овој дел АЕК ќе ги анализира можните конкурентни проблеми кои може да влијаат на развојот на конкуренцијата во случај на отсуство на регулација на релевантните пазари за терминални сегменти на изнајмени линии. Конкурентните проблеми кои се појавуваат и спречуваат развој на конкуренцијата, можат да произлезат од способноста или намерата на операторот да го искористи значителниот пазарен удел и неговата доминантна позиција.

## 19.3.1 Одбивање на договор/ одбивање на интерконекција

Согласно европската пракса одбивање на договор/ одбивање на интерконекција се однесува не само на ситуација каде што операторот со значителна пазарна моќ одбива да обезбеди големопродажна услуга туку и на ситуација каде што операторот со значителна пазарна моќ е подготвен да им понуди услуга на другите оператори под неразумни/неоправдани услови. Во овој дел се дискутира само целосно отфрлање или одбивање на договори за интерконекција.

При одредување на значителна пазарна моќ како и конкурентните проблеми важно е да се дефинира изворот на значителна пазарна моќ. Извор на значителна пазарна моќ на Македонски Телеком во овој документ е широко развиената мрежа за пристап која што Македонски Телеком ја има изградено подолг временски период додека имал монополистичка положба на пазарот и големиот број на крајни корисници. Широко развиената мрежа за пристап и големиот број на корисници му овозможува на Македонски Телеком кој што има најголем број на корисници во сопствена мрежа одбивање за интерконектирање со некој нов оператор на пазарот. Ова операторот со значителна пазарна моќ би можел да го направи поради фактот што значително не зависи од другиот оператор кој поседува мал број на корисници. Таквото однесување претставува конкурентен проблем за развој на конкуренцијата на пазарот во случај кога операторот со значителна пазарна моќ на големопродажниот пазар обезбедува услуга која е неопходна за другите оператори при обезбедување на услуга на малопродажниот пазар.

АЕК смета дека во отсуство на регулација, операторот со значителна пазарна моќ на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии би можел да спречи пристап и да го спречи користењето на големопродажната услуга за терминални сегменти на изнајмени линии. На овој начин директно би влијаел и на можност другите оператори кои не поседуваат сопствена мрежа да се појават како обезбедувачи на услугата изнајмени линии. Ова директно би придонело кон спречување на развојот на ефективната конкуренција.

Во Република Македонија операторот Македонски Телеком е определен за оператор со значителна пазарна моќ на наведениот релевантен пазар а воедно е и вертикално интегриран оператор. АЕК смета дека Македонски Телеком во отсуство на регулација не би имал интерес на операторите да им ја обезбеди големопродажната услуга за терминални сегменти на изнајмени линии под разумни услови, каде што останатите оператори би можеле на своите корисници да им ја обезбедат малопродажната услуга за терминални сегменти на изнајмени линии.

Одбивање на договор и одбивање на интерконекција влијае на влезот на нови оператори на малопродажниот пазар. Ова од причина што интерконекцијата и пристап се големопродажни услуги кои се неопходни за обезбедување на услуги на малопродажните пазари. Во тој случај доаѓа или до спречување за влез на пазарот на нови учесници или до зголемување на трошоците на постоечките. Според тоа, ваков начин на неконкурентско однесување може да влијае и на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии, но и на останатите пазари на кои услугата изнајмени линии е неопходна за обезбедување на електронски комуникациски услуги. Од горенаведеното може да се забележи дека операторот Македонски Телеком би можел да ја пренесе својата значителна пазарна моќ од големопродажниот пазар на малопродажниот пазар.

### 19.3.1 Дискриминаторска употреба или задржување на информации

Конкурентниот проблем кој се разгледува во овој дел се однесува на ситуација каде што операторот со значителна пазарна моќ на големопродажниот пазар обезбедува информации релевантни за обезбедување на услуги во малопродажниот пазар (за сопствена потреба) а истите не ги обезбедува на постоечките или потенцијални конкуренти во соодветниот малопродажен пазар а со тоа влијае при користењето на големопродажната услуга и на конкурентноста на малопродажното ниво.

АЕК смета дека во отсуство на претходна регулација, Македонски Телеком на своите конкуренти на малопродажно ниво може да им задржи важни информации, а со тоа да влијае на сопствената конкурентност на малопродажниот пазар. Поради ваков начин на неконкурентско однесување операторот корисник на големопродажната услуга може да изгуби во квалитет на својата услуга, со тоа да изгуби и дел од приходите и да ја наруши перцепцијата за професионална способност кај своите корисници.

Исто така, со оглед на инвестициите во новата генерација на мрежи, кога доаѓа до отварање на нови пристапни точки, АЕК смета како Македонски Телеком би можел во отсуство на регулација, на своите постојани и потенцијални конкуренти да им ги задржи деталните и навремени информации за планираните промени во мрежата, што негативно би влијаело на бизнис плановите и инвестициите на овие оператори, бидејќи тие не би можеле навремено да го проценат влијанието на тие промени и да ги согледаат различните можности за инвестирање во сопствената мрежа односно навремено да реагираат на малопродажно ниво.

Посебно, во случај на промена на топологијата на мрежата , може да дојде и до одредени промени при обезебедување на големопродажната услуга за изнајмени линии или дел од изнајмени линии во делот што се однесува за терминални сегменти на изнајмени линии, така да доколку операторот Македонски Телеком не би имал соодветна одговорност би можел да ги задржи информациите за планираните промени во мрежата/ мрежни топологии на своите постоечки и потенцијални конкуренти.

На тој начин операторот Македонски Телеком би можел да ја злоупотреби пазарната моќ, и да се доведе во поповолна позиција на малопродажниот пазар што би резултирало со зајакнување на сопствената конкурентност на пазарот на Македонски Телеком пред другите учесници, а сето тоа негативно би влијаело врз ефективната конкуренција на пазарот.

### 19.3.2 Тактики на пролонгирање

Тактиките на пролонгирање претставуваат вид на анти-конкурентно однесување во кој операторите со значителна пазарна моќ не одбиваат да им ги обезбедат големопродажните услуги поврзани со интерконекција на другите оператори, но истата понуда ја обезбедуваат со задоцнување во однос на сопствените малопродажни единици. На тој начин сегашните и потенцијалните конкуренти на постоечкиот малопродажен пазар се доведуваат во нерамноправна положба, од причина што големопродажната услуга за терминални сегменти на изнајмени линии е неопходна за обезбедување на услугите до крајните корисници.

АЕК смета дека во отсуство на регулација, операторот Македонски Телеком како оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии воедно и вертикално интегриран оператор може да има интерест да обезбедува големопродажни услуги на потенцијалните и постоечките конкуренти за истите да може да ја обезбедуваат услугата терминални сегменти на изнајмени линии на малопродажниот пазар во рокови подолги од оние во кои таа иста услуга ја обезбедува за сопствениот малопродажен пазар.

Доколку Македонски Телеком започне да обезбедува услуги за терминални сегменти на изнајмени линии преку нови и подобри технологии на малопродажно ниво, во отсуство на регулација би можел да примени тактики на пролонгирање, одбегнувајќи да ги понуди големопродажните услуги преку новите технологии на постоечките и потенцијалните конкуренти на пазарот.

На тој начин операторот Македонски Телеком ги користи предностите на прв играч на малопродажниот пазар, со што би бил изградил стабилна корисничка база, би обезбедувал услуга со поголем квалитет што го овозможуваат новите технологии итн. Според тоа операторот со значителна пазарна моќ би бил пред конкурентите, и на тој начин би ја пренел значителната пазарна моќ од релевантниот големопродажен пазар на малопродажниот пазар.

### 19.3.3 Неоправдани барања

Неоправдани барања се однесуваат на сите услови за интерконекција во врска со обезбедувањето на големопродажните услуги, а кои не се неопходни за обезбедување на големопродажните услуги, но ги зголемуваат трошоците и одземаат време на постоечките и потенцијални конкуренти на релевантниот малопродажен пазар.

Македонски Телеком како оператор со значителна пазарна моќ на пазарот за терминални сегменти на изнајмени линии, во отсуство на регулација може да користи различни облици на неоправдани барања (од техничка или друга природа) со кој ќе може да влијае на работните одлуки и трошоци на постоечките и потенцијални конкуренти. Поточно, Македонски Телеком може да им наметне на постоечките и потенцијални конкуренти на релевантниот малопродажен пазар, а кои се интерконектирани со него, различни форми на несоодветна наплата, во однос на условите и сметките или неоправдано да поттикне употреба на поскапа технологија за обезбедување на големопродажни услуги, а се со цел да ги зголеми трошоците на постоечките и потенцијални конкуренти и на тој начин ја ослабне нивната пазарна позиција.

Во отсуство на регулација, Македонски Телеком може да побара и информации за потребите на големопродажните услуги, над нивото кое е потребно и технички оправдано за обезбедување на конкретните големопродажни услуги. Од наведеното може да произлезат предности за Македонски Телеком на кој може да му бидат цел корисниците кои се предмет на интерес на новите оператори.

Доколку од страната на Македонски Телеком овие неоправдани барања се реализираат, истото ќе доведе до зголемување на трошоците на операторите, а со тоа ќе се појават потешкотии во работењето и нивно напуштање на пазарот. Во конкретнава ситуација ќе дојде до пренесување на значителна пазарна моќ на Македонски Телеком од големопродажниот пазар кој е обработен во овој документ на релевантниот малопродажен пазар.

### 19.3.4 Дискриминација на ценовна основа

Дискриминација на ценовна основа се однесува на ситуација во која операторот со значителна пазарна моќ обезбедува големопродажна услуга неопходна за обезбедување на одредени малопродажни услуги по различна цена од онаа по која ја продава услугата на сопствената малопродажба (за сопствени потреби). Во отсуство на регулација, операторот Македонски Телеком би можел за своето малопродажно ниво да одреди цени за големопродажните услуги кои не би биле ориентирани според трошоците, а кои се разликуваат од оние цени на кои ќе им продава на другите оепратори кои ќе ја користат неговата мрежа за да учествуваат на малопродажниот пазар. Македонски Телеком како оператор кој поседува мрежна инфраструктура на целата територија на државата, е во состојба да биде единствен кој може непречено да ја обезбедува големопродажната услуга за терминални сегменти на изнајмени линии. Ова значи дека истиот ја има и слободата на формирање на цените. Во отсуство на претходна реуглација би можел да направи истиснување на маргината преку поместување нагоре на големопродажните цени на услугите и на тој начин да влијае негативно на конкурентската положба на останатите учесници на малопродажниот пазар.

Во овој случај, операторот Македонски Телеком би можел да ја искористи својата значителна пазарна моќ и преку дискриминација на ценовна основа, односно високи поставени големопродажни цени би влијаел на зголемување на трошоците на другите оператори што би довело до истиснување на конкуренцијата (margin squeeze) а долгорочно гледано би довело до излез на другите оператори од пазарот.

### 19.3.5 Субвенционирање

Конкурентниот проблем кој е анализиран во овој дел се однесува на ситуација каде што постојат големопродажен и малопродажен пазар и две различни цени за еднаква услуга на наведениот големопродажен пазар. Операторот со значителна пазарна моќ на овој пазар во отсуство на регулација, ќе може да наплаќа големопродажни цени кои што се над трошоците што би довело до појава на истиснување на конкуренцијата на соодветниот малопродажен пазар, и на тој начин би ја пренел значителната пазарна моќ која ја поседува на големопродажниот пазар на соодветниот малопродажен пазар. Остварената добивка, или екстра профит би можел да ја употреби за финансирање на други активности и покривање на трошоци од работењето на друг пазар.

Аек смета дека, во отсуство на регулација, Македонски Телеком како операторот со значителна пазарна моќ и вертикално интегриран оператор може да понудува различни цени за големопродажните услуги на ист релевантен пазар па други да прави и географска диференцијација на цените. Дополнителниот приход зависно од пазарот може да биде искористен на соодветниот малопродажен или друг малопродажен пазар со цел покривање на евентуална пониски цени и на тој начин да прави вкрстено субвенционирање на сопствените активности. Сето тоа ќе му овозможи на Македонски Телеком да ја пренесе значителната пазарна моќ која ја поседува на големопродажниот пазар на соодветниот малопродажен пазар.

Прашање бр. 40 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

## 19.4 Заклучоци од постоење на конкуренција на релевантниот пазар

Врз основа на спроведената анализа на релевантниот пазар, Агенцијата утврдува дека на пазарот за големопродажна услуга за терминални сегменти на изнајмени линии за дефинираните услуги наведени во точка (пазар 9), не постои делотворна пазарна конкурентност, како и тоа дека компанијата Македонските Телеком АД поседува значителна пазарна моќ на тој релевантен големопродажен пазар. Македонските Телеком АД има положба која одговара на владеачка монополска положба, што значи дека се наоѓа во таква ситуација која му овозможува да се однесува независно од конкурентите како и крајните корисници.

Агенцијата постоењето на значителна пазарна моќ на компанијата МТ ја одредила врз основа на мерките и инструментите за анализа на пазарите кои се пропишани во методологијата за анализа на релевантен пазар донесена од Агенцијата.

Како инструменти за утврдување на значителна пазарна моќ ги утврдуваме:

- уделот што операторот го има на релевантен пазар,
- контрола на инфраструктурата која не може лесно да се дуплира,
- недостатокот на компензациска куповна моќ,
- економии на обем,
- економии на интеграција,
- степен на вертикална интеграција,

Согласно спроведената анализа, АЕК смета дека може и има доволно аргументи да заклучи дека Македонски Телеком АД поседува значителна пазарна моќ на големопродажниот пазар 9 – терминални сегменти на изнајмени линии.

Прашање бр. 41 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите?

## 20. Определување на оператори со значителна пазарна моќ – големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии

Согласно член 76 – Оператори со значителна пазарна моќ од ЗЕК став 1:

*„Оператор се смета дека поседува значително пазарна моќ на пазар на јавни комуникациски мрежи или услуги, доколку самостојно,или заедно со други оператори има доминантна позиција, односно, поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар"*

Согласно член 82 - Определување на оператор со значителна пазарна моќ, наметнување, продолжување, изменување или отповикување на обврски од ЗЕК:

(1) *"Доколку Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека на тој пазар нема доволно ефективна конкуренција, таа има обврска да одлучи кој или кои оператори имаат значително пазарна моќ на тој пазар во согласност со членот 76 ставови (1) и (2) од овој закон. Одлуката за определување на оператор со значително пазарна моќ на релевантниот пазар Агенцијата ја објавува на својата веб страница во рок од три дена од денот на нејзиното донесување.*

(2) *На операторот кој е определен како оператор со значително пазарна моќ согласно со ставот (1) на овој член, Агенцијата може да му наметне, продолжи или измени некои од постоечките обврски согласно со овој закон, кои треба да бидат базирани на природата на идентификуваниот проблем и да бидат пропорционални и оправдани, а во насока на исполнување на регулаторните цели и начела од членот 7 од овој закон.."*

Врз основа на горенаведеното, после спроведената анализа на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии, АЕК заклучи дека операторот Македонски Телеком АД Скопје продолжува и понатаму да поседува значителна пазарна моќ на конкретниот релевантен пазар во периодот кој го опфаќа оваа анализа. Врз основа на тоа и разгледаните конкурентни проблеми АЕК констатира дека веќе наметнатите регулаторни обврски со Решение бр. 03-2358/3 од 01.04.2010 год, треба и понатаму да останат во сила со цел исполнување на претходна "ex ante" регулација согласно ЗЕК и подзаконските акти донесени врз основа на него.

## 21. Отповикување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ – големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии

Врз основа на спроведениот три критериум тест на релевантниот големопродажен пазар за преносни сегменти на изнајмени линии, спроведен во согласност со член 80 став 2 од Законот за електронските комуникации, АЕК констатира дека неопходниот услов сите три критериуми да се исполнети не е остварен. Според тоа може да се констатира дека тој пазар повеќе не е подложен на претходна "ex ante" регулација со што обврските кои со претходна анализа на операторот со значителна пазарна моќ Македонски Телеком АД Скопје се наметнати со Решение бр. 03-2358/3 од 01.04.2010 год, врз основа на заклучоците образложени во овој документ, ќе бидат отповикани.

Имено, АЕК заклучи дека големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии, дефиниран во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр.02-5015/1 од 23.09.2010 година, 02-2010/2 од 15.04.2011 година и 0307-1276/2 од 07.05.2014 година во член 3 точка 10. Преносни (trunk) сегменти на изнајмени линии е ефикасно конкурентен. Врз основа на тоа, во согласност со член 82 став 3 од Законот за електронските комуникации АЕК ја отповикува Одлуката за определување на оператор со значителна пазарна моќ, доставена на Македонски Телеком АД Скопје со Решение бр. 03-2358/3 од 01.04.2010 година.

Дополнително, АЕК во согласност со член 82 став 4 од Законот за електронските комуникации АЕК го ослободува Македонски Телеком од обврските кои ги имаа како оператор со значителна пазарна моќ, наметнати со Решение бр. 03-2358/3 од 01.04.2010 година.

| |
|---|
| Прашање бр. 42 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Коментари на оператор ВИП:

На основа на коментарите и аргументацијата изнесена за повеќе ставови од Точка 16 на Анализата, Вип оператор НЕ СЕ согласува до констатацијата дека три тест критериумот не е исполнет и сметаме дека Агенцијата не треба да ги отповика сите одлуки за определување на оператори со значителна пазарна моќ на тој пазар, имајќи го во предвид пазарното учество на Македонски телеком. Како дополнителен фактор е дека развојот на алтернативните инфраструктури ни оддалеку не е на нивото кое го има Македонски Телеком АД Скопје.

Ова особено поради тоа што сметаме дека дерегулацијата на пазарот на преносни сегменти на изнајмени линии може да доведе до значително нарушување на моментната состојба на пазарот за електронски комуниакции и негативно да влијае на достигнувањата на ефективна конкурентност која не е постигната.

АЕК одговор: Коментарот не се прифаќа. Образложено погоре. Агенцијата на ова место го дополнува следниот текст: "Меѓутоа, потребно е да се нагласи дека операторот Македонски Телеком треба да ги испочитува веќе активните договори со други оператори за користење на преносни сегменти на изнајмени линии од аспект на роковите и останатите услови пропишани во договорот. Евентуално исклучување или прекин на договорот да се прави во согласност и соработка со партнерот, вклучително и миграцијата на традиционалните изнајмени линии (преносни) кон новите технологии".

## 22. Продолжување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ – големопродажен пазар за терминирани сегменти на изнајмени линии

Врз основа на анализата со која се констатира дека постои недостаток на ефективна конкуренција на релевантниот пазар, предмет на оваа анализа АЕК на операторот „Македонски Телеком" АД – Скопје, определен за оператор со значителна пазарна моќ му продолжува обврски, кои се базирани на природата на идентификуваниот проблем, оправдани и пропорционални, и тоа: обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства, обврска за транспарентност при интерконекција или пристап, обврска за недискриминација при интерконекција или пристап, контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци, обврска за посебно сметководство при интерконекција или пристап, во согласност член 84, 85, 86, 87 и 88 од ЗЕК (Сл. Весник на Република Македонија бр.39/2014) и подзаконските акти донесени од страна на АЕК.

Во продолжение, АЕК во согласност со член 82 од ЗЕК ("Службен весник на Република Македонија", бр.39/2014) и во соработка со Комисијата за заштита на конкуренција на определениот оператор со значителна пазарна моќ „Македонски Телеком" АД – Скопје му продолжува обврски за кои проценува дека се најсоодветни за спречување на злоупотреба на постојната значителна моќ на релевантниот големопродажен пазар за терминални сегменти на изнајмени линии.

### Обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства

Согласно член 82 став 2 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр.39/2014) Агенцијата на операторот со значителна пазарна моќ „Македонски Телеком" АД Скопје му ја продолжува обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства, наметната со решение бр.03-2358/3 од 01.04.2010 година, во согласност со член 87 од ЗЕК.

## Обврска за транспарентност при интерконекција или пристап

Согласно член 82 став 2 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр.39/2014) Агенцијата на операторот со значителна пазарна моќ „Македонски Телеком" АД Скопје му ја продолжува обврската за транспарентност при интерконекција и пристап, наметната со решение бр.03-2358/3 од 01.04.2010 година, во согласност со член 84 од ЗЕК.

## Обврска за недискриминација при интерконекција или пристап

Согласно член 82 став 2 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр.39/2014) Агенцијата на операторот со значителна пазарна моќ „Македонски Телеком" АД Скопје му ја продолжува обврската за недискриминација при интерконекција и пристап, наметната со решение бр.03-2358/3 од 01.04.2010 година, во согласност со член 85 од ЗЕК.

## Обврска за посебно сметководство при интерконекција или пристап

Согласно член 82 став 2 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр.39/2014) Агенцијата на операторот со значителна пазарна моќ „Македонски Телеком" АД Скопје му ја продолжува обврската за водење на посебно сметководство при интерконекција и пристап, наметната со решение бр.03-2358/3 од 01.04.2010 година, во согласност со член 86 од ЗЕК.

## Контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци

Согласно член 82 став 2 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр.39/2014) Агенцијата на операторот со значителна пазарна моќ „Македонски Телеком" АД Скопје му ја продолжува обврската за контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци, наметната со решение бр.03-2358/3 од 01.04.2010 година, во согласност со член 88 од ЗЕК.

## Заклучок

Врз основа на спроведената анализа, АЕК во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на Македонски Телеком АД како оператор со значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар му ги определува следните регулаторни обврски:

Обврски на големопродажниот пазар за терминални сегменти на изнајмени линии:

- **обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства,**
- **обврска за транспарентност при интерконекција или пристап,**
- **обврска за недискриминација при интерконекција или пристап,**
- **контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци,**
- **обврска за посебно сметководство при интерконекција или пристап.**

| |
|---|
| Прашање бр. 43 – Дали се согласувате со горе наведената констатација – доколку не се согласувате Ве молиме да образложите? |

Скопје, 03.10.2014

Работна група:
Кристина Божиновска - координатор
Синиша Апостолоски
Јане Јакимовски

Раководител на Сектор за анализа на пазар
Марјан Пејовски